Улрих Клепман

## Вовед

### „Повикаа работни сили, а дојдоа луѓе!“

На насловната страница на еден голем дневен весник во Германија пред неколку дена беше објавено „Замката на имиграцијата“ во Германија. Статијата се однесува на наемот на гастарбајтери во Германија, кој отпочна пред точно педесет години. По склучувањето на првиот договор со Грција и Италија во 1955 год., во шеесеттите години и Турција настојуваше да добие дозвола за испраќање на свои луѓе во Германија. Поради брзиот прираст на населението и силната миграција на селаните од Анадолија по градовите, Турција во испраќањето работни сили во Германија гледаше шанса за ублажување на социјалниот притисок во земјата. Во однос на надворешната политика аргументот на Анкара беше дека конечно е обезбедено јужното крило на НАТО и дека Грција во никој случај нема да биде оштетена. Од економска гледна точка, владата на Турција се надеваше на модернизација со повратниците, кои се беа здобиле со соодветни квалификации, а особено со



трансферот девизи на гастарбајтерите на своите семејства во татковината. Поради тоа што на почетокот важеше принципот на ротација без повлекување на семејствата, т.е. договорите со турските гастарбајтери, по правило, беа ограничени на две години, не беше предвидено повлекување на семејството и не постоеше дозвола за престој. Никој не помислуваше на некаква интеграција, бидејќи на тоа се гледаше само како на нешто „привремено“ и со ограничено траење. Тогаш германската индустрија беше онаа којашто ја присили владата да се откаже од принципот на ротација, поради нужноста од постојана обука на нови работни сили. Освен тоа, против-аргументот на претседателот на здружението на работниците Шлајер, кој беше убиен од „Фракцијата на Црвената Армија“, беше дека со повлекувањето на семејствата работникот би се ослободил од грижите и товарот и со тоа би бил поефективен. Се беа откажале од какви било интеграциони и јазични курсеви за земјата во која престојуваа на привремена работа, та на крајот привремените работници и онака кога тогаш ќе заминат. Со повлекувањето на семејствата,

како што политикологот Штефан Луфт опиша во својата книга „Патишта за излез од интеграционата криза“, започна имиграцијата во социјалните системи на Германија.

Додека Грците, Италијанците и Југословените (едно време, застапени со преку 2,5 милиони, сочинувајќи ја најголемата група гастарбајтери во Германија) главно се вратија, поголемиот дел од Турците, пред сè од економски причини, останаа во Германија. Со олеснувањето на одредбите за престој, во шеесеттите години во Германија дојдоа точно 2,8 милиони Турци. Потоа, кон крајот на седумдесеттите, започна „консолидацијата“, бидејќи стана евидентно оти многумина ќе останат. И тогаш дојде до еден вид поделба на работата, Грците и Италијанците отворија ресторани и сладоледџилници, а Турците пилјари. За разлика од Грците и Италијанците кои доста се приспособија на германското општество, без да се откажат од сопствениот идентитет, на кој упатуваа со гордост, Турците повеќе се повлекоа кон себе, без да се интегрираат. Идентитетот и интеграцијата за повеќето гастарбајтери, коишто сакаа да останат во Германија, во тоа време не беа никаков проблем, а за Германците пак, воопшто. Турците, кои не помалку беа горди на своето потекло, живееја изолирано, населбата Кројцберг во Берлин во осумдесеттите години претежно беше населена со Турци. Во деведесеттите години однenadеж се појави еден за Германците дотогаш непознат феномен: одделенија во кои половина од учениците беа Турци и кои или недоволно или воопшто не зборуваа германски! Што се беше случило? „Интеграцијата му подлегна на идентитетот“ констатира истражувачот за миграции Јирген Микиш. Германците не го препознаа тоа и дозволија една „политика на идентитетот“, која целеше кон тоа, „... дека доселениците ќе имаат позитивен став кон културата од која потекнуваат“. Настанаа паралелни заедници со делумно построги правила отколку во родните земји. Спротивностите кои порано не ги перципираа, сега јасно излегоа на виделина и, одеднаш, шамиите на глава или почнаа да пречат или да се сфаќаат како закана. Тоа дека прашањата за идентитетот и интеграција не постојат само во Германија, покажуваат и примерите во Холандија и Франција. Притоа, промашената интеграциона политика на западноевропските земји не би требало да се утврдува едноставно на основа на заблудата за спротивноста помеѓу христијанството и исламот. Ова е погрешно, бидејќи исламот има пуштено корени во Европа уште пред 500 години. Ситуацијата, за повеќето деца на гастарбајтерите од втората или третата генерација, не е така едноставна. Тие делумно живеат во конфликт помеѓу традиционалното однесување во нивните семејства и она на западното општество на земјата во која престојуваат, коешто старите сè почесто го одбиваат. Во Берлин, судскиот процес против двајцата турски браќа за убиството на сестра си предизвика големо внимание. Советот на семејството решил дека девојката мора да умре,

бидејќи според нивно мислење живеела многу западно и со тоа му нанела срам на семејството. Во последните пет години имаше повеќе од 30 такви „убиства поради чест“ на млади Турци. Исто како и во Холандија, така и во Германија политичарите мораа да признаат дека пропадна нивната политика за имиграција и интеграција. Балансот помеѓу интеграцијата и зачувувањето на идентитетот не успеа.

Наспроти тоа, Европската Унија уште од самиот почеток имаше поинакви одредби за интеграција на државите и нивниот идентитет. Она што го имаше направено заедницата (acquis communautaire) прерасна во правило за интеграција. Секој придонесува за заедницата и прифаќа дека во неа не може да ги донесе сите свои претстави и права. Досега тоа главно го одликуваше идентитетот на ЕУ. На тој начин, пред сè, настана оваа Европа којашто ја познаваме. Токму поради тоа не треба да нè зачудува тоа што оваа Европа се цени себе си, бидејќи ги познава искуствата на одделните земји во интегрирањето. Затоа апликантите не можат да сфатат зошто треба да се чека толку долго и зошто едни стануваат членки порано, отколку тие самите. Моментално во Европа се води дискусија за неа, инаку прва поинтензивна. Прашањата гласат: „Кои сме ние?“, „Што всушност сакаме и како ќе го постигнеме тоа?“ и, секако, „До каде се границите на оваа Европа?“. Не случајно политичарите на старите земји-членки на ЕУ бараат да се дефинира што ѝ припаѓа на Европа или што е европско. Турција станува мерилото за ЕУ и за она што е таа. Токму конзервативните политичари не ја гледаат Турција како држава на Европа, бидејќи има многу подолга азиска традиција и сакаат да го оспорат нејзиното членство. Други, пак, упатуваат на политичката улога која Османлиското Царство ја одигра, пред сè, на Балканот и апелираат за нејзин прием. Факт е дека Турција со приемот би станала „key player“ во ЕУ, поради својата големина, а ЕУ тогаш јасно би ги проширила границите кон Азија! Правно, ЕУ веќе се протега на три континенти, и тоа на островите и областите кои им припаѓаат на Франција, Велика Британија и на Холандија. Турција, како што велат критичарите, не може да се интегрира, бидејќи нејзиниот идентитет не го дозволува тоа. На ЕУ, всушност, многу ѝ одговара тоа што на преговорите Турција самата се блокира, оспорувајќи го признавањето на членството на Кипар во ЕУ и отворањето на нејзините пристаништа за кипарските бродови. Затоа на Оли Рен не му беше тешко да аргументира зошто дваесет од триесет и петте области за преговори се пролонгираат за понатаму. Напротив, на дипломатите на ЕУ им оди во прилог што Турција не ги исполнува нејзините барања. Од една страна, од големото проширување во 2004 год. ЕУ се здоби со важни но горки искуства, а, од друга страна, се плаши од големината на Турција, од нејзините претензии за моќ и, не најпосле, од растечкото население од моментално 70 милиони луѓе. Ова се луѓето за кои се стравува дека некогаш ќе дојдат или „ќе се слеат“

во ЕУ, како што се изрази во една прилика Тони Блер. Во тој случај, од земјите од кои тогаш се бараше повеќе, повторно ќе се бара повеќе со нивната интеграција и потрагата по нов (европски) идентитет. Ова го увиде уште швајцарскиот писател Макс Фриш, кој за наемот на гастарбајтери напиша: „Повикаа работни сили, а дојдоа луѓе!“.

**Abstract**

When Germany began recruiting migrant workers from Greece, Italy and Turkey in the 1950ies, the problem of integration was left unconsidered due to the overall view that their stay was merely temporary. In the 1970ies, when the regulations on residence were liberalized, about 2,8 million people from Turkey came to Germany, and many of them stayed for good. But instead of integrating into German society, most of them now live in some parallel society, sometimes within a framework of rules that is even stricter than in their home country. German politicians have had to face the reality of their failed migration and integration policies. The European Union, on the contrary, holds an integration tool, the acquis communautaire, which has been shaping the EU's identity. Nevertheless, the question about what is European and what belongs to Europe is often referred to, particularly in the context of a possible accession of Turkey. EU officials are quite at ease with the situation of Turkey blocking negotiations itself: It is the possible flow of people to Europe that scares them. In that case, the integration and identity problems of the EU countries would grow to an even larger extent.

# СОДРЖИНА / CONTENTS

**Вовед**
Улрих Клепман
**Introduction**
Ulrich Kleppmann

## Идентитети и интеграции / Identities and Integrations

**Замислена Европа: нужни насилства на миротворниот идентитет** ____ 11
Ана Пејчинова
**Imagining Europe: The Necessary Violence of the Peacemaking Identity**
Ana Pejcinova

**Европската призма за Балканот – менување на леќата** ____ 21
Симонида Кацарска
**Europe's Prism for the Balkan – Changing the Lens**
Simonida Kacarska

**Будењето на македонскиот национален идентитет во XIX век, преку митот за Филип и Александар Македонски** ____ 29
Иванка Додовска
**Awakening the Macedonian National Identity in the 19th Century Through the Myths of Philip II and Alexander the Great**
Ivanka Dodovska

**Теорија на граѓанскиот идентитет** ____ 39
Анастас Вангели
**Theory of the Civil Identity**
Anastas Vangeli

## Актуелно / Current

**Осврт кон Извештајот за напредок за 2006 година за Република Македонија** ____ 51
Борко Ханџиски
**Reference to the Republic of Macedonia 2006 Progress Report**
Borko Handziski

## Предизвици и перспективи / Challenges and Perspectives

**Транснационалните партии во регионалната соработка: Влијанието на Европската народна партија во Централна и Југоисточна Европа** ____ 57
Иво Санадер
**Transnational Parties in Regional Cooperation: The Impact of the EPP on Central and South-East Europe**
Ivo Sanader

**Грчко-македонскиот спор околу името во светлото на „хексагонот за решавањето на конфликтот“** ____ 67
Оливер Шварц
Хајнц-Јирген Акст
Симон Виганд
**The Greek-Macedonian Name Dispute in the Light of the “Hexagon of Conflict Resolution”**
Oliver Schwarz
Heinz-Jürgen Axt
Simon Wiegand

## Теорија / Theory

**Јас, Нас, или Born Across the World** ____ 79
Ана Чупеска
**Me, Us, or Born Across the World**
Ana Cupeska

## ЕУ интеграции / EU Integration

**Апсорпциониот капацитет на ЕУ - потребно дополнување на Копенхагенските критериуми или алиби за подигање на нов ѕид** ____ 87
Васко Наумовски
**The EU’s Absorption Capacity – a Necessary Supplement to the Copenhagen Criteria or an Alibi for Erecting another Wall**
Vasko Naumovski

**Процесот на проширувањето на ЕУ – клучен уставен моментум?** 91
Тања Каракамишева
**The Process of EU Enlargement – the Key Constitutional Momentum?**
Tanja Karakamiseva

## Меѓународни организации / International Organizations

**Од спречување и превенција на конфликти и иницијатива за враќање на довербата во Југоисточна Европа, до регионален Совет за соработка** 97
Ерхард Бусек
**From a Conflict Prevention and Confidence Building Initiative in South Eastern Europe to a Regionally-owned Regional Co-operation Council**
Erhard Busek

**ООН – Патологии, проблеми, перспективи...** 103
Татјана Петрушевска
**UNO – Pathologies, Problems, Perspectives...**
Tatjana Petrusevska

## Портрети / Portraits

**Урхо Калева Кеконен – чуварот и обновувачот на финскиот идентитет во полето на затегнатоста помеѓу западната интеграција и источното партнерство** 111
Тина Фарни
**Urho Kaleva Kekkonen – Guardian and Fosterer of Finnish Idenitity between Western Integration and Eastern Partnership**
Tiina Fahrni

## Рецензии / Recensions

**„Политички теории – антика“: Светомир Шкариќ и Ѓорге Иванов** 117
Ненад Марковиќ
**„Political Theories – Antiquity“: Svetomir Skaric and Gjorge Ivanov**
Nenad Markovic

Документи / Documents

**Нов Устав во регионот на Југоисточна Европа** 121
Дејан Павловиќ
**New Constitution in the Region of South - East Europe**
Dejan Pavlovic

За авторите / About the Authors 127

Година 4
Бр. 16
декември
Скопје 2006
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Year 4
Nº 16
December
Skopje 2006
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми | Magazine for Political-Societal Subjects

Издавачи :
д-р Ѓорге Иванов
Улрих Клепман

PUBLISHERS:
Dr. Gjorge Ivanov
Ulrich Kleppmann

Уредници :
м-р Дане Талески
м-р Сандра Кољачкова
м-р Тина Фарни
м-р Ненад Марковиќ
м-р Иван Дамјановски
м-р Владимир Божиновски
Гоце Дртковски
д-р Жидас Даскаловски

EDITORS:
Dane Taleski M.A.
Sandra Koljackova M.A.
Tiina Fahrni M.A.
Nenad Markovic M.A.
Ivan Damjanovski M.A.
Vladimir Bozinovski M.A.
Goce Drtkovski
Dr. Zidas Daskalovski

Адреса :
Фондација „Конрад Аденауер“
ул. Максим Горки 16 кат 3
МК-1000 Скопје
Тел.: 02 32 31 122
Факс: 02 31 35 290
E-mail: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

ADDRESS:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16/3
MK-1000 Skopje
Phone: 02 32 31 122
Fax: 02 31 35 290
E-mail: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија,
солидарност и цивилно општество
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 59/1/6-13
МК - 1000 Скопје
Тел. / Факс: 02 32 17 080
E-mail: contact@idscs.org.mk
Интернет: www.idscs.org.mk

Institute for Democracy, Solidarity
and Civil Society
ul. Mitropolit Teodosij Gologanov 59/1/6-13
MK-1000 Skopje
Phone/fax: 02 32 17 080
E-mail: contact@idscs.org.mk
Internet: www.idscs.org.mk

Печат:
Винсент графика
Дизајн:
Натали Николовска
Организација:
Даниела Трајковиќ
Техничка подготовка:
Пепи Дамјановски
Превод:
Ива Фиданчева и
Гордан Танасков
Лектура:
Михаил Лопарски

PRINTING:
Vinsent grafika
DESIGN:
Natali Nikolovska
ORGANIZATION:
Daniela Trajkovic
TECHNICAL PREPARATION:
Pepi Damjanovski
TRANSLATION:
Iva Fidanceva and
Gordan Tanaskov
PROOF READING:
Mihail Loparski

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот.

The viewpoints expressed in the magazine are not the viewpoints of the Foundation „Konrad Adenauer“ and the Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society. They are personal views of the authors. The publishers are not liable for the translation errors.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

Konrad
Adenauer
Stiftung

IDSCS
Institute for democracy, solidarity and civil society

# Замислена Европа: нужни насилства на миротворниот идентитет

Ана Пејчинова

Во 1998 г., Оле Вевер[1] ја разработи тезата за европското воено минато како конститутивна референтна точка за создавањето на повоениот европскиот идентитет и, следствено, идентитетот на граѓанинот на Европската Унија (ЕУ). Темата на недостасувачкиот европски идентитет се интензивира во јавниот дебатен простор посебно по гласните *поп* и *нее* на Европскиот Устав и со резултатите на Евробарометарот, кои, за почеток е доволно да се рече, конзистентно и на подолг период изразуваат акутен страв од новата Европа помеѓу нејзиното граѓанство. Во одговор на пречките кои економско-политичкиот „проект Европа“ ги сретна од сопствената внатрешност, идејата на Вевер ја разработуваат неколку автори; меѓу нив е и Томас Диез, на чија пост-структуралистичка анализа „Другите на Европа и враќањето на геополитиката“[2] делумно се базира и овој текст.

Овде ќе разлачам помеѓу темпоралниот и геополитичкиот облик на градење идентитет и ќе опишам две траектории на развој на европскиот проект, кои поаѓаат од иста референтна точка на Другост, европското насилно минато. Првата траекторија е *Европа каква што таа сака да биде*, миротворен, само-рефлективен и само-критичен ентитет; втората траекторија е *Европа каква што може да се повтори*, ентитет чија миротворност би се свела на пацификација единствено на својата територија, а насилството би се *екстернализирало*, т.е. би се проектирало на маргините на општеството и надвор од геополитичките граници на Унијата. Под „насилство“ овде подразбирам човечки потенцијал за конфликт[3]; ова вклучува физичко, економско, политичко и социјално насилство, како и насилство на негрижа, кое се состои во „оставање на другиот да умре“.[4]

---

[1] Ole Wæver. “Insecurity, Security, and Asecurity in the West European Non-war Community.” *Security Communities*. Emanuel Adler and Michael Barnett (eds.). (Cambridge: Cambridge University Press, 1998): 69–118.

[2] Thomas Diez. “Europe's Others and the Return of Geopolitics.” *Cambridge Review of International Affairs*. Routledge. Volume 17, Number 2 / (July 2004): 319–335.

[3] За разработка на односот помеѓу насилството и конфликтот, во повеќе облици, види Thomas Diez, Stephan Stetter and Mathias Albert. “Theorising the Impact of Integration and Association.” *Working Papers Series in EU Border Conflicts Studies: The European Union and the Transformation of Border Conflicts*, no. 1. Routledge. University of Birmingham (January 2004): 4–5.

[4] з„И дали убивање нужно значи усмртување? Не значи ли тоа и „да се остави да умре“? Не е ли можно „да се остават да умрат“, „да не се сака да се знае дека некој остава други да умрат“ – стотици милиони човечки битија, од глад, од сида, од недостаток на медицински тертман, и слично – да биде дел од „повеќе или помалку“ свесна и намерна терористичка стратегија?“ (Jacques Derrida. “Autoimmunity: Real and Symbolic Suicides.” *Philosophy in a Time of Terror: Dialogues with Jurgen Habermas and Jacques Derrida*. (Chicago and London: University of Chicago Press 2003): 108).

## Еден симптоматичен говор

Романо Проди, во говорот даден во Сараево на 4 април 2002, ја окарактеризирал историјата на Босна како „сумирана верзија на европската сопствена историја".[5] Главната линија на компарација за него се состои во босанската „конфронтација, национализам и екстремизам", за кои ставови и чии застапници, вели, „во обединета Европа едноставно нема место... Европската интергација ни дозволи да го отрфлиме (sic) ова тесноумие. Ние (sic) веќе не се гледаме себеси само во смисла на националност, заедница или држава...".

Проди јасно ги одделува „ние" (Европјаните) од „вие" (не-Европјаните), припишувајќи ги конфликтот, национализмот и екстремизмот на не-Европа, а миротворноста, наднационализмот и умереноста на Европа. Но, Проди не говори за една Европа која веќе постои, туку за една имагинарна Европа која (можеби) ќе биде. Ниту тој говори за една стварна Босна, туку за еден временски изолиран аспект на Босна (компарацијата помеѓу Европа и Босна можела да биде во предвоената историја на мултикултура и солидарност, на пример). Како во многу случаи, говорот повеќе кажува за говорителот отколку за адресантот. Но токму говорителот, Европјанинот ко што би сакал да настане, е тема на овој напис. Да ги погледнеме тивките претпоставки во овој говор:

Клучното разграничување во овој говорен дискурс лежи во зборот „конфликт", и имплицитното „насилство", потенцијалот за конфликт. Дискурсот од кој Проди ги гледа Европа и Босна е еден: тоа е дискурс на насилство, во кој на Европјанинот му се доделува квалитетот „ненасилен", а на не-Европјанинот квалитетот „насилен". Дискурсот на насилство, за Проди, се легитимира во заедничката историја на насилства, за Европа *како* дамно мината и отстранета за секогаш, а за Босна *како* скорешна, сегашна и потенцијално идна. Проди, на еден начин, ја повикува Босна да ги отфрли своето минато и сегашноста на насилства и да изгради едно ново миротворно „јас", по примерот на Европа.

Но, со самиот реторички акт на вакво разграничување, говорителот го поддржува продолжувањето на насилството. Како? Стандардната практика на репродукција на колективните идентитети (етнички, религиски, национални, наднационални и сл.), од постструктуралистичка гледна точка се базира на воспоставување на (најмалку) две позиции на субјектите: „ние" и „вие" (Другиот).[6] Конфликтите не се природен производ на некомпатибилни позиции на субјектот, туку се дел од (ре)продукцијата на овие позиции, чија артикулација го репродуцира конфликтот, тврдат Диез, Стетер и Алберт: „Конфликтите, следува, се остваруваат преку дискурс".[7] Од оваа перспектива, дискурсот од кој говори Проди пресудил и пред самиот говорител да проговори: „вие" е еднакво на

[5] Цитирано во Diez 2005: 327.

[6] При тоа, треба да се додаде, и „ние" и Другиот се претпоставени и имагинарни, но не и стварни ентитети; нивната критична различност не е пре-егзистентна, туку се воспоставува со реторички чин.

[7] Diez, Stetter and Albert 2004: 5.

конфликт, со самиот чин на велење: „ние“ е еднакво на „мир“. Дискурсот кој говори „Европа е мир, а вие не сте Европа“, тивко ги третира Другите на Европа како конфликтен потенцијал.

Говорот на Проди, иако тој не е гласот на Европа и е помалку самокритичен од многумина, е симптоматичен за еден поширок процес на обидот за формирање европски идентитет. Овој обид се состои во *одругување* (создавање на Другост), во гестот на оддалечување на своето минато и на различноста од себе (дијахроно од сегашноста и синхроно од просторот), при што и минатото и сегашната различност се перципираат и претпоставуваат за насилни. Директно: „Ние бевме насилни, веќе не сме и никогаш не ќе му се вратиме на насилството“. Но индиректно: „Вие, кои не сте ние, сте насилни. Во вас се гледаме себеси, во оној облик кој сакаме да го оддалечиме од себеси“. Или дури: „Во вас го гледаме она што не сакаме (веќе) да го видиме во себе“. Овој гест на означување на „јас“/”ние“ како дистанцирање од насилството (сопствено и туѓо) е насилен сам по себе, и тоа во двојна смисла: тој е самонасилен (го оневозможува говорителот да ја препознае сопствената насилност – во најмала мера, да врши насилни реторички акти) и е насилен кон другоста (му го припишува насилството како клучен квалитет на Другиот).

## Геополитички и темпорален Друг

Најчесто, постструктуралистичките теории за формирање на идентитетот се базираат на диференцијација помеѓу синхрона Другост, каде идентитетот се јавува како збир на негативни дефиниции („јас сум она што не е Другиот“). Ова се нарекува и геополитичко одругување, бидејќи дистанцата помеѓу „нас“ и „вас“ е материјализирана во меѓудржавни граници. Така, геополитичките Други на Европа можат да бидат САД, Русија, исламските земји итн. Геополитичкото одругување е еден од клучните аспекти за создавање суверен национален идентитет, а со тоа национална држава или државна унија. Но, чинот на воспоставување еднонационален хомоген ентитет е двојно насилен: тој насилно отуѓува не само геополитички ентитети туку и интегрални аспекти од сопственото „јас“, а и ја потиснува хетерогеноста во сопствените граници. Геополитичките граници понатаму служат со својата сила да ја одржат различноста помеѓу националното јас и Другите надвор.

Нешто помалку истражувана социо-политичка појава е дијахроната различност, каде колективниот идентитет се создава со негативна дефиниција на едно претходно „јас“, а конститутивните принципи на самосоздавање се бараат во она што е спротивно на оразличеното (старо и отфрлено) „јас“. Наспроти геополитичкиот облик на одругување, Диез го разработува концептот на темпоралниот Друг, на европското сопствено минато како најбитен и најповолен аспект за конструкцијата на европскиот идентитет.[8] Диез ја дефинира конструкцијата на идентитетот со темпорално одругу-

---

[8] Diez 2004: 319.

вање како *само-рефлективна*: таа не претставува како закана друга синхрона група, туку сопственото дијахроно јас, себе во минатото.[9]

## Конфликтен идентитет

Ниту темпоралното само-одругување не е лишено од себе-насилство: поблаг облик на насилство нужно се користи да се отстрани негов погруб облик. Така, Европската Унија наметна внатрешни санкции против Австрија во 1999 г., кога десно-ориентираната Либерална партија (FPO), обвинета за расистичка политика, создаде коалициска влада. Сепак, без санкции, а и без јавна дискусија, остануваат други земји-членки кои промовираат слична политика со расистичка обоеност (пр. кон имиграција или малцинства, како Данска и Грција).

Само-рефлективниот гест на отфрлање на своето минато насилство е уште попроблематичен. Колку Европа е навистина ненасилна по Втората светска војна? Поточно е да се каже дека е сè помалку насилна, но не и сосем ненасилна, како што дискурсот на Проди би сакал да ја претстави. Од милитаризираните конфликти можат да се споменат, на пример, француската репресија на Алжир од 1954-та до 1962-та, ирскиот, баскискиот и француско–корзиканскиот конфликт, или скорите конфликти во француските предградија. Дали учеството на Велика Британија во инвазијата на Ирак, на пример, ќе се смета за милитантно државно насилство за десетина години? И дали за насилство се смета само конвенционална војна, кога современите преферирани облици на насилство се изменети (пр. економско наместо физичко уништување, тајни воени интервенции и финансиско-логистичка поддршка на оружени движења во други земји, економски санкции и културна хегемонија по пат на контрола на интернационалните медиуми и монополизирање на протокот на иформации... и, за жал, така натаму)? Англија и Франција се во првите пет земји извознички на лесно оружје во светот (после САД, Кина и Русија). Европските земји се меѓу главните крајни дестинации на светските патишта на дрогата и се меѓу главните консуматори на наркотици, а со тоа индиректни иницијатори на насилства другаде. Во меѓувреме, во Унијата расизмот се заменува со културна ксенофобија,[10] мултикултурата е во криза, националистички политички платформи циклично победуваат на демократски избори.[11]

Насилството, значи, е сè уште во Европа, иако некои негови конвенционални облици се во опаѓање. Сепак, миротворниот замислен идентитет на Европа и немирната стварност ја претставуваат природната и нужна развојна тензија помеѓу она што би требало да биде и она што е. Диез го оценува темпоралниот облик како помалку наси-

[9] Ibid., 2004: 321.

[10] За новите облици на културно насилство во Европа, види: Robert Miles. “Racism International.” *Journal of Cultural Policy,* vol. 9(2). Routledge, London (2003): 167–183.

[11] Во Чешка, Словачка, Полска, но и Австрија, Данска и Франција, се бележи пораст на рејтингот на популистичките партии и, соодветно, на нивните парламентарни квоти на изборите. Види: Anders Hellstrom. “Brussels and Populism”. *The European Legacy*, Vol. 10, no. 2. Routledge (2005): 217–231.

лен, помалку антагонистички или исклучив од вообичаениот геополитички и културен облик на одругување, поради поотворениот облик на „јас" кое овој го бара и поради циркуларниот акт на самосоздавање кој го произведува[12] („ова што денес го создавам како „јас" утре критички ќе го разгледам, ќе се стремам да го променам, и, соодветно, утрешното „јас" ќе биде поусовршена, различна верзија на мојата денешност"). Ова е Европа која не е, но Европа која може да биде, посакуваната Европа на Диез, Вевер и нивните едномисленици.

## Млак барометар

Водечките мислители, сепак, не се гласачкото тело на Унијата. Токму недовршеноста и отвореноста на новиот ЕУ идентитет, кои миротворните мислители ги застапуваат, не влеваат доверба кај просечниот граѓанин на Унијата. Релативната стабилност и затвореноста на националниот идентитет, во период на промени и несигурност, стануваат емотивно попривлечни од нестабилноста на непостоечкиот, неконтролираниот и недовршивиот идентитет на замислената Европа.

Поддршката на членство во Унијата од 1995 до 2006 г. упорно варира околу 51–52%, со мала тенденција на покачување.[13] Последните истражувања на Евробарометарот[14] конзистентно укажуваат на „скоро никакво познавање"[15] на другите земји-членки и на самата Унија, и на страв за личната иднина во Унијата. Позитивните очекувања се главно „дефанзивни",[16] т.е. искажани во облик „да се задржи она што се има". Општата клима е „обележана со несигурност и со некои мошне длабоки грижи".[17] Негативните перцепции и очекувања се врзуваат за недовербата кон политичките елити за чиј производ се смета Унијата, посебно во нејзината проширена верзија, отсуството на директна демократија и намалувањето на граѓанско влијание врз колективните одлуки[18]; недовербата дека Унијата ќе се грижи за граѓаните еднакво добро како националата влада, стравот од економско влошување, распад на системот на социјална заштита и на социјалното ткиво, ослабување на националниот идентитет и губење на референтни норми и вредности.[19]

Стравот од непознатото, од новото и туѓото, во овој период е нешто што ги поврзува старите и новите членки на Унијата. Иако Евробарометарот можеби опишува природна контракција која доаѓа по нагла експанзија, ова можеби говори за една друга посакувана Европа, со потенцијал да биде помалку страшна за сопственото граѓанство, популарно попривлечна од онаа на Диез: една геополитички изградена Евро-

[12] Тој појаснува дека „модерната територијална држава може да биде склона кон насилни облици на одругување бидејќи го врзува идентитетот за одредена територија и на тој начин наметнува централизација и хиерархија на идентитетот" (Diez 2004: 322).

[13] Последните резултати се поотимистички: цели 55% „за" ЕУ. Еуробарометер 65. "Public Opinion in the European Union." (July 2006): 9. http://europa.eu.int/comm/public_opinion/ (accessed November 20, 2006).

[14] Eurobarometer. "The European Citizens and the Future of Europe: Qualitative Study in the 25 Member States" (May 2006b). http://europa.eu.int/comm/public_opinion/ (accessed November 20, 2006).

[15] Ibid., 11.

[16] Ibid., 17.

[17] Ibid., 7.

[18] Ibid, 23.

[19] Ibid., 22.

па, со непропусни граници, дефанзивна во однос на Другиот и сотворена како агрегат на „тврди" национални идентитети.

## Екстернализација на насилството

Денес Европа, би можело да се забележи, е зафатена во двоен процес: само-рефлективно откажување од милитаризираното насилство како средство за разрешување на конфликти, но и не-саморефлективна „екстернализација на насилството". Овој нов поим бара да се разработи:

Под *екстернализација на насилство* подразбирам процес на трансфер на насилни активности (од воен, економски, политички, културен, еколошки и „негрижлив" облик), од една страна, на маргините на заедницата внатре во Унијата и, од друга страна, надвор од границите на Унијата. Ова опфаќа екстернализација на физичко насилство (пр. тајни воени интервенции, економско профитирање од туѓи војни, спонзорирање на странски милитаризирани фракции), екстернализација на економско насилство (пр. користење на странски банки и избегнување на данок во *tax haven* земји, користење малолетна и евтина работна сила без социјална заштита), есктернализација на ирационалноста (пр. религиозно и етничко насилство) и неморалноста (пр. секс–туризам). Под екстернализација не подразбирам едноставно извоз на продукт или практика, туку отуѓување на самиот дискурс на насилност, на *перцепцијата на можноста* за насилни практики, преку внатрешните социјални маргини и геополитичките граници. Оваа можност (и *априори* сомнеж за пракса) им се припишува исклучиво на Другите, додека сопствената позиција се смета за лишена и од неа.

Колективниот идентитет изграден со екстернализација на насилството се дефинира себеси, значи, како отфрлање на насилниот Друг на маргините на сопствената заедница и преку геополитичките граници. Ваква е не-рефлективната, потенцијално самоуништивачка димензија на Европа – самоуништувачка со тоа што ги зголемува, неутрализира и изолира сопствените маргини,[20] го потиснува сопствениот потенцијал за хетерогеност и ги изолира аспектите од себеси кои се во Другиот. Не-рефлективноста произведува и *двоен стандард*: она што се поставува како норма на однесување за други земји не се практикува внатре во Унијата (пр. малцинствата во Грција), не се анализира и не се менува.[21] Маргинализацијата, изолацијата, отуѓувањето, конфликтите, црната економија, невработеноста, нееднаквоста, неслободата, неморалот, сиромаштијата и ирационалноста –

[20] Зголемувањето на маргините се перципира со страв помеѓу европското граѓанство (Евробарометар 2006б: 8): на пример, исчезнувањето на средната класа во голема мера се случува со зголемување на подкласниот (работно неспособен) слој, довчерашната работна сила се наоѓа одеднаш без работа, на маргините на сопствената заедница.

[21] Евробарометарот (2006б: 22) укажува и на внатрешна перцепција на меѓудржавно насилство во Унијата, каде некои членки (издвоени се, на пример, Франција, Германија и Велика Британија) се критикуваат како „доминантни, дури и империјалистички... појава која предизвикува силно чувство на нееднаквост, ако не и на неправда: „силните" држат премногу влијание на штета на „малите" земји... а исто и диспаритетот во следење на регулациите на Заедницата, „неволноста" и „неказнивоста" на одредени земји...".

овие не се само во европското минато туку се во средиштето на европската „зона на мирот" *како нејзин интегрален дел*. Екстернализацијата, следува, е решение кое истовремено е и проблем, на начин кој воопшто не е нов.

## Историско повторување или отворање

Геополитички дефинираното градење колективен идентитет преку екстернализација на Другиот сомнително наликува на повторување на историскиот преврат од пред-националните заедници кон национално-државните. За тој период, националниот идентитет бил иновација и, како сврзно ткиво на државата, бил наметнат над омеѓената територија. За Томас Хобс,[22] монополизација на насилството во рацете на државата било решение за спротивставени локални (религиски, етнички, кландски) идентитети чија постојана меѓусебна војна била проклетството на тогашното секојдневие. Но, насилството кај Хобс не е отстрането, туку е само *екстернализирано на меѓудржавно ниво*. Иако модерната држава го намалила бројот на локални конфликти на својата територија, самото нејзино успешно функционирање овозможило војни во поголеми, меѓудржавни размери, со кулминација во двете светски војни. Така, националната држава денес се смета често за поголем проблем одошто решение. Значи, доколку идната Европа се конструира на база на геополитички евроидентитет со екстернализација на насилството, би требало да се очекува наметнување на евроидентитетот како сврзно ткиво на Унијата, кој ослободува потенцијал за еврокулутурна хегемонија, евронационализам и понатамошно екстернализирање на внарешното насилство.

Затоа Диез го осудува враќањето кон геополитиката; вака конструирана, би се создала една Европа чија иднина би била историско циклично повторување на институционализирано и легитимирано насилство. Од друга страна, темпоралниот облик на градење идентитет е во склад со една идна Европа која има нова иднина, која создавајќи се, не создава и семе на уништување. Таа Европа не е лишена од насилство, туку е активно миротворна, интегративна наспроти ексклузивна, во однос на конфликтите во своите граници и надвор од нив. Ова е нешто што би го нарекла *замислена Европа*, замислена на два начина: имагинарна (олицетворение на вредности кои никогаш не можат потполно да се актуализираат, но ја вертикализираат траекторијата на развој на европскиот ентитет) и замислена сама над себе (критички само-набљудувачка и само-рефлективна, и активно само-конструктивна).

Жак Дерида смета дека оваа Европа би можела да биде „перспектива отворена кон усовршување",[23] која, за него, е суштинската уникатност на Европа во рамки на светот и историјата, а е поважна од праша-

[22] Thomas Hobbes. *Leviathan*. C.B. Macpherson, (ed.) (Harmondsworth, England, Penguin, 1968).

[23] Derrida 2003: 114.

њето на геополитичките и културните граници на Европа. Ваквата „Европа“, имагинарен конструкт во самозамислено преконструирање, постојано недовршен проект предаден на своето усовршување, е идејата на институционализираното миротворство. Прашање е во кој степен овие две идни Европи, геополитичката и отворената, се компатибилни.

## Македонска екстернализација

Со освртот кон Македонија, ќе мораме да завршиме со тажна нота. И Македонија, како и Босна, непријатно ја потсетува Европа на нејзиното насилно обоено минато кое Европа решително сака да го острани од себе. Оваа асоцијација ја поддржуваат и европскиот Продиевски дискурс на насилство и македонската реалност, зафатени во затворен круг. Прашањето кој го отпочнал овој круг личи на прашањето на јајцето или кокошката, иако е несуштинско при барањето решение. Да го илустрираме ова со еден пример:

Македонија е екстернализирана од страна на Унијата со еден симптоматичен облик на насилство: визниот режим. Овој ни е наметнат да се спречи приливот на нелегални и криминални економски мигранти, служби и стока, т.е. визите би требало да ја одбранат Европа од нашиот насилен потенцијал. Обратното се случува почесто од посакуваното: додека ненасилните патници често се попречени да патуваат, веројатно најпопуларниот национален извозен продукт ни е токму криминалот. Но, без мобилност, развојот на легалниот економски и образовен потенцијал се осакатува и посакуваното европеизирање на Македонија се попречува. Легалното економско осиромашување го поддржува развојот на сивата и црната економија, македонските граѓани имаат посилна мотивација да ја напуштат земјата и следува *braindrain* и транснационален криминал – наша сопствена непланирана и несакана екстернализација на „најдоброто и најлошото од Македонија“ (што води кон формирање на еден непланиран и несакан македонски колективен идентитет, неповолен и од домашна перспектива и од перспектива на Унијата). Би можело да се изведе логичен заклучок дека визниот режим ја поддржува деевропеизацијата на Републиката и посредно го поддржува развојот на криминалот.

Во овој период, европскиот дискурс кој ни се наметнува (и претежно нè гледа како природен ресурс на насилство) во голема мера се потврдува со домашната реалност. Наспроти перпетуацијата на внатрешни конфликти, потребно е критична маса на граѓанството, со акцент на одлучувачите, да се самозамисли над реалноста на сопственото насилство (политичко, економско, криминално, социјално и „негрижливо“) за да стигне до гестот на миротворност, прво само кон себе, а потем кон својата околина (сограѓаните, соседството и ЕУ). Градењето на македонството би било покреативно ако се втемели во критичко преиспитување на својата имагинативна фиксираност на геополитичка интеграција со Унијата и на стварната фиксираност на внатрешно меѓусебно насилство.

*Клучни зборови: Европа, идентитет, насилство, геополитика, екстернализација*

**Abstract**

The project of creation of a common European identity may take two directions: *geopolitical* and *temporal*. The geopolitical strategy of identity formation is based on *othering* projected across the geopolitical boundaries. It is identical to the strategy of building national state identity, a solution to local problems and simultaneously a bigger problem, evaluated as far more conflicting and more violent than the temporal strategy of identity building. The latter takes its own *past self* for its Other, i.e. its temporally differentiated "I". The new identity is formed by critical reflection upon one's own past and is characterized by a perspective of continual opening. While some leading minds warn against the negative consequences of a geopolitical Europe and advocate temporal self-reflective strategy, its aspects of incompletion and openness are not popularly attractive to the general population of the Union. Unreflective propagation of geopolitically differentiated identity leads to *externalization* of European violence at the margins and across the borders of the Union. The Macedonian position is analyzed as a propagation of the discourse of violence, an object of the European externalization and a subject of its own violent processes.

**Библиографија:**

Wæver, Ole. "Insecurity, Security, and Asecurity in the West European Non-war Community." *Security Communities*. Emanuel Adler and Michael Barnett (eds.). Cambridge: Cambridge University Press, 1998: 69–118.

Diez, Thomas. "Europe's Others and the Return of Geopolitics". *Cambridge Review of International Affairs*. Routledge. Volume 17, Number 2 / (July 2004): 319–335.

Diez, Thomas, Stephan Stetter and Mathias Albert. "Theorising the Impact of Integration and Association". *Working Papers Series in EU Border Conflicts Studies: The European Union and the Transformation of Border Conflicts*, no. 1. Routledge. University of Birmingham (January 2004): 4–5.

Derrida, Jacques. "Autoimmunity: Real and Symbolic Suicides". *Philosophy in a Time of Terror: Dialogues with Jurgen Habermas and Jacques Derrida*. Chicago and London: University of Chicago Press 2003: 108.

Miles, Robert. "Racism International". *Journal of Cultural Policy,* vol. 9(2). Routledge, London (2003): 167–183.

Hellstrom, Anders. "Brussels and Populism". *The European Legacy*, Vol. 10, no. 2. Routledge (2005): 217–231.

Eurobarometer 65. "Public Opinion in the European Union". (July 2006a): 9. http://europa.eu.int/comm/public_opinion/ (accessed November 20, 2006).

Eurobarometer. "The European Citizens and the Future of Europe: Qualitative Study in the 25 Member States" (May 2006b). http://europa.eu.int/comm/public_opinion/ (accessed November 20, 2006).

Hobbes, Thomas. *Leviathan*. C.B. Macpherson (ed.). Harmondsworth, England: Penguin, 1968.

# Европската призма за Балканот – менување на леќата

Симонида Кацарска

Историските промени од крајот на минатиот век, кои го означија падот на комунизмот, имаа клучно значење за новите држави кои се создадоа со распадот на мултиетничките федерации. Овие млади држави, доста несигурно, паралелно со политичката, економската и социјалната трансформација, транзитираа и низ процесите на градење на нација и држава. Во овој контекст, чувствата на националниот идентитет честопати беа злоупотребени за катализирање на меѓуетнички конфликти, како што беше случај со војната на поранешните југословенски простори. Од друга страна, пак, крвавиот распад на Југословенската Федерација совршено се вклопи во веќе постоечките западноевропски ментални слики за примитивноста на балканските народи. Притоа, меѓуетничкото насилство и етничкиот сепаратизам кои го одбележаа овој процес станаа синоними на терминот Балкан.

Во истиот период, останатиот дел на Европа минуваше низ зенитот на процесот на интеграција и проширување. Централно и источноевропските земји од поранешниот комунистички блок навистина брзо успеаја да изградат консензус за нивното членство во Унијата. Овие два процеси, кои се одвиваа симултано на Балканот и во Европа, имаат во основа спротивен карактер. Притоа, пост-комунистичкиот дискурс во Европа во голема мера се изгради на спротивставеноста меѓу карактеристиките на Балканот и Европа, т.е. балканскиот и европскиот идентитет. Поради ова, Балканот во 90-тите години несомнено одигра голема улога во себедефинирањето на Европа, бидејќи идентитот, како социјална конструкција базирана врз себепознавањето, не може да постои без свесноста за постоењето на другите или другото.[1]

Денес, речиси две децении по падот на комунизмот, сведоци сме на официјалното помирување помеѓу Европа и Балканот. Самитот на Европската Унија (ЕУ) во Солун во 2003 година, на кој ЕУ ја изрази својата подготвеност да ги отвори портите за полноправно членство на балканските земји, претставува клучен настан во оваа насока. Подготовката на овие земји за интеграција во европските структури е главен приоритет и за ЕУ, бидејќи целосното обединување на Европа е условено од членството на балканските држави во Унијата. Во таа насока, повеќето од балканските земји веќе се приспособуваат

[1] Kristina Balalovska, *Between “the Balkans” and “Europe”: A study of the contemporary transformation of Macedonian identity, 1991–2002,* New Balkan Politics, 6 (2003).

или го наоѓаат своето место во рамките на претпристапните механизми на ЕУ. Иако со релативно бавно темпо, сепак, повеќето од овие земји започнаа со прилагодување на своите општества кон европските стандарди и норми. Политичкиот дискурс во овие земји е основан на желбата за присвојување на „позитивните“ европски вредности, што неминовно ќе влијае како на националните така и на регионалните идентитети.

Членството во ЕУ како крајна цел на овие земји ќе предизвика необична синергија меѓу широко прифатените карактеристики на балканскиот и европскиот идентитет. Krastev, Popov и Gurkovska нагласуваат дека, и покрај меѓусебната спротивставеност, единствениот начин на кој Европа може да продолжи со својата интеграција е проширување кон Балканот.[2] Интеграцијата на овие земји во ЕУ ќе иницира промена на клучните особини на балканскиот и европскиот идентитет, но и во перцепцијата за Балканот во ЕУ.

## Балканот – поглед однадвор

Дефинирањето на границите на Балканот како географски и историски регион е, секако, од суштинско значење при анализата на идентитетот гледан како однатре, така и однадвор. Сепак, неопходно е да се истакне невозможноста за прецизно дефинирање на државите кои припаѓаат на Балканот користејќи традиционални критериуми како, на пример, географските, културните, историските и религиозните карактеристики. Todorova, на пример, од традиционалните држави на Балканот ја исклучува Словенија поради тоа што истата не била под влијание на Отоманската Империја. Huntington, пак, користејќи ги јазикот и религијата како главни критериуми, ја исклучува и Хрватска од нејзиното припаѓање на Балканот.[3] Токму поради политичките импликации на таквата класификација, особено проблематично е да се направи објективна категоризација на земјите кои припаѓаат на Балканот. Во оваа анализа, терминот Балкан се однесува на територијата на доминантно прифатениот географски регион.[4] Терминот Западен Балкан, пак, согласно терминологијата на ЕУ, ги исклучува Словенија, како тековна членка на ЕУ, како и Романија и Бугарија, кои за помалку од еден месец ќе станат држави членки на Унијата.[5]

Токму поради овие несогласувања, Larry Wolff и Maria Todorova во своите студии потенцираат дека Балканот не треба да биде сфатен како историски и географски регион, туку како замислен простор, конструиран и измислен од западните историчари, интелектуалци и новинари.[6] Нивната работа е под јасно влијание на таткото на ориента-

---

[2] Ivan Krastev; Stefan Popov; and Julia Gurkovska, *Eastern Europe After Kosovo 2010: The Balkans after Kosovo,* East European Constitutional Review, 8, Number, 3 (1999).

[3] Samuel Huntington, *The Clash of Civilizations and the Remaking of the World Order* (New York: Touchstone, 1997).

[4] Регионот ги опфаќа Албанија, Бугарија, Грција, Романија, Словенија, Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина.

[5] Западен Балкан ги означува следниве земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска и Косово (дефинирано според Резолуцијата 1244 на Обединетите нации).

[6] Види Maria Todorova, *Imagining the Balkans* (Oxford: Oxford University Press, 1997); Larry Wolff, *Inventing Eastern Europe: The Map of Civilisation on the Map of Enlightenment* (Stanford: Stanford University Press, 1994).

лизмот Едвард Саид, кој, анализирајќи го западноевропскиот дискурс за Ориентот, заклучува дека Западот во Ориентот го гледа „другото“ т.е. варварското. Ваквото гледиште, пак, на Ориентот, во основа го поткрепува себедефинирањето на Западот како супериорна цивилизација.[7] Wolff и Todorova ја модифицираат оваа идеја на Балканот, конципиран како замислен простор за себедефинирање на Европа наспроти „другото“. Сепак, суштинската разлика, според Todorova, помеѓу *балканизмот* и *ориентализмот* е тоа што Балканот, иако лоциран на периферијата, сепак се наоѓа во Европа. Поради ова, Балканот и покрај својата географска припадност стана сенка на Европа, европска анти-цивилизација, или омрзнатото алтер-его на Европа.[8]

Поаѓајќи од *балканизмот* како општо прифатена призма за разбирањето на Балканот, вооопшто не е изненадувачки фактот дека перцепцијата за Балканот однадвор е под силно влијание на историските стереотипи како примитивен и конфликтен регион. За несреќа, историските стереотипи го формираа и ставот за Балканот на меѓународните релевантни фактори кон крајот на 20-тиот век. Најпознатиот пример во оваа насока е препечатувањето на Извештајот на Карнеги комисијата за балканските војни во 1993 година, под изменет наслов *Другите балкански војни.*[9] Robert Kaplan, како еден од највлијателните и најчитани автори, во својата книга *Балкански духови* мошне храбро констатира дека нацизмот има корени на Балканот и дека историјата во овој дел на Европа не еволуира.[10] Британскиот новинар Simon Winchester во 1999 година прави паралела помеѓу географските карактеристики и карактеристиките на дивите луѓе на Балканот.[11] Во истиот овој период, BBC го подготви и серијалот *Смртта на Југославија,* според кој потеклото на терминот и практиката на етничко чистење го лоцира во војните на овие простори.[12] John Allcock, анализирајќи ги овие студии за Балканот констатира дека целта на повеќето од овие истражувачи, напротив, не е истражувањето, туку лоцирањето на виновникот, што честопати завршува успешно.[13]

Ваквата стигматизација предизвикува обиди за дистанцирање на повеќето балкански народи што е можно подалеку од Балканот, особено во контекстот на нивните аспирации за членство во ЕУ.[14] Хрватска, на пример, тежнее да се издигне над своите „назадни“ балкански соседи, и да се дефинира себеси како *европска,* наспроти нив. Овој обид најчесто се врши со себедефинирање на Хрватите како попрогресивни, напредни, вредни и толерантни, наспроти примитивните

[7] Види Edward Said, *Orientalism* (New York: Vintage Books, 1979).
[8] Todorova (1997):18.
[9] Carnegie Endowment for International Peace*, The Other Balkan Wars: A 1913 Carnegie Endowment Inquiry in Retrospect with a New Introduction and Reflections on the Present Conflict by George F. Kennan* (Washington: Carnegie Endowment for International Peace, 1993).
[10] Robert Kaplan, *Balkan Ghosts* (New York: Vintage Books, 1993).
[11] Simon Winchester, *The Fracture Zone: A Return to the Balkans* (London: Viking, 1999): 3.
[12] Laura Silber and Adam Little, *The Death of Yugoslavia* (London: Penguin Books, 1995).
[13] John B. Allcock, *Explaining Yugoslavia* (New York: Columbia University Press, 2000).
[14] Види Maple Razsa and Nicole Lindstrom, *Balkan Is Beautiful: Balkanism in the Political Discourse of Tudjman's Croatia,* East European Politics & Societies, 18, No. 4 (2004): 628–650.

и нетолерантните соседи.[15] Романските политичари и академици во текот на 90-тите години гласно ја поддржуваа тезата дека Романија припаѓа во Централна Европа, наместо на Балканот.[16] Оваа практика, која Milica Bakic-Hayden ја анализира и формулира како *вгнезден ориентализам,* се забележува во повеќето земји од поранешниот комунистички блок. Преку потенцирањето на својата припадност во Европа, се поместува менталната граница меѓу Западот и Истокот. Во овој дискурс, Централна Европа е нај-европска, додека Русија и, во моментот, Западниот Балкан се нај-ориентални.[17] Овие земји, пак, како што знаеме, невозможно е да ја избегнат етикетата „балкански“. Поради тоа, неопходно е неутрализирање на негативната конотација на терминот Балкан.

## Погледот на ЕУ кон Балканот – еволуција

Различните механизми и востановени односи помеѓу ЕУ и Балканот го моделираат меѓусебното разбирање помеѓу овие два ентитети. Сепак, несомнено е дека во почетокот на 90-тите години на минатиот век, војната во Југославија ја ревитализира историската слика за Балканот како алтер егото на Европа. Притоа, Балканот во овој период одигра клучна улога за јакнење на европскиот идентитет преку идентификација на војната во поранешна Југославија како закана на европската безбедност. Во оваа насока, интеграцијата во Унијата во политичката сфера честопати беше поддржана токму од перцепцијата на опасност која потекнува од Балканот. Внатрешниот идентитет на Унијата се јакнеше со делегирање на одговорност на ЕУ (во тоа време Европската заедница) за решавање на кризата во Југославија. Hans Van Den Broek во 1991 потенцираше дека демократското срце на Европа (читај ЕУ) се фокусира на настаните во Југославија, бидејќи истите ќе влијаат на регионот, како и Европа.[18] Слична аргументација користат европските лидери во почетокот на 90-тите години, потенцирајќи ја историската одговорност на ЕУ да продожи со проширувањето на Исток, наспроти силите на разединувањето кои доаѓаат од Балканот.

По војната во Југославија, европеизацијата на Балканот се појави како концепт во дискурсот на ЕУ. Во овој процес, ЕУ ја има улогата на генератор и главен агент на европеизацијата, при што културата и идентитетот, како што вели Балаловска, се дефинирани во однос на структурата на Европската Унија.[19] Во периодот до 1997 година, ЕУ се себедефинира како фактор на стабилност во регионот. Дискурсот во овој период е заснован на употреба на неизбежните дихотомии, како на

[15] Milica Bakic-Hayden and Robert Hayden, *Orientalist Variations of the Theme Balkans: Symbolic Geography in Recent Yugoslav Cultural Politics,* Slavic Review, 51 (1992): 1–10.

[16] Elena Zamfirescu, *The Flight from the Balkans,* Südosteuropa 44, No. 1 (1995): 51–62.

[17] Bakic-Hayden and Hayden (1992).

[18] Hans Van den Broek, цитиран во Mika Luoma-aho, *Europe as a Living Organism: Organicist Symbolism and Political Subjectivity in the New Europe,* PhD thesis, University of Newcastle upon Tyne, September, 2002 [Интернет извор] www.ulapland.fi/includes/file_download.asp? deptid= 10128&file=20030811100150.pdf.

[19] Балаловска (2003).

пример интеграција наспроти фрагментација, т.е. европеизација наспроти балканизација. Притоа, сè до втората половина на 90-тите години, воопшто не се појавува можноста за членство во Унијата на земјите од Балканот. Единствениот сегмент во кој ЕУ го разгледува Балканот е, пред сè, во однос на потребата за внатрешно зацврстување на Унијата, со оглед на заканите кои доаѓаат од Балканот. Слично на ова, Loukas Tsoukalis во 1994 потенцира дека ЕУ претставува единствениот важен и цврст сегмент на европската архитектура, која има одговорност како регионална сила да одигра значајна улога на Балканот, како дел од континентот каде економските слабости, политичката нестабилност и етничката хетерогеност можат да произведат експлозивна мешавина.[20]

Пресвртот во односите меѓу ЕУ и Балканот (сега веќе Западен Балкан) настанува несомнено во 1997, со воведувањето на регионалниот пристап на Унијата кон овие земји. Со воспоставувањето на следниве критериуми: почитување на демократските принципи, човекови права, владеење на правото, пазарна економија и регионална соработка, се дефинираа контурите на односот меѓу Западниот Балкан и ЕУ. Сепак, сè до 1999 година немаше сигнал за воспоставување институционализиран механизам и процедури за регулирање на односите со земјите на Балканот. Најважната карактеристика на овој период е потенцирањето на можноста на членство во ЕУ доколку овие земји можат да го одржат мирот во своите општества. Условеноста со мир е една специфика на односот меѓу ЕУ и Западниот Балкан, која што не беше забележана во ниту еден случај со претходната група држави – кандидати за членство.

Во 1999 година се востановија принципите на Процесот на стабилизација и асоцијација (ПСА), кој сè уште претставува рамка во која се развиваат односите меѓу ЕУ и Западниот Балкан.[21] Анализа на последователните извештаи за напредокот на ПСА јасно ја илустрира еволуцијата на официјалниот дискурс на ЕУ во однос на Западниот Балкан. Во 2002 година, со првиот Извештај на напредокот на ПСА, Европската комисија (ЕК) наведува дека критичките слабости во владеењето на правото и демократските институции, ендемската корупција, како и заканата од повторно издигнување на екстремни форми на национализам претставуваат сериозни закани.[22] Овие остри критики за опасноста од национализам, како една од клучните карактеристики на прифатените стереотипи за Балканот, се појавуваат само во Извештајот од 2002 година. Исто така, ова и е единствениот извештај кој сè уште ја потенцира заканата од Балканот кон Унијата. Наредниот

[20] Loukas Tsoukalis, *The European Community and the Balkans,* in F. S. Larrabee ed., The Volatile Powder Keg (Washington: The American University Press, 1994): 230–231.

[21] Види *Communication from the Commission to the Council and the European Parliament of 26 May 1999 on the Stabilisation and Association Process for Countries of South-Eastern Europe* [извор од Интернет] http://europa.eu/scadplus/leg/en/lvb/r18003.htm.

[22] Report from the Commission, *The Stabilisation and Association Process for South East Europe,* First Annual Report [извор од Интернет] http://ec.europa.eu/enlargement/key_documents/sap_en.htm.

Извештај за напредокот во ПСА од 2003 година, пак, наспроти критиките, се фокусира на вредностите на ЕУ кон кои тежнеат државите од Западниот Балкан. Во Извештајот, исто така, се потенцира дека усвојувањето на вредностите на ЕУ е во интерес на земјите од Западниот Балкан.[23] Третиот Извештај за напредокот на ПСА, издаден во 2004 година, ги потенцира напорите за реализирање на преземените обврски и регионалната соработка.[24] Јазикот и препораките на овие извештаи со кои ЕУ го оценува прогресот на Западниот Балкан, од институционализацијата на ПСА, покажуваат квалитативна промена во ставот на ЕУ кон Балканот. Перцепцијата на Балканот како закана за Унијата е заменета со перцепција на овој регион како потенцијален, меѓутоа и неопходен регион за конечното обединување на Унијата.

Со ПСА, во секој случај, се направи квалитативен пресврт во односите меѓу Унијата и Балканот. Несомнено е дека по проширувањето од 2004 година, во ЕУ владее страв од проширувањето со нови членки (читај: Западен Балкан) кои се историски поврзани со конфликти. Сепак, сумарно гледано, дискурсот на политичарите, како Тони Блер, кои го нарекоа Балканот *тремот на Европа,* е веќе минато. Во официјалниот јазик на ЕУ, и покрај трагите од *балканизам,* евидентна е квалитативната промена. Оваа промена најјасно се забележа во реториката на поранешниот претседател на ЕК Романо Проди, кој постојано потенцираше дека историскиот процес на обединувањето на Европа нема да биде потполн сè додека земјите од Балканот не станат членки на Унијата. [25] Оваа измена во дискурсот, несомнено, претставува квантен скок во однос на официјалниот јазик на ЕУ кон Балканот од пред десетина години.

## Денес....

Следејќи го 16-годишниот развој на односите меѓу ЕУ и Балканот, јасно е дека перцепцијата на Унијата за Балканот како регион претрпе квалитативни промени. До 1997 година, Балканот е примарно анализиран низ призмата на Балканизмот како доминантна ментална мапа. Поради тоа, Балканот, пред сè, се прикажува како проблематичен дел на Европа, а честопати се споменува и како извор на закана. Институционализирањето на формите на соработка меѓу ЕУ и Балканот од 1997 година предизвикува клучни промени во разбирањето за Балканот како замислен регион. Главен двигател на оваа промена е ПСА, како и Солунскиот самит на кој ЕУ недвосмислено ја потврди политиката на отворена врата за членство. Во таа насока, се менуваат официјалниот јазик и дискурсот на претставниците на ЕУ во однос на Балканот. Неодамнешната реторика суштествено

[23] Report from the Commission, *The Stabilisation and Association Process for South East Europe,* Second Annual Report [извор од Интернет] http://ec.europa.eu/enlargement/key_documents/sap_en.htm.

[24] Report from the Commission, *The Stabilisation and Association Process for South East Europe,* Third Annual Report [извор од Интернет] http://ec.europa.eu/enlargement/key_documents/sap_en.htm.

[25] Romano Prodi, *South-Eastern Europe's Turn,* South-Eastern European Cooperation Process Summit, Belgrade, 9 April 2003 [извор од Интернет] http://www.delscg.zcec.eu.int/en/documents/09-04-2003-prody-serbia-speeche.htm.

се разликува од официјалниот дискурс на ЕУ од пред една деценија. Денес Балканот, и покрај проблемите со проширувањето на ЕУ, не се гледа како закана, туку, напротив, како регион чија интеграција е неопходна за целосното обединување на Европа.

Сепак, една кратка споредба на односите меѓу ЕУ и Западниот Балкан со односите меѓу ЕУ и поранешните земји кандидати од Источна и Централна Европа, јасно ја илустрира разликата меѓу двете групи на земји. Имено, процесот на интеграција на поранешните држави кандидатки во ЕУ, во политичкиот дискурс беше опишан како *враќање кон Европа*, а овие земји најчесто беа претставувани како колевки на културата и цивилизацијата. Наспроти ова, перцепцијата на ЕУ за Балканот беше иницијално концепирана како закана, која еволуираше до сликата на сигурен кандидат за членство.

Ефектот од овие разлики во пристапот на ЕУ е евидентниот недостаток на самодоверба кај државите од Западниот Балкан за својата припадност кон Европа. Оваа несигурност, сепак, западнобалканските земји ќе мора набргу да ја надминат преку градење на позитивна слика за себеси, како внатре така и надвор од регионот. Менувањето на официјалниот јазик на ЕУ, во секој случај, им оди во прилог. За ова прашање, кое отвора можности за нова анализа, земјите од Западниот Балкан можат многу да научат од поранешните кандидати за членство во Унијата од Централна и Источна Европа.

**Abstract**

This paper examines the understanding and use of the term Balkan in the official vocabulary of the European Union since the 1990s. Suggesting that the post-communist discourse in Europe up to a large extent been built on the mutual opposition between the features of a *Balkan* and *European* identity, the paper argues that the integration of the Balkan countries into the EU requires a fundamental change of the Union's conception of the Balkans. The paper uses qualitative methodology, both text and discourse analysis and operates with information from EU documents and speeches of EU officials. Analysing the evolution of the usage of the term Balkan in the official EU vocabulary since the 1990s, this paper concludes that the change in the contractual relations between the EU and the Balkans has been accompanied by a change in official vocabulary.

**Библиографија***:*

Allcock, John B., *Explaining Yugoslavia,* New York: Columbia University Press, 2000

Balalovska, Kristina, *Between "the Balkans" and "Europe": A Study of the Contemporary Transformation of Macedonian Identity, 1991–2002,* New Balkan Politics, 6 (2003)

Carnegie Endowment for International Peace, *The Other Balkan Wars: A 1913 Carnegie Endowment Inquiry in Retrospect with a New Introduction and Reflections on the Present Conflict by George F. Kennan*, Washington: Carnegie Endowment for International Peace, 1993

*Communication to the Council and the European Parliament on the Stabilisation Process for Countries of South East Europe* [COM (99) 235 of 26.05.99]

European Commission Report, *The Stabilisation and Association Process for South East Europe,* First Annual Report: <*http://ec.europa.eu/enlargement/key_documents/sap_en.htm*>

European Commission Report, *The Stabilisation and Association Process for South East Europe,* Second Annual Report: <*http://ec.europa.eu/enlargement/key_documents/sap_en.htm*>

European Commission Report, *The Stabilisation and Association Process for South East Europe,* Third Annual Report: <*http://ec.europa.eu/enlargement/key_documents/sap_en.htm*>

Hayden, Milica Bakic; and Hayden, Robert, *Orientalist Variations of the Theme Balkans: Symbolic Geography in Recent Yugoslav Cultural Politics,* Slavic Review, 51, (1992): 1–10

Huntington, Samuel, *The Clash of Civilizations and the Remaking of the World Order,* New York: Touchstone, 1997

Kaplan, Robert, *Balkan Ghosts,* New York: Vintage Books, 1993

Krastev, Ivan; Popov, Stefan; and Gurkovska, Julia, *Eastern Europe After Kosovo 2010: The Balkans after Kosovo,* East European Constitutional Review, 8, Number 3 (1999)

Luoma-aho, Mika, *Europe as a Living Organism: Organicist Symbolism and Political Subjectivity in the New Europe,* PhD thesis, University of Newcastle upon Tyne, September 2002, <www.ulapland.fi/includes/file_download.asp? deptid=10128&file=20030811100150.pdf>

Prodi, Romano, *South-Eastern Europe's turn,* South-Eastern European Cooperation Process Summit, Speech Belgrade, 9 April 2003, http://www.delscg.cec.eu.int/en/documents/09-04-2003-prody-serbia-speeche.htm

Razsa, Maple; and Lindstrom, Nicole, *Balkan Is Beautiful: Balkanism in the Political Discourse of Tudjman's Croatia,* East European Politics & Societies, 18, No. 4 (2004): 628–650

Said, Edward, *Orientalism*, New York: Vintage Books, 1979

Silber, Laura; and Little, Adam, *The Death of Yugoslavia*, London: Penguin Books, 1995

Todorova, Maria, *Imagining the Balkans,* Oxford: Oxford University Press, 1997

Tsoukalis, Loukas, *The European Community and the Balkans,* in F. S. Larrabee ed., The Volatile Powder Keg, Washington: The American University Press, 1994

Winchester, Simon, *The Fracture Zone: A Return to the Balkans,* London: Viking, 1999

Wolff, Larry, *Inventing Eastern Europe: The Map of Civilisation on the Map of Enlightenment,* Stanford: Stanford University Press, 1994

Zamfirescu, Elena, *The Flight from the Balkans,* Südosteuropa, 44, No. 1 (1995)

# Будењето на македонскиот национален идентитет во XIX век, преку митот за Филип и Александар Македонски (народното творештво, фолклорните обичаи и усмените преданија)

Иванка Додовска

## Вовед

Постојат повеќе причини, зошто XIX век е важен период за македонскиот народ. Првенствено, овој век на либерализмот[1] и на создавањето на националните држави во Европа го создаде новиот начин на поимање на дотогаш во најголем дел географски распространетите држави, кои во себе содржеа виножито од различни етнички, лингвистички и социјални групи. Во оваа фаза од цивилизацискиот развиток, за разлика од порано, започнува ново прегрупирање и сосема ново цртање на границите во Европа, според моделот на современиот поим, содржајно изразен како национализам[2]. За балканските прилики, овој период иако оди во паралелна насока со европските случувања, каузалитетно отвора ново подглавје во испишувањето на историските прилики за балканските народи. Тука со примат се здобиваат размислувањата за етничката угнетеност и желбата за ослободување од отоманската управа, како и од австроунгарското продирање.

Национализмот во XIX век првенствено бил насочен кон убедувањето дека секој народ е посебен по тоа што има само еден оригинален јазик, според кој најчисто може да се одреди етничкиот израз на припадноста кон одредена нација. Вториот, многу битен фактор, бил содржан во настојувањето на истражувањето на историјата на сопствената нација, како и на народните приказни и бајки[3].

Во овој период, за македонските прилики е значајно да се потенцира дека највлијателно било усното творештво. Најзначаен момент претставува собирањето на народните умотворби, додека усното творештво имало силно влијание врз создавањето како на современата македонска поезија така и врз образувањето на еден културен центар кој ѝ се спротивставил на власта на Цариградската патријаршија и на употребата на грчкиот јазик во училиштата и црквите. Ова дејствување ги носело во себе сите белези на почетната фаза на едно национално движење[4]. Оттаму,

[1] ... со свои корени во идеите на просветителството од XVIII век; Барбара Јелавич – Историја на Балканот 18 и 19 век, НИК ЛИСТ, Скопје, 1999 (I том), стр. 203.

[2] ... чија основа повеќе била во романтизмот и историцизмот од XIX век; Барбара Јелавич, нав. дело, стр. 203.

[3] Барбара Јелавич, нав. дело, стр. 205.

[4] ... Цариградската патријаршија во овој период е сè поизразит спроводник на грчкото влијание во Македонија, спротивставувајќи им се на стремежите на македонското граѓанство да ги зацврсти своите економски и културни прилики; Блаже Конески – За македонската литература, Култура, Скопје, 1967, стр. 138.

првата генерација македонски писатели ја сочинувале: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчинович – Тетоец и Теодосиј Синаитски, а на нив се надоврзале и ја развиле преродбенската македонска литература од XIX век: браќата Димитар и Константин Миладинови, Јордан Хаџи Константинов – Џинот, Рајко Жинзифов, Ѓорги Динката, Кузман Шапкарев, Партенија Зографски, Венјамин Мачуковски, Ѓорѓија Пулевски, Димитар Македонски и други. Сите овие културни дејци, врз базата на историските прилики и сознанија околу прашањето за идентитетот на македонскиот народ, укажуваат на две тенденции од фундаментално значење, кои се прибираат околу идејата за историското минато на Македонија и кои ја изразуваат македонската национална свест за: античкиот Македонец и за новата словенска традиција[5]. Првата, изразена преку спонтаната повеќевековна вербална традиција, за потеклото поврзано со големите македонски антички кралеви, а најмногу за митот на Александар Македонски наречен Велики и, втората, која го претставувала историското минато на Словените, надоврзано и изградено врз античкото македонско фолклорно и културно потекло.

Според тоа, на почетокот од XIX век, македонскиот национален идентитет влегува во процесот на изградба на свеста за оригиналната етно-културна физиономија, но без поголема поддршка или самостојно масовно разбирање. Уснената фолклорна традиција, пренесувајќи го споменот за македонското историско минато, го сублимира сознанието за словенското поимање на митолошката претстава за Филип II и Александар III Македонски. Пренесувањето на овој мит, за разбирањето на македонската митологија, го зголемува интересот кај Македонецот за пишаните извори кои ја поддржуваат оваа теза.

## Македонската преродба во XIX век

Македонската преродба во процесот на своето будење и формирањето на македонската нација, како посебна нација на Балканот уште од самиот почеток била изложена на афирмацијата на македонскиот народ под општата именка: Словени, која за останатите словенски народи била само некој вид додавка или презиме[6]. Фактот дека преродбенството започнало во рамките на православието, со потиснувањето на грчката доминација и со отворањето на световните училишта и преку пишувањето на световна литература на македонско-словенски јазик, ни кажува и дека не било лесно да се одговори на прашањето за националната различност на македонскиот народ во рамките на општото словенство. Причината можеме да ја побараме во неисториското минато за време на средниот век, која, пак, особено беспоштедно ја користеле грчката, српската и бугарската пропаганда[7]

[5] Blaze Ristovski – Macedonia and the Macedonian People, SIMAG Holding, Vienna, Skopje, 1999, стр. 101.

[6] Драган Ташковски – Рађање македонске нације, Завод за издавање уџбеника СР Србије, Београд, 1969, стр. 8.

[7] Со тежнеење македонската територија да ја вклучат во границите на сопствените национални држави (л. з.).

и оттаму секој обид за сопствена национална афирмација наидувал на присуството на овие оспорувања, од што произлегувале далекусежни неповолни последици во процесот на нормално конституирање на македонската нација.

Од друга страна, усмените преданија за античкото историско минато на Македонија, во овој период се најсилно присутни помеѓу малубројната македонска интелигенција. Освен кај одредени западни историчари и авантуристи, митолошката претстава за Филип II и Александар III Македонски не е забележана ниту кај една од пропагандните соседни држави[8].

Учителот од кривопаланечкиот регион, Ѓорѓија Македонски во 1840 година запишал: – „Славјанското писмо го изучив од татко ми, Димитрија Маќедонски, кој така се вика зашто сме Маќедонци, а не Грци, а неговиот татко се викал Јосиф, свјаштеник, а неговиот дедо Стојман, свјаштеник. И ја прекорот си го зедов Маќедонски, а не по татко ми и дедо ми, за да се знае оти сме Славјани од Маќедонија.“.[9] Поп Димитрија, од истиот регион, во 1848 година пишува во иста насока: „За моето назначување, се заложи најмногу господин Михаљ Македонски, зашто сум роден Македонец и службата ја терам на македонски. Од бога било пишано моето отечество Македонија да страда од Грците, па тие не им даваат и денеска мир, иако сите знаат дека Македонија била постара држава и од нивното кралство.“.[10]

Оттаму, јасно е дека во овој посебно значен период се создава претставата за сопствената национална различност, како и за словенско-православниот ентитет во Македонија преку посебните културно-економски интереси. Сето ова дополнително влијае врз свеста на македонскиот народ, за обновувањето на Охридската архиепископија како црква на Македонија, како и разбирањето на потрагата за границите на митологизираната свест за наследството на Филип и Александар Македонски[11] што, пак, ја активира Цариградската патријаршија во одбраната на елинизмот во Македонија. Во прилог на ова е значајно да се истакне и мислењето на Петко Р. Славејков[12] од јануари 1871 година дека уште пред дваесет години ги слушал идеите за посебноста на Македонците, но дека сега тоа било веќе јасно формулирана идеологија: „зашто новите разговори со некои Македонци ни покажаа дека работата не е само голи зборови, туку мисла што мнозина сакаат да ја спроведат во живот. Слушнавме многупати од македонистите дека тие не се Бугари, туку дека се Македонци, потомци на античките Македонци, и ние секогаш очекувавме да слушнеме некој доказ за тоа, но никогаш не го слушнавме. Македонистите никогаш не ја објаснија подлогата за нивното тврдење. Тие инсистираат на нивното македонско потекло кое никогаш достојно не го докажаа... Ако античките

[8] Тука мислам на Грција, Србија и Бугарија.
[9] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I том, Скопје, 1981.
[10] Blaze Ristovski – Macedonia and ... , нав. дело, стр. 104.
[11] Блаже Ристовски – Столетија на македонската свест, Култура, Скопје, 2001, стр. 11.
[12] кој во служба на бугарската пропаганда, преку Бугарското читалиште во Цариград во 1869 година решава да ги преведе бугарските учебници на македонското наречје; Извод Б. Ристовски – Столетија на ... , нав. дело.

Македонци живеат на истата територија, зошто не би биле денешните жители исто така носители на македонската крв? Тие се цели Македонци, заклучуваат македонистите и се успокојуваат со своето големо откритие.“.[13] А како одговор на ова, Димитар Македонски, со истиот наслов како на Славејков „За македонското прашање“, во февруари 1871 година пишува: „Македонците не исчезнаа од лицето на земјата како што некои луѓе си дозволуваат да тврдат, бидејќи колку што ние сме запознаени, тие никогаш не грешеле толку многу па земјата да можела да се отвори и да ги проголта.“.[14]

Од таму многу лесно се разбираат и рамките на оваа национална програма во која се содржани барањата за: посебна нација, наследството од античките Македонци, посебниот јазик, барањето за сопствена црковна хиерархија, посебна од бугарската.

И Ѓорѓија Пулевски при објавувањето на неговиот „Речник на три јазици“, кој беше отпечатен во Белград 1875 година, се искажува дека: „Името на нашата татковина е Македонија и ние себе си се нарекуваме Македонци“[15] и дека: „Македонија била славна уште од времето на императорот Александар Велики“.[16]

Воопшто, духот на националната романтика, својствен на времето на националното будење, е карактеристичен преку активниот однос кон прашањето за народниот развиток и со реалното соживување со македонскиот народ зафрлен во мошне лоши услови за битисување. Затоа улогата на преродбениците првенствено имаше дејство врз издигнувањето на закоравената и апатична средина преку силниот набој на народната поезија. Тоа мошне експлицитно го наоѓаме во поемата на Ѓ. Пулевски, „Самовила Македонска“ од 1878 година:

Дал’ сте чуле, Македонци, стари
људи што говорат:
од Македонци појунаци над них
не било –
Цар Александер Македонски
тристо лета пред Христа
со Македонци сву вселену
повладал.
Наш Краљ Филип – Славјанин е,
Цар Александер – Славјанкин,
наши баби Славјанки ги родиле.
Македонци, сетите се за
јунакство македонско,
та спроти старих вие сега да
следувате!
Не је срамота своје искати, ни
за жал за своје умрет.

Истата поема[17] започнува со стиховите:

Сверх планиње македонски
ежедневна темнина.
Дал‘ покрила темна могла ил‘
темен облак?
Дал‘ естествоноќ створило –
темно да бидет

[13] Блаже Конески, цит. 74–75.
[14] Д. В. Македонскій, По македонския вяпрос, Македонія, V, 7, Цареград, 16.II.1871.
[15] Ђорђе М. Пуљевски – Речник от три језика. македонски, арбански и турски, књига II, у Београду, 1875.
[16] Ђорђе М. Пуљевски, нав. дело, стр. 67.
[17] Која истовремено ја претставува и првата македонска револуционерна политичко-патриотска песна со јасна националноослободителна определба во македонската литературна историја. Инаку е напишана на еден свесно архаизиран јазик (л. з.).

в Кралевину Македонску од
времја оно до века,
та в темнина току се слушат
страшен викот, пљускотит?[18]

Преку самовилскиот плач, Ѓорѓија Пулевски се обидува метафорично да го изрази македонскиот револт[19] предизвикан од решенијата на Берлинскиот конгрес, па во истата поема пее:

Берлински конгрес што написа
– условија не исполни,
та полошо ни направи в Македонија.
Македонски мајки пиштат, а
Јевропу милно мољат:
О Јевропо христијанска, дал' не
слушаш наши плач?
О Јевропо, мила мајко, што ни
остави под турска власт?

## Потеклото на името Македонија

Името Македонија, како национално име кое го усвоија Македонските Словени во периодот на својата национална преродба, потекнува од името на територијата на која живееле. Според Страбон, името потекнува од првиот митолошки македонски крал, кој се викал Македон, додека други историчари тврдат дека името Македонија доаѓа од старогрчки зборови, кои значат „висока земја". Античката македонска држава која некогаш се простирала на територијата на денешна Македонија, е земјата на која што Македонскиот Крал Аруелај (413–399 год. пр.н.е.) ја подигнал својата престолнина Пела, чии што урнатини денес се наоѓаат во близина на Ениџе Вардарско, веднаш под Солун. Со ширењето на Македонското Кралство во периодот на владеењето на Александар Македонски, името е пренесено далеку на исток, до границите на Индија. Именувањето на територијата на денешна Македонија започнува со појавата на хуманизмот и ренесансата, кога заедно со старогрчката и староримската култура бил оживеан и духот на Филип II и Александар III Македонски. Особено преку романите за Александар Велики поимот за античка Македонија влегува во географијата, а италијанските, француските и холандските картографи веќе во XVI век и точно ја одредиле Македонија. Живата народна свест и традициите поврзани за македонското античко потекло од многу причини не успеале да се изгаснат ниту за времето на најтешкото османлиско ропство[20]. Особено митологизацијата на Александар III Македонски, според изворите, е извршена уште во времето на неговите наследници[21] и била проширувана постепено низ времето и просторот со мноштво фантастични елементи, кои не престанале да се користат и надополнуваат и до

[18] Ѓорѓија М. Пулевски – Славјанско-маќедонска општа историја, МАНУ, Скопје, 2003, стр. XIII.

[19] Кога станало јасно дека османскиот султан нема намера да ги почитува и да ги спроведе обврските ветени во Османлискиот устав, донесен на Цариградската конференција во 1876, во 1878 година Македонците одново се дигнаа на востание, познатото Македонско (Кресненско) востание, насочено и против Берлинскиот договор, со јасно барање за создавање на македонска држава. Ѓорѓија Пулевски како војвода и како член на Воениот совет на Востанието, остана последен на бојното поле, сè до мај 1879 година; Б. Ристовски, Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки Самовила Македонска и Македонска песнарка, стр. 20–25.

[20] Драган Ташковски – Рађање македонске нације ..., нав. дело, стр. 70.

[21] Дијадосите.

денес[22]. Појавата на преданијата и песните за Александар Македонски во македонското народно творештво, за нашата наука и пошироко е од посебно значење и носи повеќе значајни моменти. Тие претставуваат елемент на историската свест и преку нив македонскиот народ ги зачувал и продолжил до ден денеска да ги негува сопствените традиции. Разбирањето на усните творби за Александар Македонски од тој агол е важен момент во нивното проучување и тоа во прв ред од аспектот на народното чувство во претставувањето и доживувањето на неговиот лик како македонски. Кај македонскиот народ во XIX век постои длабоката традиција во која тој е претставен како Македонец, а Македонците како негови потомци.

Оттаму, значајно е да се забележи дека во македонската народна култура е создаден митот за јунакот и митот за татковината[23].

## Античката македонска традиција во македонските востанија во XIX век

Народното движење на македонскиот народ во XIX век било цврсто врзано со словенството. Преродбата ја затекна Македонија без свое одбележје, без свои државно-правни традиции[24]. Поврзувањето на Македонија со древните Македонци на Филип и Александар го претставуваше најбезболниот пат што водеше кон нова афирмација на имињата Македонија и Македонци и кон потенцирање на различноста од соседните словенски народи.

Ѓорѓија Пулевски во својата песна „Македонцим ув прилог“ ја опева вистинската состојба на ова поврзување:

Татковина је ово место мило
Македонцим,
кралевина било под краљом
Филипом,
старо царство јесте от цара
Александра,
наш цар, македонски,
познат Александар Велики ув
вселени,
оније наше царство во
Полуостров Балкански
је го оставил все горским
славјаним.

Веќе од средината на XIX век македонското име е дефинитивно прифатено како национално име.

Првото македонско востание се дигна во 1876[25] година, еден ден порано од планираната дата која била напишана на востаничкото знаме. Било ограничено (зафатило области од Малешевијата и Кочанско). Избило во селото Разловци, па оттаму е и наречено Разловечко востание. Ослободувањето на Македонија е видлива цел на востанието. Карактерот и целите на востанието биле недвосмислено маркирани и истакнати. Востанието се

[22] ... Па така и Александар, како и неговите митски претходници, бил избран или предодреден од судбината со самото раѓање, па како и секој митски херој на одредена возраст се здобил со волшебен коњ кој го следел и му помагал не само во битките со севозможни непријатели и разни чудовишта туку и при наоѓањето на живата вода, која што, како и сите древни јунаци пред него, не успеал да ја употреби и да се здобие со бесмртност, бидејќи таа понатаму останала привилегија само на божествата; Танас Вражиновски – Речник на народната митологија на Македонците, Матица Македонска, Прилеп–Скопје, 2000, стр. 17.

[23] Танас Вражиновски, нав. дело, стр. 19.

[24] Блаже Ристовски – Македонска нација, I том, стр. 126.

[25] На 7 мај (стар стил) 1876 година.

кренало под знакот на црвеното знаме на кое на жолто поле бил извезен огнен и некрунисан лав пред кого фронтално, во тоа исто поле стоел натписот: *Македонiя*. На знамето стоело уште „на осмiй маiя 1876“, а на две ленти над знамето: „Станете“ и „Да ви освобода“.[26] Тоа знаме, за самото востание познато како Македонско, во Солун го порачал неговиот организатор и водач Димитар Поп Георгиев – Беровски. Го навезле баба Недела и нејзината ќерка Станислава Караиванови, учителки и членови на Солунскиот револуционерен кружок[27].

Поврзувањето со античката македонска традиција е веднаш уочлива. Пред сè, црвеното знаме укажува на традицијата на старата кралска крв. Огнениот и некрунисан лав укажува на античкомакедонскиот кралски обичај[28] според кој, за да ја докажат машкоста, кралскиот престолонаследник и неговата момчешка свита требале да се докажат во ловот на лавови. Оттаму, некрунисаноста на лавот е симбол на губењето на кралството.

Истите елементи ги наоѓаме и во Македонското (Кресненско) востание[29]. Започнало на 5-ти октомври (стар стил) 1878 година и ги зафатило просторите на Струмската Котлина, со извесно проширување кон Разлог. Се нарекува и Кресненско востание[30], според местото во кое започнало. Во Правилата на Македонскиот востанички комитет е јасно прецизиран субјектот на борбата за ослободување на македонскиот народ, а тоа е самиот македонски народ. Во востанието учествуваат луѓе од самата Македонија што се чувствуваат Македонци и мислат за слободата на својата татковина[31]. Развивајќи ги докрај национал-политичките цели на востанието, во Правилата недвосмислено се подвлекува дека востанието не е самото за себе цел, туку средство за извојување на слободата и за создавање на македонска држава[32]. Во Правилата на Македонскиот востанички комитет има членови во кои можеме многу јасно да го одредиме македонскиот националноослободителен карактер на самото востание. Во „Воведниот дел“ и во делот „Целта на востанието“ се искажува македонскиот национален карактер на движењето. Во границите на историските услови, тие (авторите на Правилата...) сериозно му пристапуваат на остварувањето на историскиот чин. Својата револуционерна платформа ја поставуваат на два фундамента: 1. преку барањето на националните традиции во минатото и 2. преку јасното разграничување на македонската етничка посебност од другите внатрешни и надворешни македонски етнички посебности[33]. Не е случајно инсистирањето на традиционалните врски со минатото, врски кои се само македонски и кои

[26] Види го знамето и описот на знамето на Разловечкото востание кај Љубен Лапе, *Разловечкото...*

[27] Владо Поповски – Државотворниот карактер на востанијата и превирањата во Македонија во Источната криза 1875–1881, Гласник 40, 2 1996, 7–26, Статии.

[28] Наде Проева – Историја на Аргеадите, Скопје, 2004, стр. 135.

[29] Ова востание било реакција на Берлинскиот договор.

[30] По својот карактер било општо македонско востание.

[31] Член 2 од Правилата (Уставот) на Македонскиот востанички комитет.

[32] Димевски, Катарџиев, Габер, Христов, Картов, Поповски, Арнаудовски, Пепељуговски – Правилата – Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание, 1980.

[33] Димевски, Катарџиев, Габер, Христов, Картов, Поповски, Арнаудовски, Пепељуговски, нав. дело.

не потпаѓаат во историите на соседните народи. Тие вметнуваат и моменти од античката историја како елемент на македонската традиција, како што е ставот дека востаниците сметаат на онаа војска на Александар Македонски како фактор со стимулативно дејство во развивањето на чувството за посебноста (д-р С. Габер).

„... Ние востанавме како поборници на слободата. Со нашата крв што ја пролеваме низ полињата и горите Македонски ние служиме како Македонска војска на Александар Македонски за слободата, со нашата девиза: Слобода или смрт!...“[34]

## Заклучок

Историјата за македонската сага е долга колку што е старо самото име, како и името на македонскиот народ. И покрај милениумскиот повтеж, сепак тоа дава за право да биде третирано како посебно и по самото тоа е обрзувачко за секој кој се смета за почитувач на историјата на античката македонска династија, а особено за секој Македонец. Основната причина е секако фактот што автентичното културно наследство на Македонија, преку сопствената богата историска традиција, иако со задоцнување, за разлика од останатите народи, има право и достоинство да се вклучи во историјата како на балканските така и на европските народи. Секој обид да ѝ се одземе името на македонската нација, а со тоа бездруго да се избрише идентитетот на македонскиот народ, е само гол и неаргументиран обид да се фалсификува еден историски факт, што би претставувало само уште поголема потврда за вистината. Затоа, кога ги читаме историските случувања од XIX век, несомнено е јасно дека Македонија е жив пример кој стои простум наспроти сите неповолни ветришта и бури. Не беа само Мисирков, Чуповски, Пулевски, Жинзифов и Миладиновци оние кои ги заораа браздите на македонската национална свест. Тие тлееле и се пренесувале низ многуте усни преданија во текот на вековите, покрај топлите огништа, далеку од ушите на освојувачите, пренесувани со жива мисла да се одржи македонскиот корен, да се зачува темелот на јасната дистинкција од она што е свое од она што условно мора да се прифати. Затоа не чуди сведоштвото на Рајко Жинзифов за расправата на Димитар Миладинов со еден Грк во Кукуш околу македонскиот етникум. Тој запишал: „Гркот занеме пред аргументите на Миладинов. Тој му потврди дека пред Грците не биле само денешните Македонци туку и античките Македонци, оние на Филип и Александар. Тој исто така му ги посочи Хомер, Демостен и Страбон кои го тврдат истото. Тој дури пред очите на Гркот му предочи дека повеќе е веројатно да биде наречен како Хеленски Словен... И поради сето ова, првата легенда која беше печатена од страна на браќата Миладиновци беше токму онаа за Александар Македонски.“.[35]

[34] Правила на Македонскиот востанички комитет 1878 година.

[35] Х. Поленаковиќ и Т. Димитровски, Димитрија и Константин Миладиновци – Зборник на народни песни, Скопје, 1983.

Затоа, есенцијалното прашање кое несомнено треба да се одговори е: Кое е вистинското место на македонската историографија од XIX век во научните кругови и дали навистина е развиена свеста за големината и значењето на историската подлога која сведочи за причините на посебноста на македонскиот народ. Затоа и дебатата за македонското прашање е сѐ уште толку горливо актуелна, како што беше и на самиот почеток на нејзиното отворање.

**Abstract**

The nationalism in 19th century was directed in the first place towards the conviction that every nation is special by the fact that it has only one original language, by which can be clearly determined the ethnical expression of being a part of a certain nation. The second very important factor was contained in the insistence of researching the history of the peculiar nation, and also the research for fairy-tales and fables. The leaders of the national revival upon the basis of the historical occasions and the awareness about the question for the identity of the Macedonian nation, indicates two tendencies of fundamental importance, which are gathered around the idea of the historical past of Macedonia, and which are expressing the Macedonian national consciousness for: the antic Macedonian and the new Slavic tradition. The first expressed through the spontaneous verbal tradition through the centuries, for the origin connected with the great Macedonian antic kings, mostly with the myth of Alexander the Macedonian – called the Great, and the second which was representing the historical past of the Slavs, connected and built upon the antic Macedonian folklore and cultural genesis.

**Библиографија**

Macedonia and the Macedonian People – Blaze Ristovski, SIMAG Holding, Vienna, Skopje, 1999

Кон Македонската преродба, македонските учебници од XIX век – Блаже Конески (второ издание), Скопје, 1959

Столетија на македонската свест – Блаже Ристовски, Култура, 2001

Правилата – Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание – Димевски, Катарџиев, Габер, Христов, Картов, Поповски, Арнаудовски, Пепељуговски, Скопје, 1980

За македонската литература – Блаже Конески, Култура, Скопје, 1967

Историја на Балканот XVIII и XIX век – Барбара Јелавич, НИК ЛИСТ, Скопје, 1999

Речник на народната митологија на Македонците – Танас Вражиновски, Прилеп–Скопје, 2000

Ѓорѓија М. Пулевски – Славјанско-маќедонска општа историја, МАНУ, Скопје, 2003

Драган Ташковски – Рађање македонске нације, Завод за издавање уџбеника СР Србије, Београд, 1969

Наде Проева – Историја на Аргеадите, Скопје, 2004

Владо Поповски – Државотворниот карактер на востанијата и превирањата во Македонија во Источната криза 1875–1881, Гласник 40, 2 1996, 7–26, Статии

Ерик Хобсбаум – Нациите и национализмот, Култура, Скопје, 1993

# Теорија на граѓанскиот идентитет

Анастас Вангели

## Вовед

Во 1990-тите, балканската политика беше одбележана од залудно пролеаната крв на илјадници жртви во повеќе земји. Инструментализирајќи и мобилизирајќи го секое можно средство во борбата против довчерашните „братски“ заедници, архитектите на етнонационализмот изградија огромни ѕидови – ѕидови во душата и разумот на обичниот граѓанин, кои би можеле уште долго да бидат пречка на прогресот во овие простори. Во средиштето на тој вортекс на омразата, се најде и кревкото македонско општество. Се случи вооружениот конфликт во 2001-та; без оглед на тоа *што* тој конфликт всушност претставува и како се толкува, за натамошната полемика во овој есеј е важно да се напомене дека тој конфликт инстантно резултираше со дополнително заострување на чувствата и односите меѓу припадниците на двата најголеми етницитети во Република Македонија и внесе антипатија кон било каков (научен) обид да се елаборираат различните концепти и идеи за (ре)дефинирање на нацијата и националниот идентитет.

Вооружениот конфликт беше окончан со *Рамковниот договор,* потпишан во Охрид, кој во исто време претставуваше и мировен акт; но и трактат на кој требаше да се заснова натамошната политика на Македонија во поглед на односите кон и меѓу (припадниците на) различните етницитети, наметнувајќи силен кохезивен предзнак. Гледано од оваа временска дистанца, за целиот „рамковен“ концепт може да се заклучи дека е пред сѐ техничко-институционално решение, кој, освен со позитивните формални резултати (правичната застапеност, рамноправноста, консензусот како начин на одлучување и сл.), не е (доволно) ефикасно средство за подобрување на материјалниот квалитет на „соживотот“. Навредливите пароли сѐ уште се присутни на стадионите а и надвор од нив, стереотипите се зацементирани и доведени до ниво на предрасуди, а сатирата одамна мутираше во сарказам.

Нешто што не се достигнува директно преку институциите, е *свеста* за граѓанскиот национален идентитет и современото сфаќање на заедниците кое ги поместува примордијализмот и емотивната поврзаност вон јавната сфера. Во Македонија, таквиот процес значително отстапува од било каква рационалност, бидејќи недоследностите се сеприсутни; почнувајќи од употребата на несоодветната термино-

логија во теоријата и легислативата, па сè до апсурдното аргументирање на проблематиката околу идентитетот, при што на целата ситуација непотребно ѝ се придава театралност, што, пак, придонесува кон создавање емотивен набој и непристрасност кај учесниците во јавната дебата.

Токму затоа, во овој есеј е изложена една малку поинаква контемплација околу националниот идентитет во контекст на актуелните состојби; притоа, се надевам дека на било каков начин ќе придонесам во формулирањето на основните претпоставки за амбициозниот политички проект наречен *македонска нација* и *македонски граѓански национален идентитет*.

## „Државјанството" како начин да се избегне „националноста"

Сликовит појдовен пример од центарот на целата конфузија при поимањето и практичната употреба на основната терминологија е решението при преведувањето и адаптирањето на формуларот за идентификација во пасошите на македонските државјани. Имено, во пасошот постои категоријата „Државјанство / Nationality". Недоразбирањето е воочливо – во Македонија, државјанството се изедначува и служи како супститут за она што во практиката, насекаде, се препознава како *националност*; што, пак, нужно влијае на натамошното интерпретирање на целата проблематика на националниот идентитет, а згора на тоа, повлекува и низа неправилности при синхронизирањето на македонската со европската регулатива.[1]

Концептот на државјанството, теоретски, го изразува *стремежот на нацијата* да ги трансцендира посебните припадности на граѓаните: биолошките, историските, социјалните, религиозните или културните; и да го дефинира самиот граѓанин како апстрактна индивидуа, без посебна, исклучива идентификација и без посебна квалификација за сите конкретни определувања.[2] Сместувајќи ги сите останати наведени (и ненаведени) хипотетички идентитети и социјални врски на индивидуата во приватната сфера, државјанството останува како единствено јавно „средство" за формулирање на политичкиот идентитет, кој притоа е универзализиран и унифициран и во својата форма, и во својата апликација. Вака поедноставен, целиот концепт звучи сосем коректно, но не смее да се занемари тоа што државјанството има повеќе правна отколку политичка природа и многу повеќе формално отколку суштинско значење при градењето, односно негувањето на националниот идентитет. Затоа, обидот да се пренебрегне суштината на *националното*, преку импровизации во преводот, на плеќите на *државното*, не е воопшто исправно решение – тоа е само површинско маскирање на јазот додека тој и натаму се продлабочува и ги потко-

[1] Таков проблем дискутира Жарко Трајаноски – „Соочи се со националноста!", Дневник, 14.01.2006, достапно онлајн: http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=2961&stID=71148&pdate=20060114/. Тој ја посочува "Европската конвенција за националност" која во РМ е ратификувана како „Европска конвенција за државјанство".

[2] Доминик Шнапер, *Заедница на граѓани*, Слово, Скопје 2003, стр. 43.

пува сите темели на проблематиката на националниот идентитет, било да е во практиката или, пак, во јавната дебата.

Од друга страна, националноста и, воопшто, *нацијата*, се поими кои се далеку покомплексни и испреплетени со, за овој есеј релевантна, категоријата етницитет, и кои, за разлика од статичноста на шаблонот наречен државјанство, се одликуваат со многу поголема дијалектичност и флексибилност, од аспект на нивната содржина, целокупноста и „органицистичката" функционалност.

## Од нација до етнонационализам

Основна карактеристика на современата нација и сѐ во врска со неа е нејзината современост.[3]

При обидот да се дефинира што всушност означува и обединува во себе нацијата, во теоријата се наидува на ужасно многу дефиниции, често пати диспаратни или целосно контрадикторни една на друга; или, пак, тотално анахрони во однос на современите тенденции при употребата на овој термин. Впрочем, изворното, „точното и оригинално" или секое друго значење на „нацијата" е сосема поразлично од своето современо значење. Оттаму може и да се заклучи дека, всушност, во своето современо и темелно политичко значење, *концептот на нацијата* историски е многу млад.[4] Според тоа, таквиот концепт не е универзален и токму затоа неговата апликација е деликатна и бара одредени адаптации зависно од дадената околина за која станува збор. Сепак, постои еден т.н. *образец* при одгатнувањето на суштината на нацијата, и секое значително отстапување од него или, пак, негово релативизирање понатаму би имплицирало низа неправилности и би го спречило заокружувањето на целата таа етапа во општествената еволуција.

Ернест Гелнер како репер за градење на својата теорија зема две привремени, гломазни и популистички теории за нацијата: волунтаристичката и културолошката, кои „се важни и релевантни, но ни оддалеку не се соодветни".[5] Нивните недостатоци ги трансцендентира преку теоријата на национализмот:

„Ако волјата е основа на нацијата, таа е, исто така, основа на многу други нешта, така што нацијата не би можеле да ја дефинираме на овој начин. (...) Културните граници се понекогаш јасни и едноставни, а понекогаш заплеткани и сложени. (...) Големиот, но валиден парадокс е следниот: нациите би можеле да бидат дефинирани само во ерата на национализмот, а не како што би се очекувало, обратно. (...) Национализмот е тој што ги создава нациите, а не тие него. Впрочем, националистичкиот политички принцип се стреми кон совпаѓање на политичката и националната единица; самиот националистички сентимент е чувството на гнев предизвикано од кршење на тој принцип, или, пак, задоволството од неговото исполнување.".[6]

[3] Ерик Хобсбаум, *Нациите и национализмот по 1780,* Култура, Скопје, 1993, стр. 23.
[4] Ibid, стр. 28.
[5] Ернст Гелнер, *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје, 2001, 78.
[6] Ibid, стр. 81.

Во извесна мера релативизирајќи ја теоријата на Гелнер (истиснувајќи го сентиментот како основа), Бенедикт Андерсон, пак, ја дава антрополошката теорија на нацијата:

„Нацијата е замислена политичка заедница – и тоа замислена и како лимитирана и суверена. Таа е *замислена* бидејќи припадниците и на најмалата нација никогаш нема да ги запознаат повеќето свои сонародници; *лимитирана* е затоа што и најголемата нација има свои граници зад кои лежи друга нација; *суверена* е поради тоа што нејзиното појавување како концепт коинцидира и се преплетува со прифаќањето на начелото на слободата, чијшто залог и амблем е суверената држава; и, најпосле, нацијата е *заедница* затоа што без оглед на нееднаквостите и експлоатациите во неа, таа секогаш се сфаќа како длабоко, хоризонтално другарство.“[7]

Вака дефинирани, нацијата и, во истиот контекст, националното навистина делуваат бенигно наспроти сите асоцијации кои нивното споменување вообичаено ги буди. Впрочем, обликувањето и практикувањето на *националното* само по себе и не би претставувало некаков камен на сопнување во развитокот на заедницата доколку во општеството не се наметнува некој вид конкурентска форма на заедница и идентитет, чијашто суштина би се претпочитала од страна на граѓаните при градењето на свеста за нацијата. Во современото македонско искуство, таква конкурентска улога има *етницитетот*.

Според Доминик Шнапер, „основната разлика помеѓу нацијата и етницитетот е тоа што вториот не е политички организиран. Етницитетот претставува група луѓе кои самите се доживуваат како наследници на една историска и културна заедница („заедничко потекло“), кои имаат желба да го запазат континуитетот на истата. (...) Етницитетот има две главни обележја: тоа е група на припадност и неговиот засебен политички израз не е нужен. Етницитетот како таков не е *поприроден* од нацијата. (...) Етничкиот идентитет веќе не (би требало да) е пофундаментален, потраен и поцврст од реалноста и од националното чувство. Етницитетите не се суштини, туку тие се производ на некоја политичка состојба, во поширока смисла на зборот.“.[8]

Антони Д. Смит, пак, разграничувајќи ги „исконското“ и примордијалното поимање на етницитетот, на една, и прагматичното и инструментализирано, на друга страна, нуди една пресечна теорија која се темели на историските и симболично-културните карактеристики на заедницата. Шесте главни атрибути на етничката заедница кои тој ги приложува се:

- колективното име
- митовите за заедничките предци
- заедничкото историско сеќавање
- еден или повеќе диференцирачки елементи на заедничката култура
- поврзаност со одредена територија (татковина)

[7] Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници,* Култура, Скопје, 1998, стр. 18–21.

[8] Доминик Шнапер, *Заедница на граѓани* Слово, Скопје, 2003, стр. 23–24.

- чувствување солидарност кон определени делови на популацијата.

Но, овие белези, освен што ја нагласуваат историската и културната содржина, во исто време ја потенцираат и изразитата *субјективна компонента* на етницитетот, давајќи ѝ на етногенезата статус на семејна лоза, со што етницитетот добива својство на еден вид проширено семејство. Особено комплексно е, понатаму, толкувањето на *објективните разлики* меѓу различните етницитети (јазикот, верата, обичаите, пигментацијата на кожата и сл.).[9]

Етницитетот како таков, несомнено е дека има незанемарлива улога во процесот на настанување на нацијата. Впрочем, во теоријата постојат две поопшти гледишта за сфаќањето на нацијата: територијално-граѓанското и етничко-генеалошкото; на кои им соодејствуваат и двата начини на „настанување" на нациите: бирократската инкорпорација и вернакуларната мобилизација.[10] Како очевидни резултати на тие два засебни процеса, кон крајот на 20-тиот век може да се земат „политичките" и „граѓанските" нации во Западна Европа наспроти „етничките" во Источна.[11]

Не е тешко да се заклучи, според начинот и според геолокацијата, дека во Македонија нацијата се гледа, пред сè, од етногенеалошки аспект. Искуството покажува дека етничкиот идентитет на македонските граѓани, наместо да е дел од нивниот национален идентитет, претставува пандан на истиот. Притоа, преку инструментализирањето на сите можни средства во етнонационалистички цели и манипулацијата од страна на определени харизматски лидери во минатото (дел се провлекуваат и во сегашноста), придонесоа и онака „матниот" национален идентитет да доживее тотален крах пред издигањето на монструмот наречен етнонационализам.

За време на етничките тензии, кога доаѓа до целосна експлозија на етно-сентиментот кај граѓаните и кога тие се најподложни на манипулација, се јавува т.н. етнонационализам[12] – доктрина, зараза од смртоносен карактер. Ниту македонското општество не беше исклучок во пандемијата која му се случи на Балканот во последната деценија на 20-тиот век. Одеднаш, и политичките субјекти и граѓаните се најдоа во средиштето на македонскиот безумен неотрибалистички вортекс,[13] кој излезе надвор од секаква контрола. Резултатите беа фрапантни: повеќемесечен вооружен конфликт со жртви и уште толку силно бетонирање на свеста и емоциите на граѓаните. Токму затоа, во креирањето на политиката на 21-от век, пак, во поглед на поимањето и практикувањето на нацијата, неопходно е итно напуштање на

[9] Антони Д. Смит, *Национални идентитет,* Београд, 1998, стр. 39–42.
[10] Ibid, стр. 193.
[11] Доминик Шнапер *Заедница на граѓани*, Слово, Скопје, 2003, стр 154.
[12] Концептот на етнонационализмот со фокус на балканските искуства е обработен од страна на Ненад Марковиќ – „Ригидно поимање на нацијата", Политичка мисла бр. 8, декември 2004, стр. 19–30.
[13] „Нео-племињата се, несомнено, ерупции на социјалност – обично непланирани експедиции во светот зад дофатот на моралот (...) Во оваа смисла тие се налик на феноменот на толпата." – Зигмунд Бауман, *Постмодерна етика,* Темплум, Скопје, 2005, стр. 241.

(рецидивите од) етногенеалошката матрица и целосно пренасочување кон граѓанско-територијалното гледиште.

## Недоразбирањата околу суштината на националното

Како што може да се заклучи од антрополошката теорија на Андерсон (изложена погоре), нацијата сама по себе не е држава. Оттаму, Nationalität (nationality/ националност) не може во ниеден случај да биде буквално „преведено" како Staatsangehörigkeit (citizenship / државјанство),[14] како што беше посочено во примерот со македонскиот пасош приложен погоре. Националноста треба да дојде преку самата себеси до својата суштина, не злоупотребувајќи го концептот на државјанството. Сепак, доколку тој случај се земе како добронамерна импровизација во име на некакво доближување на двата концепта, ситуацијата е далеку побизарна кога ќе се земе предвид контекстот во кој, пак, во Македонија (дури и на највисоко ниво) се употребува(л) терминот *националност*.

(...) Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите *националности* кои живеат во Република Македонија (...)

[14] Намерно е користена германска терминологија за пословиково доловување на „државната конотација" на државјанството (државна припадност).

## Преамбулата на Уставот на Република Македонија од 06.01.1992[15]

Читајќи го извадокот од поранешната преамбула на Уставот на Република Македонија, во најмала рака, се забележува една голема недоследност; имено, „етницитетот" уставотворецот го изразува како „националност". Ваквата конфузна лексика на конститутивните елементи најлогично е да се земе како груба и трапава семантичка грешка. Секое друго образложение би било бизарно, но и крајно загрижувачко, бидејќи тогаш не би расправале за евентуална терминолошка или научна заблуда, туку за свесна манипулација, при што не би изостанале и конспиративни елементи.

Заклучокот од овој пример, во корелација со претходниот (пасошот), би бил следниов: *во македонската практика, терминот „националност" систематски, континуирано се супституира со терминот „државјанство"; притоа добивајќи сосема поинакво експлицитно значение („етницитет").*[16]

[15] Устав (со поранешната и изменетата од 2001 Преамбула), како и текстот на Рамковниот договор можат да се најдат на http://www.president.gov.mk/list_info.asp?SectionID=7#top.

[16] Во прилог на оваа теза забележувам дека категоријата „националност" фигурира во сите формулари/исправи/документи, веднаш под категоријата „државјанство". Притоа, во принцип, графата за државјанство се пополнува со „Р. Македонија" а графата за националност со „Македонец", „Албанец", „Влав" итн. Мојата лична дилема е

1. дали треба јавно да го изразам моето псевдонационално (во суштина етничко) чувство кога веќе државата не ме препознава како Македонец без оглед на тоа што ги имам сите „предиспозиции" за тоа
2. дали, кога веќе морам јавно да го изразам моето национално/етничко чувство, треба да се декларирам како „Влав" (поради моето етничко потекло) или, пак, „Македонец" (што соодвествува на мојот граѓанско-политички национален идентитет).

Дискурсот на поранешната Преамбула, пак, преку директното „именување" на конститутивните елементи, практично значеше поделба на граѓаните на Републиката во три групи: Македонци, како примарни носители на државноста; припадници на останатите малцинства наведени во текстот кои имаат еднакви права, но не се примарни носители на државноста; и припадниците на „неспоменатите" националности, односно „другите".[17] Токму таквото поимање на структурата на нацијата (давајќи ѝ хиерархиски наместо хоризонтален предзнак) беше еден од факторите кои ги испровоцираа етничките тензии. Текстот на Преамбулата беше изменет со пакетот амандмани од 2001-та, во една верзија со помалку „предрасуди", но тоа не беше доволно за санирање на штетите кои цели десет години ги нанесуваше крајно ригидниот начин на препознавање на граѓаните во највисокиот правен акт.

(...) Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници, кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите (...)

## Изменетиот текст на Преамбулата на Уставот на Република Македонија од 2001 година

Заменувајќи го терминот *националности* со еден поопшт но и крајно недефиниран меѓу-поим – *народи*, уставотворецот и со изменетиот текст ја продолжува „агонијата" на граѓанството, бидејќи граѓаните ги препознава и дели според припадноста на разните т.н. народи (повторно со значење на етницитети).

Современиот либерализам и демократските идеали го претпоставуваат *граѓанскиот национален идентитет* како темел на сè што понатаму се случува во јавната сфера, т.е. *современата демократија е средство за политичко остварување на граѓаните*. Токму затоа во овој есеј провејува идејата за граѓанското толкување на нацијата. Македонското искуство, пак, наоѓајќи се во заложништво на анахроната интерпретација, колку и да звучи парадоксално, покажува дека уредувањето на Македонија создаде своевидна хибридна *демократија без демос*, бидејќи во неа главниот збор го немаат граѓаните – туку (припадниците на) етничките заедници. Притоа, под *демос* го подразбираме носителот на единствениот политички легитимитет, кој како опозит во даденава ситуација го има токму *етносот*, дефиниран со историски и културни својства.[18] Кимлика полемизира, во така уреденото „мултикултурно" општество, „граѓаните веќе не се вклучени во политичката заедница само како поединци, туку и преку групата (м.з. *групата* во македонски услови е етницитетот); а нивните права зависат делумно од нивната групна припадност (според него тоа е концепт на „диференцирано граѓанство"). Дали сè уште може да се говори за

---

[17] Zidas Daskalovski, *Liberal Theory and Challenges of Multiculturalism – the Case of Macedonia,* Multiculturalism in Macedonia: An emerging model, Foundation Open Society Institute Macedonia, Skopje, 2005, стр. 115–128.

[18] Доминик Шнапер, *Заедница на граѓани*, Слово, Скопје, 2003, стр. 179.

*граѓанство* во едно општество во кое правата се дистрибуираат врз основа на групната припадност? (...) Доколку граѓанството е диференцирано, тоа веќе не нуди заеднички искуства и статус и би било уште една причина за неединство, наместо начин на култивирање единство (...) Граѓанството треба да биде форум во кој луѓето би ги надминувале нивните разлики и во кој тие би размислувале за заедничкото добро на сите луѓе.[19]

Впрочем, преку пренагласувањето на етничкиот диверзитет уставотворецот експлицитно ја наметнува етничката парадигма, притоа опструирајќи ја индвидуалноста на граѓанинот. Создавањето на таков „монопол" на етничкиот идентитет[20] во политичкото живеење, пак, доминира над било кој од останатите идентитети – родовиот, верскиот, сексуалниот, но и над националниот! Преку таквата „реторика на етносот", се поткопуваат темелите на општеството во целина, ограничувајќи ја можноста за заедништво на етницитетите, потенцирајќи ги постоечките и создавајќи нови дискрепанци меѓу нив. Притоа, индиректно се провлекува ставот дека Република Македонија е нација-држава на етничките Македонци која ги признава правата на припадниците на останатите етницитети, што, пак, влијае дополнително во создавањето на етнонационалистичкиот сентимент – етничките Македонци чувствуваат загрозеност, а останатите (првенствено Македонските Албанци) обесправеност.

## Секуларизација на етничкото – долгорочен политички проект

Психологијата на етнонационалистот е налик на онаа на радикалниот верник – притоа, наместо во Бог, верува во селф-от на етницитетот; неговиот свештеник и месија е лидерот; неговите собраќа му се „соплемениците"; а неговата света книга – историјата. Неговата иконографија се неговите велики предци (особено ако храбро загинале за каузата), знамињата и симболите. Неговата перцепција за тоа што е добро, а што зло; кој е прифатлив, а кој грешник; е крајно инфицирана од претходниве фактори. Неговото општествено делување е условено токму од неговата некритичка перцепција на реалноста – крајниот стадиум на таа патологија е што припадникот на друг етницитет, за него, првенствено е душман, а потем сограѓанин.

Токму поради таквата природа и опасноста од ескалација на етнонационализмот, државата итно треба да пристапи кон „секуларизација" на етничкото. Етничкиот идентитет треба „превентивно" да остане во домот. Поединецот јавно треба првенствено да делува како граѓанин, а не како припадник на етничка заедница. Неговиот идентитет треба да биде гарант на неговата слобода, а не закана по слободата на другите. Тоа не значи отфрлање или, пак, негирање на етничките чувства, традиции и обележја – напротив,

[19] Вил Кимлика, *Мултикултурно граѓанство,* ИДСЦО, Скопје, 2004, стр. 283–284.

[20] Во литературата се среќава и „тиранија на етнопартискиот идентитет" – Жарко Трајаноски ја употребува таа синтагма во статијата „Лидерство во криза: Македонски состојби", Политичка мисла бр. 6, јуни 2004, стр. 75–86.

неприкосновеноста на слободното самоопределување и изразување на идентитетот би помогнало при надминување на евентуалните нетрпеливости.

Покрај леснотијата на ваквата контемплација, во практиката е прилично комплицирано да се пронајде обединувачкиот идентитет.[21] Во Македонија, кога ќе се земат дополнителните непогодности, таквата идеја звучи потешка за спроведување од што и да е. Имено, освен изразитите објективни разлики на најголемите етницитети (јазик, вера, обичаи), во Македонија реално постојат уште неколку дополнителни фактори кои би го отежнале тој процес на секуларизација на етничкото:

- македонскиот „мултикултурализам“ всушност е еден автентичен облик на „бикултурализам“, во кој доминираат два етницитета, додека другите се минорни во однос на нив
- името и обележјата на најбројниот етницитет се совпаѓа со името и обележјата на целокупната политичка единица – оттука произлегува толкувањето на Македонија како нација-држава на етничките Македонци
- вториот најброен етницитет, пак, ги носи името и обележјата на друга држава (Албанија) – оттука стигмата на „туѓинци“ и „закана по безбедноста“, но и нивното мешано чувство на (не)припадност кон двете држави
- двата најголеми етницитети се територијално сегментирани, што е од особено значење при процесот на децентрализација; тоа придонесува и за нивна дополнителна алиенација и многу помали се шансите за „навикнување“ едни на други
- *душманското* минато – не само што двата најголеми етницитети имаат дефицит на заеднички историски митови и сеќавања; тие, особено по вооружен конфликт, сè повеќе едни на други гледаат како на крвни непријатели или, во најмала рака, со стереотипи
- драстични разлики од аспект на внатрешната структура на етницитетите (не само кај најголемите два – на пр. Македонските Роми се најмалку образовани и во најтешка социјална положба, додека Македонските Власи се на спротивниот крај)
- доминантно-етнички партии – во Македонија, секој етницитет има свои политички претставници, кои се претставуваат како единствени носители на нивните интереси. Тоа е дополнителен показател за „монополот“ на етничкиот идентитет. Се забележува и отсуство на голема и силна полиетничка партија која не би ги застапувала интересите на поодделните етницитети, туку би била исклучиво граѓанска опција.

## Заклучок

*„Во светот сè уште постојат огромен број држави и општества кои на никаков степен не го заслужуваат името нација“* - цитат на Marcel Mauss, кој допрва треба да се демантира

[21] Види: Вил Кимлика, *Мултикултурно граѓанство,* ИДСЦО, Скопје, 2004 – 9. глава – „Врските што поврзуваат“.

Предизвикот за (ре)дефинирање на македонската нација и не би можел да биде поголем. Импровизираниот модул на консензуалност[22] не е перманентно решение за справување со диверзитетот на интереси и цели диктирани директно од етницитетите и нивните племенски старешини. Носител на интегративните процеси како одговор на сето тоа би требало да биде самата држава, бидејќи „државата ја воведува нацијата во просторот (...) Таа ја конституира нацијата во целосна смисла (...) Државата, односно колективните вредности и заедничките институции играат улога на моторна сила, а тоа може да биде еден или повеќе етницитети. Институциите на државата ја воведуваат нацијата во историскиот континуитет. (...) Културната разновидност не го спречува создавањето на една нација.“.[23]

Државата, сепак, нема никакво право да влијае на она што е приватност на нејзините граѓани, дури ни кога се работи за врвен приоритет, како што е „брендирањето“ на нацијата. Затоа, пак, државата треба да ја адаптира јавната сфера според приватните практики на граѓаните. Самиот процес на пренасочување од етничко-генеалошкото кон граѓанско-територијалното гледиште за нацијата е долгорочен политички проект; тој нужно треба да биде ослободен од стигмата на фалсификување или измамување која со себе ја носат *политичките изуми* и *историскиот инженеринг*. Во тие процеси треба да биде впрегната и академската снага на општеството, која за цел треба да си го постави изнаоѓањето на поволен ветар за пловење по курсот на граѓанскиот концепт на нацијата. Индоктринирањето на таа граѓанска свест преку образованието; реинтерпретирањето (но не и реконструкција) на одредени историски приказни, како што е онаа на Скендербег, дури и онаа на Александар Велики; промовирањето на „еднаквоста во рамките на различноста“ преку повеќејазични медиуми, особено електронски; заедништвото во цивилното општество; соработката во културата и спортот каде веќе постојат позитивни искуства (на пр. легендарниот гол директно од корнер на Артим Шаќири); и сето тоа пропратено со водечкиот економски интерес во капитализмот кој не распознава ниту имиња ниту вероисповест, звучи како легитимна стратегија на долгорочниот политички проект на градење и унапредување на македонскиот граѓански национален идентитет. Оваа идеја наоѓа и своја поткрепа во фиксацијата на евроинтеграциите, својствена за актуелната македонска политика; македонскиот граѓанин многу скоро ќе треба да се соочи со еден за него нов концепт – паневропскиот наднационален идентитет,[24] кој во својата основа го има токму респектот кон културниот диверзитет, граѓанската свест, толеранцијата во пост-модернистичка смисла и отвореноста на заедниците како фундамент на нивното егзистирање.

22 Намерно е избегнат терминот „консоцијална демократија“.

23 Доминик Шнапер, *Заедница на граѓани*, Слово, Скопје, 2003, стр. 113–139.

24 Види: Antoni D. Smit, *Nacionalni identitet,* Beograd, 1998, стр. 265–269.

Клучни зборови: *национален идентитет, Македонија, нација, етницитет*

**Abstract**

There have been various misinterpretations which distorted the whole perception of the national identity as a concept in Macedonia. We all witnessed a terrible experience and want to make sure it won't happen again. Therefore, Macedonia needs to exceed the ethno genealogical concept of the nation and orientate towards the civic point of view. But, the erroneous argumentation and the misuse of some crucial terminology [such as the nation; ethnicity; citizenship] in a multicultural society like the Macedonian, can lead to further inconveniences and confrontations, obstructing the integration process. This essay approaches to the problem of [re]defining the national identity and its interlace with the ethnic identity in order to project the idea of the nation as a mosaic constituted by the citizens, not by the ethnicities. The author also proposes the Macedonian civilian identity as a proper answer to the increasing ethnonationalism.

The author analyses the "rhetoric of the ethnicity", revealing the fallacy [or maybe even a hoax] of equalizing the terms peoples – minority - ethnic groups - nationality [which is present even in the Constitution] by comparing several different theories of the nation and the national / ethnic identity and finally, proposes a possible pragmatic adjustment that could be a part of the long term nation-building project in Macedonia.

Keywords: *national identity, Macedonia, nation, ethnicity*

**Библиографија:**

Доминик Шнапер, *Заедница на граѓани*, Слово, Скопје, 2003
Ерик Хобсбаум, *Нациите и национализмот по 1780,* Култура, Скопје, 1993
Ернст Гелнер, *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје, 2001
Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници,* Култура, Скопје, 1998
Antoni D. Smit, *Nacionalni identitet,* Beograd, 1998
Вил Кимлика, *Мултикултурно граѓанство,* ИДСЦО, Скопје, 2004

# Осврт кон Извештајот за напредок за 2006 година за Република Македонија

Борко Ханџиски

На 8 ноември 2006 година, Европската комисија (ЕК) го објави *Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2006 година* во подготовката за членство во Европската Унија. Извештајот беше објавен како дел од „Пакетот за проширување“ кој Европската Унија го подготвува секоја година. Пакетот за проширување вклучува „*Стратегија за проширување*“, во која Европската комисија ги дава своите видувања за проширувањето на Унијата, и годишни извештаи за напредок за земјите кандидати (во кои влегува и Македонија) и потенцијалните земји кандидати.

За Македонија, годинешниот Извештај за напредок е прв по Мислењето на комисијата за апликацијата за членство, односно по стекнувањето на кандидатски статус. Мислењето на ЕК за стекнување на кандидатски статус се базираше на Аналитичкиот извештај кој ЕК го издаде на 9 ноември 2005 година. Аналитичкиот извештај детално ја опишува состојбата во Македонија по однос на критериумите за членство во Унијата, односно напредокот кој го остварила Македонија во однос на овие критериуми заклучно со 30 септември 2005 година. Познавањето на заклучоците на овој извештај е неопходно за подобро разбирање на Извештајот за напредок за 2006 година кој, пак, го презентира прогресот по однос на критериумите за членство во периодот од 1 октомври 2005 година до 30 септември 2006 година[1]. Значи, Аналитичкиот извештај претставува база за следење на прогресот кон членство, а Извештајот за прогрес за 2006 година ги презентира минатогодишните активности во таа насока. Од особена важност е и фактот што Европското партнерство 2005, кое ги претставува приоритетите на ЕУ по однос на критериумите за членство, беше подготвено врз основа на Аналитичкиот извештај. Овие приоритети, дадени од страна на Унијата, потоа пак ги детерминираа активностите кои ги преземаше Македонија во изминатата година и кои се презентирани во Извештајот за напредок. За подобро разбирање на Извештајот за напредок, покрај приоритетите од Европското партнерство треба да се знаат и обврските на Македонија од Договорот за стабилизација и асоцијација. Македонија сè уште не ги исполнува некои од обврските од овој Договор, и тоа е доследно наведено во Извештајот.

[1] Постојат извесни отстапки во однос на периодот на покриеност, односно Извештајот за напредок за 2006 година вклучува и некои позначителни настани кои се случија во октомври 2006 година.

## Како се мери напредокот?

Европската комисија напредокот во подготовките за членство го мери преку сите оние активности кои ги презела државата во однос на исполнувањето на критериумите за членство, и тоа: донесување на примарно и секундарно законодавство, имплементација на законите и прописите и спроведување на истите[2]. Извештајот е подготвен врз основа на информациите со кои располага Комисијата, а придонес во собирањето на информациите секако имаат и Владата на РМ, земјите членки на ЕУ, меѓународните организации и невладиниот сектор. Анализата на состојбата е објективна и Извештајот ги прикажува како позитивните чекори така и оние преземени активности кои не оделе во насока на подготовка за членство во Унијата. Наодите се прикажани во три поглавја кои соодветствуваат со Копенхагеншките критериуми за членство: *политички критериуми, економски критериуми и капацитети за преземање на обврските за членство* (односно транспонирање на европското законодавство).

## Политички критериуми

Политичките критериуми се поделени во три подгрупи, и тоа: *демократија и функционирање на правото, човекови права и почитување на правата на малцинствата, и регионална соработка и меѓународни обврски*.

Во однос на *демократијата и функционирањето на правото*, опишан е прогресот во работата на Парламентот, Владата, судството и јавната администрација, како и прогресот во борбата против корупцијата. Значителен фокус е ставен на изборниот процес, кој беше наведен како еден од петте клучни приоритети во Европското партнерство. ЕК смета дека измените во изборното законодавство беа соодветни и овозможија одржување на задоволителен изборен процес, согласно меѓународните стандарди. Изборната кампања и самиот ден на изборите поминаа генерално мирно, со одредени нерегуларности пред и за време на изборите. Препораката на ЕК е да се вложат максимални напори за да се овозможи целосно почитување на меѓународните стандарди при наредните избори. Во однос на постизборниот процес и формирањето на новата Влада, ЕК укажува на потребата да се преземат активности кон намалување на политичките тензии помеѓу владејачката коалиција и опозицијата, особено албанската опозиција (т.е. ДУИ–ПДП). Имајќи го предвид специфичниот политички модел на земјата, од круцијално значење за одржување на политичката стабилност е Владата да настојува да се оствари консензус за некои клучни реформи, особено во оние области што се поврзани со имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и во другите области кои бараат двојно мнозинство. Од друга страна, подеднакво нагласена е и потребата опозицијата да биде конструктивна во својата улога. За да се оствари политички консензус, ЕК смета дека

[2] За да се зачува објективноста, во Извештајот не се вклучени оние законски иницијативи и одлуки кои сè уште се во фаза на подготовка или се во процедура на донесување.

итно треба да се воспостават потребните канали на комуникација помеѓу мнозинството и опозицијата.

Особено внимание во Извештајот, исто така, е дадено на реформите на судскиот систем; независно и ефикасно судство е уште еден од петте клучни приоритети во Европското партнерство. Притоа, позитивно мислење е дадено на уставните измени во насока на создавање независно судство, како и на законската легислатива во областа на судството (Закон за судови, Закон за управни спорови, Закон за прекршоци итн.). Секако, од особена важност е имплементацијата на овие закони; ЕК напоменува дека Македонија остварува значителен прогрес во донесување на закони, меѓутоа имплементацијата на овие закони често недостасува. Така и во однос на судството, Комисијата укажува на потребата од ефикасна имплементација на овие закони. Имплементацијата на новиот систем бара и соодветни буџетски средства кои ќе овозможат нормално функционирање на судовите.

Комисијата забележува дека е остварен прогрес во однос на унапредувањето на јавната администрација преку донесување на неколку закони од оваа област (на пр. Законот за пристап до информациите), и понатамошната имплементација на Законот за државни службеници. Од особено значење е новиот Закон за полиција (клучен критериум од Европското партнерство), при што доцнењето во неговото донесување ја оневозможи децентрализацијата во полицијата. ЕК ќе посвети големо внимание на имплементацијата на овој закон, и укажува во Извештајот дека е неопходна конструктивна соработка помеѓу Владата и опозицијата за ефикасна имплементација на овој закон. Позитивно видување е дадено на зголемената улога на Народниот правобранител, но се укажува и на потребата за зајакнување на соработката со Министерството за внатрешни работи. Негативна оценка е дадена на големиот број отпуштања во јавната администрација, бидејќи ваквата практика е во спротивност со заложбата за деполитизација на јавната администрација. За да се има професионална јавна администрација, неопходно е назначувањата да се вршат врз база на работни заслуги, а не врз база на политичка припадност.

Извештајот јасно укажува на тоа дека иако е направен одреден прогрес во борбата против корупцијата, овој проблем е нашироко присутен во општеството. Неколкуте судски казни за корупција (во царината, судството и управата за јавни приходи) се недоволни за сузбивање на корупцијата, така да ќе треба да се направат поголеми напори во зајакнување на инстутициите, зголемување на транспарентноста и имплементација на законите. За остварување на покрупни резултати во борбата против корупцијата неопходна е, пред сè, поголема политичка волја, односно нулта толеранција против корупцијата.

Од областа на *човековите права и почитувањето на правата на малцинствата*, позитивна оценка е дадена за зајакнатата слобода на искажувањето и укинувањето на задолжителниот притвор (со про-

мена на Законот за кривични постапки). Исто така, унапредена е внатрешната контрола во Министерството за внатрешни работи, со цел да се оневозможи злоупотребата на должност во полициските служби. Подобрена е состојбата во однос на правата на малцинствата; зголемен е бројот на вработени од малцинствата во јавната администрација и бројот на студенти од малцинствата во високото образование. Но, Извештајот наведува дека е остварен мал напредок во решавањето на проблемите на ромската заедница, односно дека ќе треба да се зајакнат напорите за имплементација на Националната стратегија за вклучување на Ромите.

Европската комисија многу позитивно ја оценува активната улога на Македонија во зајакнувањето на *регионалната соработка*, пред сè преку активното учество во голем број регионални иницијативи (ЦЕФТА, Пактот за стабилност, Централноевропската иницијатива итн.). ЕК особено ја поздравува конструктивната улога на Македонија во решавањето на статусот на Косово, како и напредокот во развојот на односите со соседите. Извештајот исто така укажува дека Македонија целосно соработува со Хашкиот трибунал.

## Економски критериуми

Двата економски критериуми за членство се: *постоење на функционална пазарна економија* и *капацитет за справување со конкуренцијата на пазарот на Унијата*. Во изминатата година, Македонија оствари значителен напредок кон создавањето функционална пазарна економија. Постои општ консензус за основите на економската политика, земјата успешно ја одржува макроекономската стабилност и има умерен пораст на бруто општествениот производ. Особен прогрес е забележан во олеснувањето на регистрацијата на фирми со воведување на едношалтерскиот систем (уште еден од клучните приоритети на Европското партнерство). Владата продолжи со приватизација на последните неколку државни претпријатија. Областите кои сè уште го оневозможуваат целосното функционирање на пазарната економија се нефункционирањето на правото и непостоењето на правна сигурност, нецелосната гаранција на правото на сопственост, и диспаритетите на пазарот на труд. Во однос на одделните сектори, позитивно се оценети напредокот во развојот на финансискиот сектор (кој сè уште заостанува во нивото на развој во споредба со другите земји кандидати), високиот степен на трговска интеграција со Унијата и зголемената флексибилност на пазарот на работна сила. Областите во кои не е остварен доволен напредок се: имплементацијата на Законот за стечај, нискиот обем на инвестиции, бавното решавање на судските спорови и нерешавањето на проблемите со индиректната државна помош (односно неплаќањето на даноци и социјални придонеси од страна на одделни компании).

## Капацитети за преземање на обврските за членство

Ова поглавје од Извештајот го опишува прогресот во приближувањето на националното законодавство кон европското законодавство, acquis communautaire, кое е поделено во 33 поглавја. Притоа, прогресот се следи не само преку усогласување на законодавството туку и преку имплементацијата на истото, како и преку мерење на капацитетот на инстутициите да ги исполнуваат обврските. Прогресот по 33-те поглавја во текот на изминатата година е нерамномерен. Така, во одделни области, како царина, јавни набавки, бизнис законодавство, е остварен значителен прогрес, додека во областа на телекомуникациите, интелектуалната сопственост и државната помош, прогресот е незадоволителен. Во некои области, како што се животната средина и земјоделието, и покрај тоа што е остварен прогрес, Македонија значително заостанува во однос на европското законодавство. Така, од особено значење е во иднина да се даде поголем приоритет на овие области.

Од анализата на прогресот по одделни поглавја може да се заклучи дека капацитетот на институциите е доста нерамномерен и, се разбира, побрз напредок е остварен во оние области каде институциите имаат поголем административен капацитет. Друг хоризонтален заклучок кој произлегува од Извештајот е дека напредокот по поглавјата е значителен во однос на донесувањето на примарно и секундарно законодавство, но често изостанува имплементацијата. ЕК смета дека во иднина треба да се направат засилени напори за зголемување на капацитети за имплементација на законските прописи.

## Заклучок

Извештајот за напредок на Република Македонија во подготовките за членство во Унијата укажува дека изминатата година е остварен значителен напредок по однос на сите критериуми за членство. Фокусот на реформите беше кон остварување на клучните приоритети од Европското партнерство, исполнување на обврските од Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА) и адресирање на проблемите во областите кои беа идентификувани како најпроблематични во Аналитичкиот извештај од мислењето за членство. Успешно беа исполнети четири од петте клучни критериуми од ЕП. Единствено не беше забележан доволен прогрес во либерализацијата на телекомуникацискиот сектор, кој е не само петтиот клучен критериум од ЕП, туку и обврска од ДСА. Во однос на политичките критериуми, најпозитивни оценки се дадени за отпочнатите реформи во судството и за одржаните парламентарни избори. Притоа, треба да се напомене дека изборите всушност го скратија периодот за имплементација на реформите, па така низа законски предлози останаа неусвоени од страна на Парламентот. Почитувањето на малцинските права останува на високо ниво, и процесот на децентрализација се одвива со задоволително темпо. Неопходно е понатамошно зајакнување на јав-

ната администрација со цел побрзо да се усогласат законодавството и институциите со acquis communautaire. Македонија продолжува да демонстрира макроекономска стабилност и забрзан економски раст, но сè уште не може да се смета за функционална пазарна економија поради недоволната правна сигурност и нецелосното владеење на правото. Напредокот по поглавјата од acquis communautaire е нерамномерен, при што е усвоена значителна законска легислатива, но сè уште недостасува имплементација во низа области.

За крај, најбитниот заклучок од Извештајот за напредок за 2006 година е дека остварениот напредок во изминатата година е недоволен за Европската комисија да предложи започнување на преговори за членство со Република Македонија. Отпочнувањето на преговорите ќе зависи од реформите кои ќе бидат остварени во наредниот период, односно од Извештајот за напредок за 2007 година.

* Произнесените ставови во овој текст се исклучиво на авторот и не мора да соодветствуваат со официјалните ставови на Европската комисија.

**Abstract**

On 8 November, the European Commission published the first progress report for the Republic of Macedonia since the country was granted candidate status. The report provides a comprehensive and objective assessment of the progress that Macedonia made in the preparation for EU membership. The progress is presented in three chapters that correspond to the Copenhagen criteria for EU membership. The country made a substantive progress in number of key areas; four out of the five key priorities of the EU partnership were met. Significant progress was made in adoption of legislation, whereas implementation and enforcement of legislation needs to be further strengthened. Based on the findings of the report, the European Commission did not propose to the Council that a date for opening of negotiations is set.

# Транснационалните партии во регионалната соработка: влијанието на Европската народна партија во Централна и Југоисточна Европа[1]

Иво Санадер

Европската народна партија (ЕНП) имаше значајна улога во насочувањето на политиките на државите од Централна и Југоисточна Европа кон европските интегративни процеси. По паѓањето на комунизмот во Источна Европа, новите демократии кои се појавија на историската сцена се стекнаа со сила и стабилност преку нивната соработка со транснационалните партии на Европската Унија. Европската народна партија беше активна уште од почетокот на овој процес, и беше најуспешна токму во препознавањето на новите потреби на луѓето од Источна Европа, како што тие се ослободија себеси од диктаторството, изградија слободни општества и се насочија кон обединување на нашиот континент.

По завршувањето на Втората светска војна, народните партии со демохристијански и центристичко-десничарски предзнаци од разни држави на Западна Европа ја искористија новата слобода не само да помогнат во повторното градење на нивните националните демократски системи туку и да ги постават основите за интегрирање на целиот Европски Континент. Овие политички сили својата вистинска сила на европско ниво ја добија преку основање на Паневропската партија за да се приклучат на проектот за европско обединување, истовремено протежирајќи ги демохристијанските и централно-десничарски вредности. Во оваа смисла, организациите кои претходеа на ЕНП станаа главната движечка сила на процесот на интегрирање на Западна Европа. Со завршувањето на Студената војна, овие организации ја прифатија обврската кон целиот континент со извонредна посветеност и кредибилитет, како што тоа подоцна го стори и самата ЕНП.

Како најголема политичка партија во Хрватска, Хрватската демократска заедница (ХДЗ) ја призна ЕНП како свој природен партнер на европско ниво. Демохристијанството во Хрватската имаше свое место во обединувањето на Европска – факт кој е мошне добро илустриран со придружното членство кое ХДЗ го има во ЕНП. Инаку, ХДЗ припаѓа на меѓународното семејство на централно-десничарските народни партии кои се потпираат на демохристијанските вредности и кои работат на заедничката идеа – обединет и слободен Европски Континент. По четири години во опозиција, ХДЗ стана партија на власта во Хрватска од 2003 година. Во

[1] Оригинален текст: European View 3 (2006): 135–141.

првата половина од мандатот на новата влада, Хрватска се стекна со статус на земја кандидат за членство во Европската Унија, а од есента 2005 година државата ги започна преговорите за пристапување кон ЕУ. Успехот на реформските политики на владата на ХДЗ досега ни даваат право да бидеме оптимисти дека Хрватска ќе биде подготвена да учествува на следните избори за Европскиот Парламент кои треба да се одржат во 2009 година.

Постојат три клучни области во кои се гледа влијанието на ЕНП во Централна и Југоисточна Европа, по раскинувањето со поранешната идеологија и геополитичките структури во овој дел од Европа. Првиот дел од овој текст објаснува како централно-десничарските партии во Европа денес споделуваат мошне слични вредности, и како во изминатиот век споделувале мошне слични историски искуства. Ова резултира во нивни заеднички политички цели сега и за во иднина. Нивната успешна соработка со ЕНП претставува логичко продолжување на сите овие околности.

Вториот дел ќе се однесува на тоа како соработката помеѓу ЕНП и ХДЗ имаше важна улога во модернизирањето на политичката сцена во Хрватска, и како ЕНП и нејзините партии-членки, вклучувајќи ја и ХДЗ, придонесоа кон стабилизацијата на Југоисточна Европа. Третиот дел посочува како ЕНП и нејзините партии-членки играа важна улога во објаснувањето на хрватската приказна, и на целата Југоисточна Европа, на ЕУ институциите како и на земјите членки на ЕУ, и како овој напор придонесе кон отворањето на пристапните преговори на Хрватска со ЕУ, како и во давањето на јасна ЕУ перспектива на целата Југоисточна Европа. Конечно, завршниот дел од текстот дава некои предлози за тоа што би можела да направи ЕНП за да остане и понатаму движечка сила на идниот развој на Европа.

## Заедничките вредности како основа за транснационална соработка

Во првата половина од дваесеттиот век, европските централно-десничарски и демохристијански политички сили имаа слични развојни патишта. За политичката платформа на демохристијаните од Централна Европа, писмото на Папата, насловено како *Rerum Novarum,* имаше особено важна улога. Ова писмо содржи препораки за тоа како да се оди кон градење на едно праведно општество, во услови на пазарна економија, и имајќи ги предвид иманентните социјални предизвици. Истото писмо, заедно со сличните протестантски учења, претставува камен темелник на христијанската демократија до ден денес. Во случајот со хрватското општество помеѓу двете светски војни, демохристијанската мисла и идеите кои произлегуваа од општествените визии типични за народните партии во Централна Европа, беа изразувани од страна на Народната и селанска партија на Хрватска која во тоа време беше доминантна на хрватската политичка сцена.

Лидерот на партијата, Стјепан Радиќ, обично во своите говори ги потенцираше пораките од писмото

на папата *Rerum Novarum.* Неговата партија беше најсилната партија во Хрватска во периодот од 1918 до 1941, бидејќи се спротивставуваше на хегемонистичките политики на Белградскиот суд во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (подоцна наречено Кралство Југославија), во чии рамки беше Хрватска помеѓу двете светски војни. Многу елементи од идеолошката платформа на Радиќ, заедно со одредени елементи од политичкото наследство на Анте Старчевиќ и Хрватското антифашистичко движење, ги инспирираше основачите на ХДЗ кон крајот на осумдесеттите години. И така, по 50 години прекин поради Втората светска војна и комунистичката диктатура, централно-десничарските политички идеи повторно го добија своето место и влијание во политиката на Хрватска.

Со соединувањето на правата за национално самоопределување и индивидуални слободи, со правата на националните малцинства, принципите на социјална пазарна економија и со другите демохристијански вредности, и имајќи ја одлучната политика за интегрирање на Хрватска и на Југоисточна Европа во Европската Унија, ХДЗ уживаше мнозинска поддршка кај хрватските гласачи за време на поголемиот дел од транзицијата, на татковинската војна, времето на меѓународното признавање и профилирање на Хрватска.

Поединечните истории на централно-десничарските партии во Европа можеби содржат голем број национални и партиски карактеристики, но сепак постојат круцијални паралели. Овие паралели се базираат на сличните искуства од авторитарните власти и тоталитаризмот во дваесеттиот век. Драматичното и погубното искуство со национал-социјализмот, фашизмот и (во Источна Европа) комунизмот, имаше погубни последици врз сите Европејци, и помогна да се изгради силно убедување кај европските централно-десничарски политичари за идеите и вредностите врз основа на кои европските држави и општества треба да се градат во иднина. Уште една заедничка карактеристика е идејата за развивање на народните партии која е длабоко вкоренета во општественото ткиво и отворена за сите општествени групи, а исто така ги промовира и идеите за индивидуална слобода и еднаквост.

Секаде во Европа конзервативците и демохристијаните станаа народни политички партии со влијание во нивните општества. Како бастиони против фашизмот и комунизмот, но секогаш подготвени за дијалог и соработка со демократските сили, тие се развија во партии од власта кои често ги обликуваа западноевропските демократии и европските интегративни процеси.

Со повторно стекнатата слобода на почетокот на деведесеттите години, централно-десничарските и демохристијанските партии, од Балтикот до Јадранското Море, презедоа улоги кои беа еднакво важни како и оние улоги предводени од нивните сестрински партии во западните земји, во годините на Студената војна. Мнозинството од овие партии во новите демократии поминаа, или сè уште поминуваат, низ процесот на трансформација од социјално или национално движење

до модерни централно-десничарски партии.

Од тие причини, воспоставувањето на професионална партиска администрација и на јасен идеолошки профил, споредливи со сестринските партии од западните земји, сè уште, во голем број случаи, претставува тековен процес. Токму во соочувањето со ваквите предизвици, ЕНП, заедно со своите партии-членки од Западот и нивните соработници во истражувањето, и понатаму ќе продолжат да играат важна улога. Ова е особено случај со некои држави од Југоисточна Европа.

Соработката со ЕНП и поединечно со сестринските партии од Западна Европа се покажа како незаменлива за успешниот развој на модерните централно-десничарски партии во цела Западна Европа за време на деведесеттите години. Уште од новите почетоци на централно-десничарските и демохристијанските политики во Источна Европа, заедничките фундаментални вредности веќе постоеја во доволна мерка за да може да се случи взаемно признавање помеѓу ЕНП и нејзините партии-членки, од една страна, и централно-десничарските во Источна Европа, од друга страна. Проширувањето на ЕНП кон Истокот и успешната паневропска соработка, едноставно, беше следниот логичен чекор.

Улогата на соработката помеѓу ЕНП и ХДЗ во напредокот на Југоисточна Европа, ХДЗ ги искористи четирите години во опозиција (од јануари 2000-тата до ноември 2003-тата година) за внатрешна реформа на партијата – некои дури и велат дека партијата повторно се воспостави себеси – со цел усогласување на партијата со стандардите на ЕНП и нејзина подготовка за повторното преземање на власта. Сега, партијата беше подготвена да даде импулс на новата фаза од развојот на државата, која ќе биде реализирана преку интегрирање на Хрватска во Европската Унија.

Оваа реориентација резултираше во зголемена соработка со партиите-членки на ЕНП, како што се германските CDU и CSU, австриската ÖVP, француската UMP, унгарската Fidesz, словачката SDKU, италијанската Forza Italia и швајцарските Moderates. Истата ја олесни и поддршката на нивните високи и останати партиски лица во процесот на модернизација на партијата. ЕНП функционираше како одлична транснационална мрежа на партии, која се покажа способна да го организира неопходното пренесување на знаењето. Конференциите и семинарите кои беа организирани од ЕНП и нејзините партии-членки ѝ помогнаа на ХДЗ да се освежи и повторно да ја потенцира својата европска ориентација. Исто така, кога доаѓаше до политичките кампањи, многу нови импулси дојдоа токму од поединечните партии членки на ЕНП. Сето ова беше во полза на победата на ХДЗ на парламентарните избори во 2003 година.

Веднаш по успехот на изборите, ХДЗ се потврди себеси дека е вистински член на семејството на ЕНП, споделувајќи ги вредностите и принципите на оваа европска народна партија. На пример, при создавањето на владината коалиција, ХДЗ веднаш се нафати на решавање на

едно централно прашање за развојот на хрватското општество, и тоа успешната интеграција на националните малцинства. Сите претставници на националните малцинства, особено претставниците на српското малцинство, беа интегрирани во владината коалиција. Во истиот тој дух на помирување, само неколку денови откако стапив на моите нови должности во владата, учествував, како новоинаугуриран премиер, на божиќната прослава на Српската православна заедница во Загреб и посакав среќен Божиќ на српски јазик пред насобраните верници. Овој гест беше вистинско отворање на очите во поствоеното општество, со кој вистински се покажа новиот начин на размислување во Хрватска и симболизирање на политиката за која се залагаа ХДЗ и новата влада.

Во линија на европската визија која ја споделуваат ЕНП со својот претседател Вилфред Мартенс и ХДЗ, хрватската Влада исто така започна да го оди двонасочниот пат во својата политичка стратегија. Таа се залага за забрзано пристапување кон ЕУ преку севкупни внатрешни реформи и усогласување со Европската Унија, истовремено одржувајќи тесни врски со Брисел и со сите поважни градови на ЕУ. Во исто време ја зајакнува и регионалната соработка во Југоисточна Европа, делувајќи како ЕУ мост кон Југоисточна Европа. Надворешната политика на Хратска се покажа како уште еден корисен пример во кој ЕНП, како транснационална европска партија, играше мошне важна улога. Преку постоечките структури на ЕНП, ХДЗ ја имаше можноста успешно да ги застапува ЕУ амбициите на хрватската Влада во Брисел и во земјите членки на ЕУ.

Мрежата на ЕНП исто така имаше (и сè уште има) важна улога во соработката која Хрватска ја има со соседите од Југоисточна Европа, бидејќи многу земји од Југоисточна Европа имаат партии на власт кои се веќе во соработка со ЕНП. Освен традиционалната билатерална комуникација, рамката и принципите на ЕНП уште повеќе ја засилија соработка со СДА, со ХДЗ–БиХ и со ПДП од Босна и Херцеговина, како и со ДСС и со Г17+ од Србија.

Како показ на регионалната соработка, јас бев првиот хрватски премиер кој официјално го посети главниот град на Србија, Белград. Овој историски настан се случи на крајот на 2004 година. Имав мошне корисни разговори со српскиот премиер Воислав Коштуница; потпишавме повеќе договори и се согласивме да ја засилиме нашата економска соработка. Во оваа прилика го усвоивме и заедничкото „добрососедско партнерство со европска визија“, како долгорочна платформа за односите помеѓу нашите две земји. Во меѓувреме, српскиот премиер исто така го посети и Загреб.

Мотивите за сите овие активности е нашата заедничка убеденост дека добрите односи помеѓу Хрватска и Србија се централни за стабилноста и за ЕУ перспективата на Југоисточна Европа во целина. Затоа, мошне охрабрувачки е што овој регионален процес е поддржан и помаган од сестринските партии на ЕНП. Традиционално добрите односи со членот на ЕНП од Словенија, СДС, раководени од премиерот Јанез Јанша, се исто така во насока

на продлабочувањето на долготрајното хрватско-словеначко пријателство и заеднички напори како европски партнери.

Модерните и ЕУ-ориентираните политики кон кои ХДЗ се стреми во изминатите години резултираа не само во тоа Хрватска денес да стане пример за останатите држави од Југоисточна Европа на нивниот пат кон ЕУ туку, исто така, и во тоа ХДЗ да стане ЕНП пример за многу централно-десничарски народни партии во Југоисточна Европа. Начинот на кој ХДЗ успеа се усогласи со ЕНП и начинот на кој потоа ги спроведе реформските политики во корист на сите хрватски граѓани ги наведе сите централно-десничарски партии од Југоисточна Европа да размислуваат „кога можеше ХДЗ, зошто не би можеле и ние“? Уште повеќе, успехот на ХДЗ и нејзината тесна соработка со ЕНП ја направи ЕНП да биде познат и почитуван фактор како во хрватската така и во политиката на нашите соседни земји. Следи дека останатите партии сега бараат зближување со ЕНП. Сето ова покажува како европската идеја стана мошне силна во изминатите години и колку соработката помеѓу ЕНП и ХДЗ придонесе кон стабилноста и напредокот на Југоисточна Европа.

## Како ЕНП ѝ ги објасни на ЕУ Хрватска и Југоисточна Европа

Не само што ЕНП беше инструментална во промовирањето на европската визија и европските стандарди кај многу партии од Југоисточна Европа туку и транснационалниот карактер на ЕНП направи таа да биде толку поскакуваниот толкувач на Хрватска и цела на Југоисточна Европа во ЕУ институциите и во земјите членки. Ова навистина излезе дека е процес кој функционираше двострано и во нашата взаемна полза.

Многу политичари од ЕУ беа свесни дека еден од најголемите предизвици со кои Европскиот Континент се соочи на почетокот од овој век веќе беше прашањето за стабилизација на Југоисточна Европа. Многумина не го увидоа огромниот потенцијал за исполнување на овој предизвик поврзан со стабилноста, а кој ѝ претстои на Хрватска во нејзиниот пат кон ЕУ. Успешните реформи на Хрватска, како и фактот дека ЕУ беше подготвена да ги признае истите одобрувајќи го пристапувањето (во моментот кога државата ги исполни пристапните критериуми), им ја дадоа на сите останати реформски сили во Југоисточна Европа решителноста да направат напредок и да им објаснат на своите граѓани дека политиките на реформи се исплатливи. Иако горенаведеното е очигледно, сепак истото беше неопходно да им се предочи на оние кои ги донесуваат одлуките во ЕУ и во нејзините земји членки. ЕНП имаше централна улога во објаснувањето, на сите нивоа на ЕУ, дека Хрватска работи како агенс на стабилноста во Југоисточна Европа (што уште повеќе го продлабочува интересот на ЕУ) и дека, од тие причини, ја заслужува поддршката на Унијата. За да се пренесе оваа порака, ЕНП ги отвори сите свои канали во ЕУ, потврдувајќи се себеси уште еднаш како влијателна транснационална партија.

На ниво на Европскиот парламент, состаноците со ЕНП-ЕД групата беа успешно организирани, а исто такви беа и состаноците со соодветните претставници од другите парламентарни групи и со Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент. Како последица од ова, хрватските претставници имаа можност да го објаснат пристапот на Хрватска кон ЕУ и неговото влијание врз регионот.

Раководството на ЕНП како и видните партии-членки на ЕНК, како што се CDU и CSU од Германија, ÖVP од Австрија, SDKU од Словачка, Nea Democratia од Грција, SDS од Словенија, CSV од Луксембург, Fidesz од Унгарија, ODS од Чешката Република итн. го искористија своето влијание да им ја предочат на своите пријатели и соработници во ЕУ сегашната состојба во Југоисточна Европа.

На ниво на комитети од регионот, ЕНП исто така презеде многу активности кои го проширија знаењето за Хрватска и за Југоисточна Европа помеѓу земјите членки. Во овој контекст, конференцијата која ја организираа комитетите на регионите и ЕНП во Дубровник (јуни 2005 година) исто така значително придонесе за разбирањето на тоа колку се компатибилни Хрватска и традиционалните земји членки на ЕУ.

Освен тоа, статутарните средби на ЕНП (кои редовно се одржуваат пред состаноците на Европскиот совет и на едно место ги собираат сите претседатели на ЕНП и сите ЕНП шефови на влади од разни европски држави) имаа извонредно важна улога. Како претседател на ХДЗ и премиер на Хрватска, сум имал повеќе можности да присуствувам на овие статутарни средби и да ја добијам поддршката од ЕНП, премиерите за релевантните одлуки на Европскиот совет, кои требаше да се донесат во однос на ЕУ перспективата на Хрватска и на Југоисточна Европа.

Во овој контекст, важно е да се напомене дека во септември 2005 година, на иницијатива на претседателот на ЕНП, Вилфред Мартенс, беше испратено писмо од девет премиери од ЕУ до британскиот премиер и претседател на Европскиот совет Тони Блер, со кое се бара отворање на пристапните преговори со Хрватска.

Сега кога Хрватска успешно ги води преговорите за пристапување во ЕУ, и имајќи предвид дека секоја држава од Југоисточна Европа (откако ќе ги исполни копенхагенските и другите критериуми) има јасна перспектива за приклучување кон ЕУ, можеме да заклучиме дека работата направена од ЕНП беше од историска важност за севкупното позиционирање на Хрватска во ЕУ перспектива и за зачувување на постојаниот правец во кој се движи Југоисточна Европа.

Овие ЕНП активности се збир од повеќе напори преку кои ЕНП покажала, на разни транснационални нивоа, дека работи како вистинска европска партија, која ги спојува различните делови на Европа, и која секогаш ги има предвид интересите на континентот за кој работи.

## Решавање на големите прашања на модерна Европа, со самодоверба

Сега кога слободата, демократијата и националното самоопределување се веќе остварени во речиси сите земји од Централна и Југоисточна Европа, фокусот е ставен на искористување на историската шанса за сите Европејци да уживаат во слободата и да градат заедничка европска иднина.

Нема сомнение дека идејата или сонот за обединета Европа, Европа на слободата, мирот, толеранцијата и човечката солидарност, беше во голема мерка инспирирана од централно-десничарските и демохристијанските идеи. Многу од политичарите и академиците кои го промовираа и започнаа процесот на европска интеграција во педесеттите години припаѓаа токму на оваа политичка мисла. Францускиот министер за надворешни работи Робер Шуман, германскиот канцелар Конрад Аденауер и италијанскиот премиер Алчиде де Гаспери беа демохристијани, додека легендарниот британски премиер Винстон Черчил доаѓаше од британската конзервативна традиција. Сите овие луѓе беа водени од идејата дека, по завршувањето на Втората светска војна, соочени со големи поделби на континентот, мораше да се стори сè што е можно за да се овозможи Европа да стане обединет и слободен континент. Уште повеќе, преку развојот на европскиот проект во подоцнежните децении, централно-десничарските политичари и понатаму продолжија да даваат извонредни значајни придонеси.

Во однос на сите овие историски придонеси, и централно-десничарските и демохристијаните во Европа го имаат секое право да бидат исполнети со самодоверба. Од тие причини, од суштинско значење е да се чуваат во фокусот историскиот придонес кој оваа политичка сила го има направено кон големите прашања со кои се соочува модерна Европа. Само доколку ЕНП, како транснационална партија, заедно со нејзините партии-членки и понатаму ги земаат предвид овие прашања, и даваат убедливи одговори на нив, овој политички пристап ќе има иднина.

Постмодернизмот, кој доминираше со општествата во Западна Европа едно определено време и, последно, и во општествата на Источна Европа, се карактеризира со вознемирувачка загуба на фундаменталните принципи. Токму поради релативноста и несигурноста, кои се мошне типични за нашите постмодерни општества, повторното откривање на некои од фундаменталните христијански вредности би било од голема помош. Постои мнозинство од европските општества, неподелени според традиционалната политичка левица или десница, кои чувствуваат дека нашите општества се менуваат во корен, дека преголем акцент се става на поединецот и дека претстои доминација на опасните консументи и профитно-ориентираните. Оние кои ќе можат да дадат убедлив одговор на ова фундаментално прашање, иманентно на нашиот западен стил на живеење, ќе биде на челото на напредокот.

ЕНП и нејзините партии-членки треба да бидат во иста линија со оние кои ќе можат убедливо да им

објаснат на нашите граѓани дека зголемената несигурност и отуѓување, кое многумина го почувствувале живеејќи го западниот начин на живеење, може успешно да бидат решени со основните вредности кои порано на толку лесен начин беа напуштени. Политика која го комбинира општествениот напредок со повеќе основни вредности кои произлегуваат од нашето христијанско етичко наследство, ќе може да даде корисни одговори на предизвиците со кои се соочува нашето современо живеење.

Верувам дека политичката платформа која произлегува од ова етичко наследство, и која е подготвена да го примени принципот на споредност (субсидијарност) ќе однесе победа во најголем дел од Европа. Таквата политика ќе биде признаta како модерна и напредна, поради тоа што ја зема предвид општата загуба на вредностите и меѓуповрзаната потреба за ориентација која денес ја чувствуваат нашите граѓани.

И конечно, недоразбирањето помеѓу западниот и исламскиот свет може, исто така, да биде решено преку дијалог кој би можел да се базира на етичките сличности помеѓу нашите две цивилизации. Етичките учења кои произлегуваат од јудејско-христијанското наследство, како и од исламското наследство, се мошне слични, и од тие причини нудат шанса за зближување врз основа на вредностите и можност да учиме едни од други чекор по чекор. Со оглед на тоа дека ЕНП е исто така во тесна врска со партиите со исламска позадина, како што е босанската СДА и турската АКП, постојат големи можности за ЕНП да даде оригинален придонес кон сегашната мошне неопходна потреба за дијалог помеѓу западниот и исламскиот свет.

Како човечки суштества, не можеме секогаш да ја разбереме, предвидиме или предодредиме целосната претстава за нашиот свет. Но, можеме да направиме напор да го примениме во нашиот систем на вредности ставот „дека го правиме вистинското нешто“ во секој конкретен случај. Ова значи да се биде активен во интерес на нашите пријатели – како човечки суштества. Доколку Европската народна партија успее да излегува во пресрет на основните човечки и општествени вредности, тогаш ЕНП ќе биде од големо значење за иднината на Европа.

**Abstract**

In the text the author elaborates on the influence of the transnational European parties, the European People's Party in particular, on the European integration processes in South-East Europe. The author points to the links in the shared political values, and the support that the transnational party federations have given to the reform of the political parties in South-East Europe. On the other hand the EU wide party federations have also played a key role in the presentation and promotion of South-East European countries as future EU Member States. In return the political parties in South-East Europe had the opportunity to promote and enrich the idea of united Europe, thus broadening the debate all around Europe.

# Грчко-македонскиот спор околу името во светлото на „хексагонот за решавањето на конфликтот“

Оливер Шварц
Хајнц-Јирген Акст
Симон Виганд

За политиката е сигурно: европеизацијата ги забрзува стабилизацијата и решавањето на конфликтот. Научната потврда на таквиот контекст сепак не е доволно убедлива[1]. Во првиот дел од текстот ќе го разработиме аналитичкиот „хексагон за решавање на конфликтот“ за да направиме емпириска проверка на оваа теза. Во вториот чекор овој аналитички приод ќе го објасниме на примерот на грчко-македонскиот спор околу името. Притоа, во центарот на интересот ќе биде прашањето колку односните страни го обработуваат постоечкиот конфликт во рамките на европските норми и вредности, процедури и институции.

## 1. Хексагон за решавање на конфликтот

Хексагонот за решавање на конфликтот ни служи за да одговориме на општото прашање-водилка: Во колкава мера европеизацијата може да придонесе за мирно решавање на конфликтот? За таа цел прво мора да објасниме што се подразбира под поимите „конфликт“, „решавање на конфликтот“ и „европеизација“. За конфликти се сметаат следниве: „... the clashing of interests (positional differences) on national values of some duration and magnitude between at least two parties (organized groups, states, groups of states, organizations) that are determined to pursue their interests and win their cases.“.[2] Поимот решавање на конфликтите опфаќа мноштво стратегии за обработка на конфликтите, кои се обидуваат да создадат една добитна ситуација и/или целат кон завршеток со директно насилство. Затоа овие стратегии се outcome-ориентирани и спаѓаат во логиката на методот rational-choice.[3] Често цитираниот обид за специфицирање на поимот европеизација, го направи Радаели: „Europeanisation consists of processes of a) construction, b) diffusion and c) institutionalisation of formal and informal rules, procedures, policy paradigms, styles, ‘ways of doing

[1] Да се докаже тоа е намерата на истражувачкиот проект „Решавање на конфликтот со европеизацијата? Грција и нејзините соседи Македонија и Турција“ (подетални информации под http://www.europeanization.de). Авторите ѝ благодарат на фондацијата Фолксваген за нејзината великодушна поддршка.

[2] „... судир на интереси (разлики на позиции) на национални вредности со извесно траење и важност меѓу најмалку две страни (организирани групи, држави, групи држави, организации) одредени да го следат својот интерес и да ги добијат своите случаи ...“ (заб. прев.). Сп. HIIK, *Conflictbarometer 2005. Crisis, Wars, Coups d’État, Negotiations, Mediations, Conflict Settlements* (Heidelberg: 2005), ii, http://konfliktbarometer.de/en/barometer2005/ConflictBarometer2005.pdf (пристап 13. ноември 2006 год.).

[3] Сп. Reimann, Cordula, *Assessing the state-of-the-art in conflict transformation* (Berlin: Berghof Research Center for Constructive Conflict Management, 2005), 8–9, http://www.berghof-handbook.net/uploads/download/reimann_handbook.pdf (пристап 17. ноември 2006 год.).

things', and shared beliefs and norms which are first defined and consolidated in the EU policy process and then incorporated in the logic of domestic (national and subnational) discourse, political structures and public policies."[4] Според тоа, под решавањето на конфликтот со помош на европеизација се подразбира обработка на конфликтите во рамките на „европските" норми, вредности, процедури и институции. Овде е важно да се направи дистинкција помеѓу вистинското влегување во ЕУ и генералната европеизација. Во таа смисла ЕУ конструира сопствени норми и вредности и ги спојува со acquis communautaire[5] од нејзина страна како и во рамките на нејзините институции, но сепак притоа ги користи и дифундира нормите и вредностите на други организации (Советот на Европа, КФОР, НАТО или ОН).

Како што веќе напоменавме, за да се одговори прашањето во која мера европеизацијата дејствува врз решавањето на конфликтот ќе се повикаме на хексагонот за решавање на конфликтот. Овој хексагон упатува на вкупно шест променливи (види сл. 1). Од нив детерминирачката променлива ја претставува т.н. „ниво на европеизација". На неа се надоврзуваат уште пет други променливи, кои можат да се означат како модифицирачки променливи. Детерминирачката променлива ја одредува веројатноста на решавање на конфликтот по пат на европеизација. Вистина е дека модифицирачките променливи можат да го инхибираат или поттикнат процесот за решавање на конфликтот, но сепак, најпосле, за перспективата на решавање на конфликтот пресудно е нивото на европеизација.

*Сл. 1 Хексагонот за решавање на конфликтот*




Извор: сопствено претставување

Со нивото на европеизација се утврдува влијанието во длабочина на европеизацијата на односната страна на конфликтот. Ова ниво на европеизација може да се објасни со индекс од А до Д (в. сл. 2)

*Сл. 2 Ниво на европеизација на едната страна на конфликтот*

| индекс | европеизација | ниво |
|---|---|---|
| **А** | не постои | |
| **Б** | површна | владина политика |
| **В** | | политички актери |
| **Г** | | медиуми |
| **Д** | длабока | цивилно општество |

Извор: сопствено претставување

[4] „Европеизацијата се состои од процеси на а) конструкција, б) дифузија и в) институционализација на формални и неформални правила, процедури, политички парадигми, стилови, „начини на вршење на работите", исти верувања и норми кои прво се дефинираат и консолидираат во процесот на политиката на ЕУ, а потоа се инкорпорираат во логиката на домашниот (национален и субнационален) дискурс, политичките структури и јавните политики" (заб. прев.). Radaelli, Claudio M., „Europeanisation: Solution or Problem?" *European Integration Online Papers* 8, Nr. 16 (2004), 3, http://eiop.or.at/eiop/pdf/2004-016.pdf (пристап 21. ноември 2006 год.).

[5] Сè што е направено од страна на ЕУ (заб. прев.).

За да нема недоразбирања: Нивото на европеизација нема никаква врска со „европската зрелост“ (исполнување на Копенхагенските критериуми и сл.), туку кажува дали некоја страна на конфликтот е волна и кадарна да разреши одреден конфликт согласно прописите за европеизација. Тоа треба да се објасни во делот што следува.

*Ниво на европеизација:* Дискусијата за механизмите на дејствување на европеизацијата во принцип го рефлектира парадигматскиот дискурс помеѓу реалистичниот и институционалистичкиот/конструктивистичкиот начин на мислење во меѓународните односи.[6] Според тоа, европеизацијата може да подлежи на logic of consequences или на logic of appropriateness.[7] Додека првата се темели на класичната калкулација на трошоци-добивки, втората многу повеќе ја одликуваат процесите на учење и социјализација. Со дистинкцијата на овие две логики на европеизација истовремено се прифаќаат и соодветните актери и страни на конфликтот. Според Диц, Агантопоулос и Калибер, тие ќе треба да се класифицираат на следниов начин:

- владина политика, која на преден план од анализата ги става политичките содржини на односните национално-државни влади,
- политичките актери, при што особено треба да се земат предвид моделите на мислење и дејствување на односните национални парламенти, партии и групи заинтересирани,
- медиумите, кои може да се сфатат како индикатори на односниот национален дискурс и
- цивилното општество, преку анкетите за мислење ја опфаќа заедничката конструкција на нормите и вредностите како и променливата перцепција на општеството.[8]

Овие четири нивоа учесници се сфаќаат како димензии на длабочина на европеизацијата, која може да се објасни преку еден индекс од

*Сл. 3 Ниво на европеизација на конфликтот*

| | | страна на конфликтот А | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| страна на конфликтот Б | | А | Б | В | Г | Д |
| | А | не постои | не постои | не постои | не постои | не постои |
| | Б | не постои | незначително | незначително | незначително | незначително |
| | В | не постои | незначително | средно | средно | средно |
| | Г | не постои | незначително | средно | веројатно | веројатно |
| | Д | не постои | незначително | средно | веројатно | високо |

Извор: сопствено претставување

[6] Сп. Axt, Heinz-Jürgen, Antonio Milososki und Oliver Schwarz, „Europäisierung – ein weites Feld. Literaturbericht und Forschungsfragen,“ *Politische Vierteljahresschrift* (i.E.).

[7] Сп. Schimmelfennig, Frank und Ulrich Sedelmeier, „Introduction: Conceptualizing the Europeanization of Central and Eastern Europe,“ in *The Europeanization of Central and Eastern Europe,* Hrsg. dies. (Ithaca und London: Cornell University Press, 2005), 1–25.

[8] Сп. Diez, Thomas, Apostolos Agnantopoulos und Alper Kaliber, „Turkey, Europeanization and Civil Society. Introduction,“ *South European Society & Politics* 10, Nr. 1 (2005): 1–15.

А до Д. Основната теза треба да гласи: Продлабоченото ниво на европеизација (индекс А-Д) кај обете страни на конфликтот ceteris paribus ги максимизира шансите за миролљубиво решавање на конфликтот.

Кај модифицирачките променливи разликуваме поттикнувачки и инхибирачки фактори (в. сл. 4)

- Перцепција на конфликтот: Првата модифицирачка променлива ја опфаќа перцепцијата на темата на конфликт од двете закарани страни. Како што може да се увиди, постои цела низа теми во однос на кои тие можат да заземат различни стојалишта. Можните теми на конфликтот претставуваат на пр. граници и територии, малцинства, етникуми и власт, како и ресурси.[9] Ако обете страни на конфликтот исто ја перципираат неговата тема, тогаш на решавањето на конфликтот се гледа поттикнувачки. Доколку во оваа точка не постои согласување, тогаш тоа се одразува инхибирачки врз процесот на решавање на конфликтот.
- Интензитет на конфликтот: Од значење за процесот на решавање на конфликтот овде е и интензитетот на постоечкиот конфликт. Според Пфеч во однос на тоа разликуваме: латентни конфликти, манифестни конфликти, криза, тешка криза и војна.[10] Суштинската разлика помеѓу интензитетот на конфликтот се состои во тоа што првите два се од ненасилна природа, додека кризата, тешката криза и војната содржат закана од и/или употреба на сила. Во основа со тоа конфликтите можат да се поделат на две главни категории: ненасилни конфликти, кај кои нема закана од и/или употреба на сила и конфликти, во кои барем едната страна се заканува со и/или употребува сила. Постоењето на првите се смета за поттикнувачки, а постоењето на вторите за инхибирачки при решавање на конфликтот.
- Актер ЕУ: Оваа променлива ја истражува активната улога на ЕУ како актер (trigger-функција). Диц, Штетер и Алберт активната улога на ЕУ ја означија со поимот на perturbartor of conflict и разликуваат цела низа влијанија.[11] Овде треба да се наведе и можноста за compulsory impact на ЕУ[12], при што директно се упатува на политичките елити на односните странки на конфликтот со помош на една стратегија на carrots and sticks. Воколку овде може да се заблежат зголемени активности на ЕУ, тогаш тоа се смета за поттикнувачко за решавање на конфликтот. Доколку ЕУ се однесува пасивно при обработката на конфликтот, тогаш тоа се одразува инхибирачки врз неговото решавање.

[9] Сп. Axt, Heinz-Jürgen, Antonio Milososki und Oliver Schwarz, *Conflict – a literature review* (Duisburg, 23. Februar 2006), http://europeanization.de/downloads/conflict_review_fin.pdf (пристап на 11. ноември 2006 год.).

[10] Сп. Pfetsch, Frank R. *Internationale Politik* (Berlin, Köln und Stuttgart: W. Kohlhammer, 1994).

[11] Сп. Diez, Thomas, Stephan Stetter und Mathias Albert, *The European Union and the Transformation of Border Conflicts. Theorising the Impact of Integration and Association* (Birmingham, Januar 2004), http://euborderconf.bham.ac.uk/publications/files/WP1Conceptualfwork.pdf (пристап на 2. ноември 2006 год.).

[12] Нужно влијание (заб. прев.).

- Надворешни актери: Оваа променлива придонесува за фактот дека во ниеден конфликт ЕУ не настапува како самостоен актер. Предвид треба да се земат и влијанијата на другите регионални и меѓународни организации и национални држави. Според тоа, поттикнувачки за решавање на конфликтот се смета кога стратегиите за решавање на конфликтот се однесуваат комплементарно со стратегиите на ЕУ. Доколку овде постои некомплементарност, тогаш тоа ќе се категоризира како инхибирачки за неговото решавање.
- Поврзаност на конфликтот: Последната променлива се занимава со евентуалната поврзаност со нови конфликти. Ако постои тесна поврзаност со други конфликти, тогаш тоа се одразува инхибирачки врз решавање на конфликтот. Доколку, пак, постои додатната комплексност, тогаш тоа ќе се смета како поттикнувачко за неговото решавање.

## 2. Грчко-македонскиот спор околу името

Во делот што следува ќе го анализираме грчко-македонскиот спор околу името со помош на хексагонот за решавање на конфликтот. При соопштувањето на резултатите станува збор за work in progress. За актуелната состојба може да се повикаме на анализата на аргументите, која за тема ја има примерот на мислење и дејствување на ниво на владина политика и на политичките актери. Во овој миг сè уште недостасува коплетната проценка на релевантните медиуми и анкети за мислење.

Перцепција на конфликтот: Според Диц, Штетер и Алберт грчко-македонскиот спор околу името може да се означи како конфликт на идентитет.[13] На 25. јануари 1991 год. „Социјалистичка Република Македонија“ се оддели од Федеративна Република Југославија и објави автономија. Фокусирањето на Грција на аспектот на идентитет беше јасно уште во писмото на грчкиот министер за надворешни работи Самарас: „... they (the Mace-

*Слика 4: Модифицирачки променливи*

| | инхибирачки | поттикнувачки |
|---|---|---|
| перцепција на конфликтот | несогласување во перцепцијата на предметот на конфликтот | согласување во перцепцијата на предметот на конфликтот |
| интензитет на конфликтот | закана од сила | ненасилен конфликт |
| актер ЕУ | пасивна улога | активна улога |
| надворешно опкружение | некомплементарна со ЕУ | комплементарна со ЕУ |
| поврзаности | постои | не постои |

[13] ibid., 8.

donian, die Autoren) obviously attempted to deny the Greek people their legitimate right to a major part of their cultural identidy.".[14] И за Скопје уставното име го сочинува јадрото на националниот идентитет и на него досега се гледало како на нешто за кое не може да се преговара. Сè уште се согласуваме со заклучокот на Меѓународната кризна група во делот: „The most acute [Macedonian, die Autoren] identity issue and the one that if resolved would have most positive impact is the long-running name dispute with Greece.".[15] Аналогно на тоа важи првата модифицирачка променлива: Перцепцијата за која се согласуваат двете страни на конфликтот во однос на темата на конфликтот дејствува поттикнувачки врз неговото решавање.

Интензитет на конфликтот: Со „привремената спогодба" од 13. септември 1995 год. Грција ја призна Македонија како „Поранешна Југословенска Република Македонија" и обете страни се согласија на целосно воспоставување дипломатски односи. Но, наспроти тоа, не дојде до конечно решавање на прашањето за името. Поради тоа односите меѓу Македонија и Грција се карактеризираат како латентно конфликтни. Латентниот конфликт може да се дефинира на следниов начин: „A positional difference on definable values of national meaning is considered to be a latent conflict if respective demands are articulated by one of the parties and perceived by the other as such.".[16] Заканата од сила или економски присилни мерки денес повеќе не спаѓаат во инструментите на билатералните односи.[17] Дипломатските напнатости се потпалуваат и со самиот напредок на процесот за пристапување на Македонија кон ЕУ. Па така, неодамна грчкиот министер за надворешни работи, Бакојанис, нагласи дека Грција нема да се согласи за пристапување на Македонија ниту во НАТО ниту во ЕУ, сè додека конечно не се реши грчко-македонското прашање.[18] Ама независно од овој факт, за втората модифицирачка променлива треба да важи: Тоа што грчко-македонскиот спор околу името добива лик на ненасилен конфликт влијае поттикнувачки врз решавање на конфликтот.

Актерот ЕУ: Генерално може да се идентификуваат два суштински обида на ЕУ да донесе спогодбено финално решение за грчко-македонското прашање околу името. Така, ЕЗ на 17. февруари 1992 год. ја започна иницијативата, во чии рамки португалскиот министер за надво-

[14] „... тие (Македонците, авторите) очигледно имаат намера да му го оспорат легитимното право на грчкиот народ како главен дел од неговиот културен идентитет." (заб. прев.). „Letter that Greece's Foreign Minister Antonias Samaras sent to his EPC counterparts on 17 January 1992", in *Greece, European Political Cooperation and the Macedonian Question*, Hrsg. Aristotle Tziampiris (Ashgate: Ashgate Publishing Company, 2000), 209.

[15] „Најакутното (македонско, авторите) прашање на идентитет и кое ако се реши ќе има најповолно влијание е долготрајниот спор околу името со Грција" (заб. прев.). ICG, *Macedonia's name: Why the dispute matters and how to resolve it* (Skopje und Brüssel, 10. Dezember 2001), i, http://www.crisisweb.org//library/documents/report_archive/A400507_10122001.pdf (пристап на 11. ноември 2006 год.).

[16] „Позициската разлика на вредностите на националното мислење, коишто може да се дефинираат, се смета за латентен конфликт доколку некоја од страните има соодветни барања, кои другата страна ги прифаќа како такви." (заб. прев.), HIK, a.a.O., ii.

[17] Nikas, Christos, „The Effects of the Interim Accord on the Economic Relations Between Greece and FYROM," in *Athens–Skopje: An Uneasy Symbiosis (1995–2002)*, изд. Evangelos Kofos und Vlasis Vlasidis (Athen: Papazisis Publishers, 2003), 89–123, http://www.macedonian-heritage.gr/InterimAgreement/Downloads/Interim_Nikas.pdf (пристап на 19. 10. 2006 год.).

[18] Сп. „Interview with Greek Foreign Minister Dora Bakoyannis," (United Macedonian Diaspora, 28. Oktober 2006), http://umdiaspora.org/index.php?option=com_content&task=view&id=150&Itemid=76 (пристап на 11. ноември 2006 год.).

решни работи Пинхеиро беше назначен за претставник на советништвото за решавање на прашањето за името. Следствено на тоа, на една средба на министрите за надворешни работи на ЕЗ на 2. мај 1992 год. беше донесен „Пакетот Пинхеиро“, кое решавањето на прашањето за името го поврзуваше со прифаќање од страна на обете држави. Исто така, и обидите за посредување на амбасадорот О'Нил во британското претстедателство, коешто следуваше, може да се окарактеризираат како вистински европски обид за решение.[19] Меѓутоа, во рамките на процесот на Македонија за пристапување кон ЕУ, досега, напротив, не е употребен нејзиниот инструмент на кондиционалност. Вистина, целта на спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена на 26. март 2001 год. помеѓу ЕУ и Македонија, меѓу другото, се состои и во тоа да ги подобри надворешните односи на земјата со нејзините соседи, но односите со Грција во овој документ експлицитно се исклучуваат.[20] Во досега објавените извештаи за напредок ЕУ повеќе упатува на неопходноста спорот околку името да се реши под покровителство на Обединетите нации. Затоа за некаква активна улога на ЕУ може да се зборува само условно. Влијанието на третата модифицирачка променлива треба да се окарактеризира како инхибирачка за процесот на решавање на конфликтот.

Надворешни актери: Како надворешен актер во грчко-македонскиот спор околу името особено треба да се наведат Обединетите нации. Паралелно со обидите за посредување на ЕУ во Њујорк, поранешните министри за надворешни работи на САД и Велика Британија, Венс и Оувен, водеа одделни преговори со претставниците на обете држави и на 14. мај 1992 год. донесоа едно предлог-решение. Тоа претпочиташе меѓусебно признавање на границите, донесување мерки за зајакнување на доверба меѓу двете страни и, најпосле, името „Нова Македонија“. На следното предлог-решение се чекаше со години. На 13. април 2005 год. специјалниот пратеник на Обединетите нации, Нимец, објави ново предлог-решение: Тој се залагаше за употреба на името „Република Македонија – Скопје“. Во октомври истата година Нимец стави уште една варијанта во игра, која претполагаше билатерално решение. Македонија може да се држи до уставното име „Република Македонија“, но само во односите со Грција треба да употребува друго име.[21] Со тоа практично и да не може да стане збор за некаква комплементарност на стратегиите при решавање на конфликтот на надворешните актери со оние на ЕУ. Поради тоа влијанието на петтата променлива врз процесот на решавање на конфликтот со европеизација треба да се категоризира како инхибирачки.

[19] Сп. O'Neill, Robin, *The Macedonian Question. A Diplomatic Initiative in the 1990s* (London, 30. January 1998), http://www.wpct.co.uk/lectures/1997.htm (пристап на 26. октомври 2006 год.).

[20] Сп. Commission of the European Communities, *Stabilisation and Association Agreement Between the European Communities and their Member States, of the One Part, and the Former Yugoslav Republic of Macedonia, of the Other Part* (Brüssel, 26. März 2001), http://europa.eu.int/comm/enlargement/fyrom/pdf/saa03_01.pdf (пристап на 23. 04. 2006 год.).

[21] Сп. „Nimetz Proposals Concering the 'Name' Issue,“ (Macedonian Heritage), http://www.macedonian-heritage.gr/OfficialDocuments/Nimetz.html (пристап на 23. септември 2006 год.).

Поврзаности со конфликти: Прашањето на албанските малцинства во Грција и Македонија како и идниот статус на Косово присилно доаѓаат во допир со грчко-македонските односи.[22] Создавање на една „етничка Велика Албанија“ – значи обединување на Косово, Западна Македонија, Јужна Црна Гора и некои гранични области на Грција – сега засега, серизно не пропагираат ниту влијателните политички учесници ниту самото население на Албанија. Следствено на тоа, не може да се зборува за некаква изразена поврзаност со конфликти. Влијанието на шестата променлива се одразува поттикнувачки врз процесот врз решавање на конфликтот.

Нивото на европеизација: Прво треба да почнеме со нивото на европеизација на грчката страна. Европската ориентација којашто ја форсираше грчкиот премиер Симитис во однос на Македонија ја продолжи и администрацијата на Караманлис.[23] Самата Грција е таа која настојува Македонија да ѝ се доближи на ЕУ – свртување за 180 степени наспроти политиката која се водеше пред едно десетлетие. Но сепак, можноста Грција да стави вето врз пристапот на Македонија во НАТО и ЕУ покажува дека меѓу политичките актери, сепак, постојат големи разлики. Исто така, кога станува збор за конфликтот, и медиумите не би можеле да се окарактеризираат како особено европеизирани. Некаквото попуштање во однос на Скопје, овде, сигурно би имало негативен одек. Што се однесува до длабочината на европеизација на населението, може да се констатира дека јавното мислење околу прашањето за името повеќе не може да биде мобилизирано така како што тоа беше случај на почетокот на 90-тите години од минатиот век.[24] И покрај тоа, прашањето за името и понатаму е исклучително сензитивна тема, особено во северниот дел на Грција. А, тоа не исклучува враќање на политиката на Грција во однос на Македонија од политика на engagement кон политика на containment.[25] Аналогно на тоа, на грчка страна може да се зборува за површно ниво на европеизација (индекс Б), додека на македонска страна, пак, може да се констатира дека преовладува перцепцијата оти времето особено му оди во прилог на Скопје. Точно дека и понатаму се нагласува дека Македонија е заинтересирана за преговори под покровителство на Обединетите нации, но сепак, истовремено се упатува и на тоа дека задржувањето на конститутивното име е највисокиот постулат на македонската стратегија за преговори.[26] Стојалиште кое го делат сите македонски партии. Што

[22] Сп. ICG, *Kosovo: Toward Final Status* (Skopje und Brüssel, 24. Januar 2005), http://www.icg.org/library/documents/europe/balkans/161_kosovo_toward_final_status.pdf (пристап на 2. ноември 2006 год.).

[23] Сп. Simitis, Costas. *Politiki gia mia dimiourgiki Ellada 1996–2004* (Athen: Ellinika Grammata, 2005).

[24] Сп. Varvaroussis, Paris. *Analysis of the Greek-Macedonian Relations (From a Greek Perspective)*, во подготовка.

[25] Сп. Ifantis, Kostas, „Greece's Turkish Dilemmas: There and Back Again," *Southeast European and Black Sea Studies* 5, Nr. 3 (2005), http://www.ekem.gr/archives/2006/01/greeces_turkish.html (пристап на 21. октомври 2006 год.).

[26] Сп. „Interview with Macedonian Foreign Minister Antonio Milososki," (United Macedonian Diaspora, 12. September 2006), http://umdiaspora.org/index.php?option=com_content&task=view&id=136&Itemid=76 (пристап на 15. септември 2006 год.); Gruevski, Nikola, „Adress in the Assembly of the Republic of Macedonia," (1. September 2006), http://www.vmro-dpmne.org.mk/english/Vesti/vest.asp?id=148 (пристап на 15. септември 2006 год.).

се однесува до медиумите, може да се смета дека важи истото.[27] Иако се чини дека за македонското население прашањето за конститутивното име заостана зад темите како што се невработеноста, сиромаштијата и корупцијата, сепак, откажувањето од уставното име би можело да предизвика голем протест.[28] Во однос на нивото на европеизација на македонските актери може да се констатира индекс А.

## 3. Заклучок

Анализата на грчко-македонскиот спор околу името во светлината на хексагонот за решавање на конфликтот ја дава следнава слика: три од модифицирачките променливи можат да се означат како поттикнувачки за решавање на конфликтот, а останатите две како инхибирачки за овој процес. Позитивно влијае согласноста на двете страни на конфликтот при перцепцијата на неговата тема. Затоа обете страни се откажуваат од употреба на или закана со сила или економски присилни мерки. Не постојат поврзаности со други конфликти кои би требало да се наведат. Меѓутоа, негативно се одразува тоа што на ЕУ не смее да ѝ се припише никаква активна стратешка улога во рамките на конфликтот. Понатаму, не може да се утврди комплементарност на стратегиите за решавање на конфликтот од страна на екстерните актери. Од пресудно значење, сепак, е наведеното ниво на европеизација на надворешните актери. Комбинирано, тоа дава ниво на европеизација со индекс Б–А. Поради тоа грчко-македонскиот спор околу името, моментално, не може да се реши со европеизација. Тоа, секако, не ја имплицира неможноста за решавање на конфликтот per se. Моменталната слика решавањето на конфликтот поверојатно го прави по билатерален пат, според класичната шема, односно со посредство на Обединетите нации. Сепак, во процесот за пристапување на Македонија може да дојде до промена на рамковните услови за европеизација на прашањето за името.[29] Тоа сепак ќе изискува промена на политиката, како на грчка и на македонска, така и на европска страна.

Клучни зборови: *решавањето на конфликтот, Европеизација, грчко-македонскиот спор околу името*

[27] Сп. Taleski, Dane, *Analysis of the Relations Between Macedonia and Greece in the Media in the Republic of Macedonia,* во подготовка.

[28] Сп. UNDP, *Early Warning Report. Macedonia* (Skopje, Juni 2006), http://www.ewr.org.mk/reports/06%20EWR_ANGL2.pdf (пристап на 22. октомври 2006 год.).

[29] Сп. Axt, Heinz-Jürgen und Oliver Schwarz, „’Denn nur der Name ist mein Feind’ – Alternative Szenarien zur Lösung der griechisch-mazedonischen Namensfrage.“ *Südosteuropa-Mitteilungen* (i.E.).

**Abstract**

This paper introduces the „Hexagon of Conflict Settlement“ which should verify the thesis that Europeanization assists to conflict settlement. The hexagon consists of six variables, in which the „Level of Europeanization“ is the determining variable. The other five variables which are identified as interceding variables are referring to the conflict perception, the conflict intensity, the role of the EU in the conflict, the role of external actors in the conflict and the existence of possible linkages to other conflicts. These variables can obstruct or assist the process of conflict settlement but for the perspective of conflict settlement the level of Europeanization is the determining factor. In the second part this approach is described by the Greek-Macedonian name-dispute. By the beginning of the early 90s the name-dispute means a negative impetus to closer relations between Greece and Macedonia. Although the Interim Accord of 1995 permitted an acceptable status quo the key question of this latent identity conflict is not solved yet. Concentrating on the level of Europeanization of both states it is analyzed in how far the respective governments, the relevant political actors, the media and the civil societies are willing to handle the bilateral conflict in the framework of European norms and values, procedures and institutions.

*Keywords: Conflict settlement, Europeanization, Greek-Macedonian name dispute.*

**Библиографија:**

Axt, Heinz-Jürgen, Antonio Milososki und Oliver Schwarz. *Conflict – a literature review.* Duisburg, 23. Februar 2006. http://europeanization.de/downloads/conflict_review_fin.pdf (пристап на 11. ноември 2006 год.)

Axt, Heinz-Jürgen, Antonio Milososki und Oliver Schwarz. “Europäisierung – ein weites Feld. Literaturbericht und Forschungsfragen.” *Politische Vierteljahresschrift* (i.E.).

Axt, Heinz-Jürgen und Oliver Schwarz. „’Denn nur der Name ist mein Feind’ – Alternative Szenarien zur Lösung der griechisch-mazedonischen Namensfrage.“ *Südosteuropa-Mitteilungen* (i.E.)

Commission of the European Communities. *Stabilisation and Association Agreement between the European Communities and their Member States, of the one part, and the Former Yugoslav Republic of Macedonia, of the other part.* Brüssel, 26. März 2001. http://europa.eu.int/comm/enlargement/fyrom/pdf/saa03_01.pdf (пристап на 23. 04. 20з06 год.)

Diez, Thomas, Apostolos Agnantopoulos und Alper Kaliber. “Turkey, Europeanization and Civil Society. Introduction.” *South European Society & Politics* 10, Nr. 1 (2005): 1–15.

Diez, Thomas, Stephan Stetter und Mathias Albert. *The European Union and the Transformation of Border Conflicts. Theorising the Impact of Integration and Association*. Birmingham, January 2004. http://euborderconf.bham.ac.uk/publications/files/WP1Conceptualfwork.pdf (пристап на 02. ноември 2006 год.).

„Dnevnik – Interview with Macedonian Foreign Minister Antonio Milososki.” United Macedonian Diaspora. 12. September 2006. http://umdiaspora.org/index.php?option=com_content&task=view&id=136&Itemid=76 (пристап на 15. септември 2006 год.).

Gruevski, Nikola. „Adress in the Assembly of the Republic of Macedonia.” 1. September 2006. http://www.vmro-dpmne.org.mk/english/Vesti/vest.asp?id=148 (пристап на 15. септември 2006 год.).

HIIK. *Conflictbarometer 2005. Crisis, Wars, Coups d’État, Negotiations, Mediations, Conflikt Settlements*. Heidelberg, 2005. http://konfliktbarometer.de/en/barometer2005/ConflictBarometer 2005.pdf (пристап на 13. ноември 2006 год.).

ICG. *Kosovo: Toward Final Status*. Skopje und Brüssel, 24. Januar 2005. http://www.icg.org/library/documents/europe/balkans/161_kosovo_toward_final_status.pdf (пристап на 02. ноември 2006 год.).

ICG. *Macedonia’s name: Why the dispute matters and how to resolve it.* Skopje und Brüssel, 10. Dezember 2001. http://www.crisisweb.org//library/documents/report_archive/A400507_10122001.pdf (пристап на 11. ноември 2006 год.).

Ifantis, Kostas. „Greece’s Turkish Dilemmas: There and Back Again.” *Southeast European and Black Sea Studies* 5, Nr. 3 (2005): 379–94. http://www.ekem.gr/archives/2006/01/greeces_turkish.html (пристап на 21. октомври 2006 год.).

”Interview with Greek Foreign Minister Dora Bakoyannis.” United Macedonian Diaspora, 28. October 2006. http://umdiaspora.org/index.php?option=com_content&task=view&id=150&Itemid=76 (пристап на 11. ноември 2006 год.).

”Letter that Greece’s Foreign Minister Antonias Samaras sent to his EPC counterparts on 17 January 1992.” In *Greece, European Political Cooperation and the Macedonian Question,* hrsg. von Aristotle Tziampiris, 207–13, Ashgate: Ashgate Publishing Company, 2000.

Nikas, Christos. ”The effects of the Interim Accord on the economic relations between Greece and FYROM.” In *Athens–Skopje: An Uneasy Symbiosis (1995–2002)*, hrsg. von Evangelos Kofos und Vlasis Vlasidis, 89–123. Athen: Papazisis Publishers, 2003. http://www.macedonian-heritage.gr/InterimAgreement/Downloads/Interim_Nikas.pdf (пристап на 19. 10 2006 год.).

”Nimetz Proposals Concerning the ‘Name’ Issue.” Macedonian Heritage. http://www.macedonian-heritage.gr/OfficialDocuments/Nimetz.html (пристап на 23. септември 2006 год.).

O’Neill, Robin. *The Macedonian Question. A Diplomatic Initiative in the 1990s*. London, 30. January 1998. http://www.wpct.co.uk/lectures/1997.htm (пристап на 26. октомври 2006 год.).

Pfetsch, Frank R. *Internationale Politik.* Berlin, Köln und Stuttgart: W. Kohlhammer, 1994.

Radaelli, Claudio M. ”Europeanisation: Solution or Problem?” *European Integration Online Papers* 8, Nr. 16 (2004). http://eiop.or.at/eiop/pdf/2004-016.pdf (пристап на 21. ноември 2006 год.).

Reimann, Cordula. *Assessing the state-of-the-art in conflict transformation*. Berlin: Berghof Research Center for Constructive Conflict Management, 2005. http://www.berghof-handbook.net/uploads/download/reimann_handbook.pdf (пристап на 17. ноември 2006 год.).

Schimmelfennig, Frank und Ulrich Sedelmeier. ”Introduction: Conceptualizing the Europeanization of Central and Eastern Europe.” In *The Europeanization of Central and Eastern Europe*, hrsg. von dies., 1–25. Ithaca und London: Cornell University Press, 2005.

Simitis, Costas. *Politiki gia mia dimiourgiki Ellada 1996–2004.* Athen: Ellinika Grammata, 2005.

Taleski, Dane. *Analysis of the Relations Between Macedonia and Greece in the Media in the Republic of Macedonia*. In Vorbereitung.

UNDP. *Early Warning Report. Macedonia.* Skopje, June 2006. http://www.ewr.org.mk/reports/06%20EWR_ANGL2.pdf (пристап на 22. октомври 2006 год.).

Varvaroussis, Paris. *Media Analysis of the Greek-Macedonian Relations (From a Greek Perspective),* во подготовка.

# Јас, Нас, или Born Across the World

Ана Чупеска

Терминот *идентитет* потекнува од лат. *idem,* со значење на континуитет, истоветност и постојаност. Во 20-тиот век неговата употреба се популаризира и дискусиите за идентитетот главно се врзуваа за психофизичката или политиколошко-социолошкитите варијанти на неговото поимање. Кај обете поентата е да се осознае што е она „вистинското јас или вистинското нас“, што горе-долу останува исто и не се менува низ растењето, созревањето, низ целиот живот на субјектот.

Фројдовата психо-динамична теорија[1] на идентификација потенцираше дека секое дете, суперегото[2] на неговите родители вообичаено го апсолвира преку надворешните личности и објекти, но дека внатрешната основа на психичката структура си има свој континуитетен – постојан (често и конфликтен) идентитет.

Ерик Ерсон (психо-историчар) сметаше дека идентитетот не е лоциран само во основата на индивидуалноста[3] и во културата на заедницата.[4] Дополнително, тој ја создава врската меѓу заедничкото и индивидуалното. Согласно ова, а по повод Втората светска војна, го воведе терминот *криза на идентитетот*, референца за пациентите кои ја изгубиле смислата за сопствената лична постојаност и историскиот континуитет.[5] Подоцна терминот стануваше сè поупотреблив во општествено-политичкиот контекст.[6]

Филозофот Foucault го отвори прашањето за агенсите на иден-

---

1 James A. Brussel, MD, *The Laymans's Guide to Psychiatry*, Barnes & Noble books adivision of harper & row, publishers, New York, San Francisko, London, USA, 1967.

2 Во психоанализата како основни компоненти на умот се земаат ID-то, егото и супер-егото, одбранбените механизми и примарните инстинкти. Фројдовото ID е психофизичката сексуална енергија, основната мотивација за поттикнување на примарните инстинкти и страсти, т.н. либидо. ID-то е централната рамка на персоналноста, т.е. егото, или егото е маската за ID-то, т.е. сликата за себе и компромисот на ID-то со надворешниот свет. Социјално најприфатливото ID е супер-егото. За повеќе види во: James A. Brussel, MD, *The Laymans's Guide to Psychiatry*, Barnes & Noble books adivision of harper & row, publishers, New York, San Francisco, London, USA, 1967.

3 *A Dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

4 Во политичката социологија општ консензус постои околу темелната разлика меѓу заедницата и општеството. Заедницата се темели на суштинска поврзаност, на пр. крвно сродство, солидарност меѓу членовите, асоцира на природен организам и инстинктивно-субјективно чувство на припадниците дека припаѓаат во неа, духовна блискост: на пример, семејство, племе, етнос, нација, меѓународна заедница на човештвото. Додека под општество се зема предвид неприроден организам, поаморфен, каде желбата за постигнување некоја цел или интерес е фундаментален фактор за интеракција, интеракцијата се заснова на рационално-мотивирано однесување, а не на афективно чувство на припадност.

5 *A dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

6 Социолозите James и Mead укажаа дека природното Јас е во интензивна колерација и со општествените комуникациски услови и јазикот, со што идентификацијата се поима како процес на именување или сместување на нас самите во општествено-конструираните категории, каде посебно јазикот има централна улога. Социолошко-политиколошката теорија на идентитетот е поврзана и со Saussure и тезата дека јазикот и симболите се во интеракција со идентитетот. *A dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

титетот и ни покажа дека ние како индивидуи си имаме повеќе идентитети.[7] Две се клучните димензии:

Прва: различните дискурси создаваат специфични и често дивергентни позиции на агенсите со идентитетите. Оние кои се насочени кон религијата, државата, спортот, потрошувачката, произведуваат нови верзиии на нас самите, кои се често одвоени едни од други, па дури и контрадикторни верзиии на нас самите. Така, ние сме посветени верници, плаќачи на даноци, фудбалски навивачи и хедонисти. Втората димензија се однесува на мулти-идентитетите кои се во корелација со поголемите структури како класите, етницитетот, расата, полот, сексуалноста. Овие не се дискретни и одвоени едни од други, напротив, во интеракција се.

*Хибридните културни идентитети*[8] се најсвежата кованица што ја исфрлија социолозите и се однесуваат на расните или етничките идентитети. Тие не се чисти, а се продукт на мешањето и фузиите произлезени од транснационалните движења на вредностите во меѓународниот културен сообраќај, но датираат уште од времето на трговијата со робовите. Најмногу ги стимулира денешното медиумско циркулирање на културолошките информации. Не се резултат на асимилација на една култура врз друга, туку се производ од нешто сосема ново. Во тесна врска се и т.н. *дијаспорни идентитети*. Ги поврзуваме со симплификацијата на С. Ружди и сентенцата „born across the world“.[9]

Денес *trendy* се две верзии за теориите на идентификацијата.

Оптимистичката, согласно која пост-модерниот свет ни нуди можност да си избереме што сакаме од широкиот асортиман на идентитети што ни се нудат. Тоа е поволна понуда, бидејќи луѓето сè повеќе сакаат да се самоактуализират и откриваат самите себе, да ја осознаат својата внатрешност (различна од традицијата, културата, религијата). Сево ова е конструктивно и води кон индивидуален прогрес, автоматски и во колективна благосостојба (либерален концепт). За разлика од нив, песимистите зборуваат за масовното општество на отуѓување. Така, психодинамичната школа нагласува дека постои отсуство на границата меѓу нас самите и културата и дека е во пораст нарцистичката персоналност.[10]

Во пост-комунистичките земји, оваа персоналност може да се идентификува кај мал број луѓе, нив сè уште ги влечат идентификации врзани за колективното живеење во заедница. Особено се приврзани за етнозаедниците каде чувството за припадност слободно може да се реализира. Од оваа емоција, согласно грегарната мотивација, ниту едно човечко суштество не би се откажало.

[7] *A dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

[8] *A dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

[9] Rushdie, Salman, *Imaginary Homelands*, 1991.

[10] Лакан, разработувајќи ја нарцистичката фаза од Фројдовата теорија на идентификација, поентираше дека првата само-идентификација кај детето е онаа имагинативната, кога ќе се погледне во огледало. Тогаш детето прв пат се идентификува согласно со его-идеалите кои родителите му ги поставуваат. Тоа е нарцистичка идентификација и е основа за сите идни идентификации. *A dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

Транзицискиот амбиент станува непријатен во точката кога поради други незадоволени потреби (на пр. економски) се таложат фрустрации.[11] Во такви услови приврзаноста кон заедницата, посебно етничката, станува сè поинтензивна. Кога идејата за социјалистичко општество пропадна и се пресече нејзината реализација, се случи токму колективна фрустрација. Од друга страна, пак, во подалечното минато, пред 90-тите, прекумерниот егалитаризам раѓал фрустрации кај секое посебно ID, додека денес можеме да забележиме колективно незадоволство заради ускратената интегративна можност во ЕЕ Заедница. Вакви континуирани особености за нас се опасни и возможно е да нè однесат во социјално-психолошка шизофренија или, пак, во „колективното несвесно" да се вкорени особеноста на „ускратени потреби". Останува да се истражи дали причинител за транзициски агресивните етнички социуми е токму ваквиот континуитет. Споменатите социуми стануваа сè позатворени и посегрегирани, бидејќи нудеа емотивна „загарантирана дискреција" во кризните моменти. Општопознато е дека афективно мотивираните дејанија се најприсутни токму во кризи, а етничките заедници токму се фундираат врз основа на *чувството* на припадност на нивните припадници кон нив.

На секое ниво од градуалната скала на повеќето идентитети кои ги имаме, кај агенсите (читај заедниците, бидејќи тие се најблискиот социум што ги моделираат идентитетите) може да се препознаат сериозни аномалии, причинители за фрустрации. На пр. во семејството, фрустрации поради голема сиромаштија, во поширокото општество поради отуѓеност. Дополнително пече фактот за судирот на хибридните идентитети со етничкиот или расниот и тазе изгубениот супранационален идентитет. На ниво на нација/држава – отсуство на авторитети по вредност и промоција на супер его со криминогена структура, а во заедницата на човештвото – судир на цивилизации. Ако на овие ги додадеме и индивидуалните сексуални, интелектуални, телесни итн. фрустрации, не треба да нè чуди сеприсутната слика на распрскани етнонационализми, поготово во општества кои го преспале nation-building процесот и во кои луѓето го изгубиле колективниот супранационален идентитет.

Разликата меѓу пост-феудалните и пост-комунистичките нации/држави е голема. Кај првите на луѓето им се понуди уточиште и можност да се идентификуваат со пошироката заедница на нацијата-демос. Интеграцијата на помалите политички ентитети успешно заврши (додуша само кај поголемите западноевропски држави). За разлика од нив, транзициските општества се дезинтегрираа и сегментираа, супранационалниот-колективен идентитет (на пр. СФРЈ, СССР) проба да се раслои на национален (како демос), но стана етно-национален. Дезинтеграцијата беше повеќе од успешна.

[11] Психолошки исфрустран е субјект на кој по негативен пат му е прекината некоја активност или дејание кое е во тек, или му се негира некоја желба, т.е. ускратува некоја потреба. Поопширно види кај: James A. Brussel, MD, *The Laymans's Guide to Psychiatry*, Barnes & Noble books adivision of harper & row, publishers, New York, San Francisco, London, USA, 1967.

Актуелното предлог-решение за санација е определбата за нов колективен-супранационален идентитет (како кохезивен фактор за интеграцијата). Општа оцена и волја е дека болните пост-комунистички општества, со дијагноза „криза на идентитет/и“, треба да ги употребат лекарства на ЕЕ Заедницата. Да изградат стабилен европски имунолошки систем, супститут за загубениот идентитет. Како и со секој лек така и со овој е неопходна максимална претпазливост при употребата. Состојбата северно од нас не е баш здрава и покрај тоа што заедницата е исклучително атрактивна.

Либералните европски држави се отворени за пазарната слобода во јавноста и индивидуалната слобода во приватноста, но имаат главоболка околу официјализирањето на колективната идентификација на 12-те милиони жители. Бжезински смета дека Европјаните немаат чувство на припадност кон Унијата,[12] не се идентификуваат со неа. Тие се преоптеретени со нарцистичките идентитети, или со песимистички жаргон: отуѓени се. Ним им е потребена артикулација на чуството за припадност кон супранационалната-интернационалната, природно-правната, универзалистичка заедница на човештвото, каде сите се луѓе и каде сите се одговорни едни спрема други, каде секој Французин ќе го смета за свој друг Германец.

Од друга страна, пак, ЕУ-политиките сѐ повеќе поддржуваат проекти согласни на *human security* концептите, што во услови на глобална светска криза навистина е корисно да се признае јавно дека луѓето се дел од природната заедница на човештвото и да се стимулира секој проект кој ќе работи во корист на изградба на ваков космополитски идентитет.

Нам дефинитивно ни е потребен супра-националниот ЕУ идентитет, но со космополитски манири. Треба да се подразмислиме и за алтернативно решение, за „секој случај“ и, не дај боже, ЕУ да не успее да го спознае сопственото ID. Унијата треба да се самоопредели на адекватен начин, својствен за идниот политички ентитет кој сѐ уште нема онаков политички кредибилитет и идентитет каков што иницијално беше замислен. Пост-комунистичката побарувачка по идивидуалност може, не дај боже, катастрофално да заврши па да бидеме сведоци, не на дезинтеграција, туку на атомизација.

Колективната идентификација на луѓето со својата национална, супранационална, етничка, расна или друга заедница е во нераскинлива врска со ирационалната компонента на умот. Се темели на чувството на припадност, солидарност, заедништво. Интеграцијата, пак, е нужно поврзана со рационалноста, практичноста, функционалноста. Од ова би можеле да заклучиме дека рациото е поблиско на интеграцијата и таа не треба да се втемелува и развива врз основа на чувствата поврзани со етничката идентификација. Но, практиката покажа и спротивни тенденции, т.е. дека дури и грегарната (несвесна) мотивација носи профит за чувствата. ЕЕЗ настана заради специфично производ-

[12] Brzenzinzki, Zbignjew, *The Geostrategic Triad, Living with China Europe and Russia*, Center for strategic and international studies, 2001, Washington, USA.

ство (од практични – рационални причини), но стана симбол и пример за реконсилиација. Претендира да стане природна заедница за милиони жители и нам треба да ни е пример за добро економисување.

Како и да е, интеграцијата[13] претпоставува целовитост, функционалност, практичност, кохезија, заедништво, дури и колективизам. Донекаде опонира на индивидуалното, персоналното и идентитетот (ID). Доколку е општествена, а посебно политичка, силно го детерминира секое посебно ID. Од друга страна, пак, за да постои препознатлива (од надвор) колективна идентификација, неопходно е да постои и успешна интеграција.

Прашањето што ни се наметнува е како да се избегнат сите облици на наметнати или псевдо-интеграции, бидејќи тие промовираат неприродни и неадекватни вредности како за колективните сегменти така и за сите посебни ID-а. Ваква ситуација е „веќе видена“ и ни се разјасни дека во неприродни услови невозможно е да се задоволат природни потреби. Субјектот, за да се растерети од вакавата пресија, може да одбере агресивно однесување. Токму тоа и се случуваше. Во сите транзициски пост-комунистички општества агресивните етнонационализми се јавија како најпогоден катализатор на реакциите од преземените акции.

Се поставува прашањето, дали милитантните акции се јавија како резултат на бенигна-дефанзивна агресија, т.е., бидејќи етничките заедници се чувствуваа загрозени, идентификацијата со етносот ја легитимизираше агресијата. Или, во последниве 15 години се соочуваме со малигна агресија, т.е. со страста за убивање и вродениот инстинкт на смртта[14] карактеристичен за харизматските лидери во нашата околина, за кои науката веќе утврди дека се најпопуларни токму во време на политички кризи. Очигледно дека и двете се во игра и кооперираат.

Ерих Фром[15] во делото „Анатомија на човековата деструктивност“ кажува дека деструкцијата[16] е резултат на политичко-економските

[13] Повеќе за поимот Интеграција види во *Encyclopedia Britannica Deluxe*, 2005.

[14] Нео-инстинктивистите, како Фројд и Лоренс, разликуваат инстинкт за смрт и инстинкт за живот (сексуален). Лоренс смета дека човековото агресивно однесување кое се манифестира во војната со злосторства, садизам, деструктивност, е филогенетски програмиран инстинкт кој, едноставно, бара да се ослободи и чека поволна ситуација. По констатацијата дека граѓанските војни се далеку поагресивни од меѓународните, вели и дека интраспекциската агресија (агресивност во рамки на ист вид/врста) има функција на продолжување на видот. Бихевиористите, пак, не се занимаваат со субјективниот фактор, ниту со она што го чувствуваат оние кои се агресивни во моментот кога атакуваат. Нив ги интересираат самото однесување и општествените услови кои го обликуваат токму тоа однесување. Просветителските енвироменталисти, пак, се антрополошки оптимисти и веруваат во разумноста и практичноста на човекот. Главна детерминанта на човековото однесување е околината. Добро општество се развива доколку на човекот му се овозможува слободно да се развива. За повеќе види кај: Fromm Erich, *Anatomija ljudske destruktivnosti*, Biblioteka Naprijed, Zagreb, 1976.

[15] Fromm Erich, *Anatomija ljudske destruktivnosti*, Biblioteka Naprijed, Zagreb, 1976.

[16] Ерих Фром разликува два вида агресија: бенигна–дефанзивна и малигна–деструктивна. Првата е неопходна за опстанокот на видот или врстата и исчезнува кога исчезнува и причината поради која таа се јавува. Другата е специфична за човекот, но не е филогенетски програмирана, туку највеќе е детерминирана од општествените услови каде се јавува, т.е. фундаменталниот фактор кој ќе определи дали човековата доминантна црта е страста за љубов или страста за деструкција најмногу зависи од политичко-економските услови кои сами си ги создаваме. И обете страсти се суштински за егзистенцијата на човекот, тие мора да се задоволат (но не се тоа биолошки инстинкти), тие се вкоренети во карактерот и се социо-биолошки-историски категории. Во своето дело Анатомија на човековата деструкција дискутира за разните облици на малигна агресија (садизам, некрофилија) преку анализа на примерите на Хитлер, Химлер, Сталин. За повеќе види кај: Fromm Erich, *Anatomija ljudske destruktivnosti*, Biblioteka Naprijed, Zagreb, 1976.

услови кои сами си ги создаваме и не е биолошки вкоренета. Причинителите на малигната-деструктивна агресија се општествените услови. Лек за тоа е само радикална промена на општествено-политичката структура и тоа во насока која ќе го издигне човека на врвот, кога ќе се создадат такви услови кои ќе му овозможат на човекот комплетен развој. (Препознаваме просветителска, либерална, антрополошко-оптимистичка нота).

Во 90-тите се срушија „лошите општествени услови", кои ја „спутаваа" личноста поради тоа што супер-егото беше монотонија, а не политонија од идентитети. Од тој пресек требаше да се развива индивидуалноста и стимулира различноста, но имаше и нус-ефекти од најлош вид. Освен што се случија грозоморни масакри, се случи и колективна криза на идентитетот (а особено индивидуалниот), и тоа кај сите пост-комунистички земји. Етнонационализмите станаа агресивни заради само-актуализирање на индивидуите преку етносите и самореализација, само-потврдување и само-определување, заради своето Јас или Self, секако, на штета на туѓите Јас или Нас.

Босанскиот еминентен универзитетски професор Уго Влаисављевиќ во едно свое усмено излагање на Правниот факултет во Сараево,[17] во летото 2006, зборуваше за етнонационализмите т.е. етничките чистења, војни и кризи. Според него, по 1989 тие станаа плодна почва за нови културни вредности и идентификации.[18] Оваа негова идеја за своевидна продуктивна страна на војната е навистина специфична. Смета дека живее на тло каде секоја нова промена т.е. сите епистемолошки резови на овие простори (мисли на БиХ) се одбележани со војна и заради тоа секоја повоена политика и нејзините вредности всушност живеат од воените дејствија, т.е. таа станува извор на легитимитетот за секоја политика. Сите колективитети кои се учесници во политиката се воени субјекти. Тие својата актуелна политика, својот идентитет, своето сфаќање за стварноста го градат врз основа на военото или конфликтното искуство.[19] Затоа за нив суштинско помирување, а не само декларативно (преку договори, преамбули, спогодби) би значело „самоуништување". Во однос на прашањето дали нацијата/држава како форма на заеднички живот е неопходен услов за заедништво и интегрирано општество, инсистира на крајна национална издиференцираност во идентификациите, т.е. финиширање на процесот на национално самоосвестување.[20]

Доколку ја прифатиме идејата дека максимална национална диференцијација ќе доведе до пацификација, тоа нѐ води во насока на размислување дека пацификацијата е идеална почва плодна за брза, лесна, ефикасна и реална интегра-

[17] Prof. Dr. Vlaisavljevic Ugo, lecture “Genealogy of conflict”, Sarajevo International Summer School on Balkan Studies, August 2006.

[18] Prof. Dr. Vlaisavljevic Ugo, lecture “Genealogy of conflict”, Sarajevo International Summer School on Balkan Studies, August, 2006.

[19] Prof. Dr. Vlaisavljevic Ugo, lecture “Genealogy of conflict”, Sarajevo International Summer School on Balkan Studies, August 2006.

[20] Prof. Dr. Vlaisavljevic Ugo, lecture “Genealogy of conflict”, Sarajevo International Summer School on Balkan Studies, August 2006.

ција. Но и Дарендорф[21] укажа на нешто поинакво, т.е. конструктивната страна на општествените конфликти. Може да бидат и продуктивни, бидејќи ги стимулираат промените и еволутивните текови на општеството, благодарение на тоа што укажуваат на вистинските потреби кои се јавуваат во него. Значи, и последниве блокади во ЕУ можеби и не се така страшни, можеби станува збор само за нова фаза од интегративниот процес.

Марксовиот економски детерминизам[22] значеше дека системската интеграција е исклучиво поврзана со производниот процес. Но, ако ЕУ ја сместиме во оваа рамка, заклучуваме дека таа е претесна, бидејќи кај горенаведениот субјект интеграцијата на политичко ниво слабо оди. Според него, во заднината на етничките, локалните, меѓународните и сите други конфликти се стратификациските конфликти, т.е. класните нееднаквости. Затоа економската интеграција е добар стабилизатор на политичкиот систем, но не и единствен. За политичкиот систем се, исто така, многу важни и културолошките вредности од каде се црпи енергијата за разјаснување на идентитетите. Други аналитичари, пак, укажуваат и на други димензии за интегрирани општествени системи.[23]

Она што за нас и за останатите транзициски општества е важно, е да покажат став. Како политички ентитети да имаат свое Јас и во надворешната полика да стекнат вистински субјективитет. Тоа се постигнува кога секој од нас ќе стане свесен за сопственото ID, и нема да се инхибира и автоцензурира. Само здрави личности во заедниците и социумите можат да придонесат за природна интеграција и во поширокото општество и во било кој од транснационалните социуми.

Бидејќи во меѓународното општество нациите/држави не се единствени субјекти – носители на кредибилитетен политички идентитет, би било хумано да се потрудиме да се идентификуваме со природната заедница на човештвото, а не со етноси, мелоси и нации.

Суштинска цел на идентификувањето е само-рализација или, во наша терминологија, само-определување. Неговото созревање е исклучиво индивидуален процес типичен само за субјектот кој треба да се само-идентификува, само-определи. Притоа, не смееме да

[21] За повеке види во Dahrendorf, Ralf, *Class and Class conflict in Industrial Society*, Stanford, CA: Stanford University Press. 1959; *The Handbook of political Sociology, States, Civil Societys, and Globalization*, Cambridge University Press, 2005, USA.

[22] За ова пошироко види кај Orum M. Amtony, Introduction to Political sociology, The social anatomy of the Body Politic, Prentice –Hall Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1978.

[23] Гиденс смета дека социјалната-политичката интеграција ќе се случи тогаш кога актерите физички ќе бидат *co-preszent,* додека, пак, Парсоновиот модел подразбира здрава релација меѓу единиците на системот и добри, балансирани односи. Единиците на системот се однесуваат на таков начин што колективно ги избегнуваат системските пореметувања. Тие оневозможуваат било каква системска нестабилност и се во ко-оперативни односи. Така се воспоставува еквилибрирано, добро интегрирано-единствено општество. За повеќе види во: A dictionary of Sociology, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998.

заборавиме дека правото на само-определување не се реализира само преку создавање на национална држава. Субјектот што сака да се само-определи може да го оствари тоа со интегративни акции на прилагодување, а не дезинтегративни како ригидна гетоизација.[24]

[24] На пр., правото на самоопределување може да се реализира и како автономија во рамките на една држава; останување во зависна положба; асимилација; разни облици на поделба на власта во рамките на една држава итн.

**Abstract**

The aim of this text is a comparative approach to the psycho-dynamic; the political – sociological, the psycho-historian explanations of the ID, of course under the skull of the transitional post-communistic societies and their contents, like aggressive ethnic communities, also through a supra-national attempt for political self-determination (EEC) and self–recognition. Furthermore, the hybridity of the cultural identities is related to the racial and ethnic identities. In a transitional atmosphere, there is a combat between the hybrid identities with the ethnic/racial plus in recent times missing supranational identity. On the level of the nation–state there is a deficit of the valuable and legitimate authority, there is the promotion of the super-egos with criminological structure and in the Community of the Humankind, there is the clash of civilizations. As political entities, post-communist societies should have their own Self. In the international relations they must succeed in building up an authentic subjectivity.

**Библиографија:**

Fromm Erich, *Anatomija ljudske destruktivnosti*, Biblioteka Naprijed, Zagreb, 1976

*A dictionary of Sociology*, edited by Gordon Marshall, Oxford University Press, London, 1998

James A. Brussel, MD, *The Laymans's Guide to Psychiatry*, Barnes & Noble books adivision of harper & row, publishers, New York, San Francisco, London, USA, 1967

*The Handbook of political Sociology, States, Civil Societys, and Globalization*, Cambridge University Press, 2005, USA

Brzenzinzki, Zbignjew, *The Geostrategic Triad, Living with China Europe and Russia*, Center for strategic and international studies, 2001, Washington, USA

Orum M. Amtony, *Introduction to Political sociology, The Social Anatomy of the Body Politic*, Prentice–Hall Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1978

Prof. Dr. Vlaisavljevic Ugo, lecture, “*Genealogy of conflict*”, Sarajevo International Summer School on Balkan Studies, August 2006

*Encyclopedia Britannica Deluxe*, 2005

# Апсорпциониот капацитет на ЕУ – потребно дополнување на Копенхагенските критериуми или алиби за подигање нов ѕид

Васко Наумовски

Можните правци на идниот развој на Европската унија несомнено ќе бидат детерминирани од понатамошниот тек на процесот на проширување. Неуспехот на референдумите поврзани со Предлог-уставот на ЕУ во Франција и Холандија, забавеното продлабочување на внатрешната интеграција после проширувањето од 2004 година, недоволно поддржаното зачленување на Бугарија и Романија, како и неизбежниот почеток на преговорите за членство со Турција, ја доведоа Европската Унија (ЕУ) во состојба на редефинирање на својата политика на проширување со нови држави-членки.

Критериумите за членство усвоени на Самитот на ЕУ во Копенхаген во 1993 година ги претставуваа потребните услови за приклучување во Унијата на државите од Централна и Источна Европа, заклучно со претстојниот влез во ЕУ на Бугарија и Романија во јануари 2007 година. Дотогаш најголемиот број државикандидати за членство ја наметна потребата за воспоставување одредени стандарди коишто мораат да бидат задоволени со цел државата успешно да се вклопи во економскиот и политичкиот систем на ЕУ.

Иако тешко достижни, најголем дел од „новите“ држави-членки ги исполнија критериумите пред да станат дел од ЕУ, но за некои од нив овие критериуми беа прилично флексибилни. Така, на пример, со влезот на Кипар, за првпат во историјата ЕУ нема контрола врз дел од сопствената територија, со што секако е избегнато задоволување на критериумите поврзани со владеењето на правото или функционирањето на државните институции. Но, заканата од страна на Грција за вето врз одлуката за прифаќање на сите останати државикандидати, доколку Кипар не биде дел од кругот на проширување во 2004 година, ја создаде горенспоменатата состојба. Стандардите за почитување на правата на малцинствата во Естонија или Латвија (Летонија) (правото на државјанство, избирачкото право, итн. на 25% односно 30% руско малцинство) секако се далеку од стандардите коишто се бараат од државите во Југоисточна Европа, но сепак нивното приклучување кон ЕУ не беше загрозено. Претходните циклуси на проширување на ЕЗ сведочат за значително пониски стандарди при прифаќањето на нови членки –

посебно во случајот на Грција, кога од некои европски автори позитивната одлука за нејзин влез, без целосно задоволување на ионака меките критериуми, се опишува како одлука при којашто европските политичари *„ги следеа своите срца, а не својот разум“.*[1]

Со признавањето на „европската вокација“ и перспективата на полноправно членство на државите од Западниот Балкан, и со доделувањето на статусот на држави-кандидати на Хрватска и Македонија (претходно и на Турција), промена на условите за зачленување значат промена на правилата на игра откако таа е веќе започната. Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, процесот за стабилизација и асоцијација, заклучоците од Солунскиот самит, како и изјавите на повеќе европски политичари за можноста за полноправно членство на државите од Западниот Балкан не навестуваа посериозно загрозување на европската перспектива на овој регион.

Воведувањето на терминот „апсорпционен капацитет“ и најавите за забавување или целосно запирање на проширувањето се должеа на повеќе моменти: почетокот на преговорите за членство со Хрватска и Турција во 2005 година, доделувањето на статусот кандидат на Македонија, како и евентуалното исцрпување на можностите за функционирање на системот на ЕУ после приемот на Бугарија и Романија. Влијанието на политичките прилики во одредени држави-членки (Германија, Франција, Холандија), како и стравот од прилив на нови емигранти, посебно од Турција, исто така имаа влијание врз зацврстување на ставовите против прием на нови држави-членки.

Сепак, знаејќи ги големината, популацијата и комплементарноста на државите-кандидати и „потенцијални кандидати“ од т.н. Западен Балкан, нивната „апсорпција“ во ЕУ нема да претставува посебна опасност за нејзината институционална структура и функционирање. Во рамките на дебатата за апсорпциониот капацитет мора да се повлече јасна граница меѓу групата држави од Југоисточна Европа (Хрватска, Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина и, веројатно, Косово) и групата „тешко-сварливи“ држави (Турција, Украина, Белорусија и Русија). Втората група секако заслужува различен третман, но не и априори исклучување од агендата за зачленување. Копенхагенските критериуми не содржат одредби за големината на државите што сакаат да станат дел од ЕУ, за нивната религија, културата или идеолошкото минато. Единствената јасна пречка за одбивање на одредена држава е одредбата од членот 49 од Договорот за Европската Унија, којшто пропишува дека *„секоја европска држава што ги почитува одредбите од членот 6 (1) може да аплицира за членство“* (принципите на слобода, демократија, почитување на човековите права и основни слободи и владеење на правото).

Единствената одбиена апликација досега е онаа на Мароко во 1987 година, токму поради тоа што

[1] Cowles, M. G.; Dinan, D., *Developments in the European Union – 2*, London: Palgrave Macmillan, (2004).

државата-апликант не е европска. Сепак, и овој географски критериум не е целосно почитуван при досегашните проширувања. Така, на пример, Кипар е само 100 километри оддалечен од Сирија и Либан, а 800 километри од континентална Европа.

Дилемите околу доделувањето на статусот на држава-кандидат на Македонија кон крајот на 2005 година покажаа дека државите од Југоисточна Европа имаат шанса да станат колатерална штета на внатрешните несогласувања во ЕУ, а остварувањето на најавената можност за т.н. „привилегирано партнерство" наместо полноправно членство за нив претставува чекор назад во достигнување на европското *finalité*. Комплетирањето на процесот на обединување на европскиот континент мора да ги вклучи и балканските држави, а останатите форми на соработка (европската политика за соседство или привилегирано партнерство) да бидат предвидени за државите кои имаат недоволна „европска вокација".

Институционалната структура на ЕУ дефинитивно има потреба од натамошни реформи, но приклучувањето на Хрватска и Македонија мора да биде засновано на постојните Копенхагенски критериуми, коишто се единствениот услов за влез на 12-те држави во 2004 и 2007. Можноста предложениот европски Устав да не биде усвоен пред затворањето на преговорите на овие две држави ја наметнува потребата за разгледување на други опции, како што е на пример измена на постоечките договори со амандмани кадешто би се предвиделе бројот на членови на Парламентот, гласовите во Советот на министри, и други одредби потребни за адаптирање на ЕУ кон двете држави.

Потенцијалниот страв од миграција и увоз на криминал не е доволна причина за прекин на процесот на проширување, а после долгогодишните отстапки, реформи и високоплатената цена од владите и граѓаните на патот кон ЕУ, истите не би биле задоволени со ништо друго освен во повеќе наврати потврдената перспектива за „најблиска можна интеграција". Како посебно значајни за овој регион, реформите во областите на правосудството, граничната контрола и борбата против организираниот криминал не смеат да бида запоставени, но откако ќе бидат успешно спроведени ЕУ нема да има алиби за натамошно одолговлекување на приемот на нови држави.

Државите од Блискиот Исток, Северна Африка или Кавкаскиот регион имаат недоволно јасно припаѓање на Европа, но подигањето на уште еден ѕид околу „територијата на слобода, безбедност и правда" или создавањето на своевидна „тампон-зона" окулу ЕУ е апсурдно решение веќе видено во историјата на Европскиот Континент. Идеите на Моне, Шуман и Аденауер секако не предвидуваа нови поделби, туку обединување на европските народи. Повеќе од половина век подоцна реализацијата на овој проект е на повидок.

**Abstract**

The enlargement has been on the European Union (EU) agenda since the early foundations of the European Communities (EC) in the 1950's. Budgetary and political problems were arising after every enlargement round, concluding with the "big-bang" round in 2004. The accession of Bulgaria and Romania in 2007 seems to fulfill the institutional capacity of the EU, and represents the limit of acceptance by some European leaders. Another issue that contributes for a skeptic view on the further enlargement is the failure to adopt the EU constitution, after the unsuccessful referenda in France and The Netherlands.

Countries from the Middle East, North Africa or the Caucasus do have questionable belonging to Europe, but the historical, religious, political and economic compatibility of the SEE countries can not create any additional difficulties to the functioning of the Union. The "*finalité*" of the European integration process will not be complete without the SEE countries, and building a wall around the "area of freedom, security and justice" or creating a "buffer zone" is an absurd solution already seen in the history of the continent.

# Процесот на проширувањето на ЕУ – клучен уставен моментум?

Тања Каракамишева

## 1. Основни напомени за проширувањето на ЕУ

Кога во далечната 1849 година, познатиот *Victor Hugo* изјави дека „ќе дојде ден кога сите нации на овој континент заеднички ќе се здружат во повисок степен на единство и ќе формираат европско братство без притоа да ги изгубат своите различни квалитети и индивидуалности, дека ќе дојде ден кога нема да има повеќе војни, освен оние кои се случуваат во умот, дека Европа ќе стане отворен простор на идеи и ќе дојде ден кога куршумите и бомбите ќе бидат заменети со гласови“,[1] никој во Европа не можеше да поверува дека сето тоа може да стане реалност.

Овие зборови на Иго долго време не беа сериозно сфатени. Некои ги сметаа за обично пророштво, утопија, производ на фантазијата на еден човек, други не им посветуваа никакво внимание, додека трети сметаа дека се работи за обична глупост.

Но, фантазијата, утопијата и пророштвото станаа реалност. На Европа ѝ требаше повеќе од еден век за да започне со реализирање на предвидувањата на Иго, иако во текот на тој период, се случија две светски војни и многу други конфликти кои предизвикаа милиони човечки загуби и голема материјална штета за Европскиот Континент. Тоа беа времиња кога сите надежи за Европа се чинеа изгубени.

Иако овие времиња се веќе далеку зад Европа, се чини стравот за нејзината иднина сѐ уште е присутен во сите области на европскиот живот.

Новото време за Европа носи и нови тешкотии и предизвици.

ЕУ им е сѐ повеќе потребна на европските нации.

Тоа е факт.

Сѐ почесто ЕУ се смета за простор во кој секоја држава-членка ќе може ефикасно да ги реши прашањата на сопствениот одржлив развој, социјалната солидарност и демократијата. Самостојно, националните политики тешко дека ќе можат да обезбедат силен економски развој. Токму затоа, актуелноста на прашањето за проширувањето на ЕУ и натаму не стивнува. И по најбројното проширување што ѝ се случи на ЕУ во мај 2004 година,

[1] Види: Pascal Fontaine, Former Assistant to Jean Monnet and Professor at the Institut d’Etudes Politiques, Paris. Europe in 12 Lessons. (European Commission, Directorate-General for Press and Communication, Manuscript completed in October 2003), http://europa.eu.int/abc/12lessons/index12_en.htm.

во Унијата и натаму проширувањето останува да биде топ тема.[2]

Имено, се смета дека проширувањето на ЕУ е дел од стратегијата на динамичниот и радикално променет свет на кого му е потребно *да* пронајде нова стабилност. Сè поочигледно е дека Европа е загрозена од развојот односно недоволниот развој на другите континенти. Доволно е само да го спомнеме влијанието на религијата од земјите на исламскиот свет, болестите и сиромаштијата кои владеат во Африка, економските кризи во Латинска Америка, популационата експлозија во Азија и слично.

На Европа ѝ стана јасно дека не е доволно да се концентрира само на себе и на својот развој. Таа треба да биде целосно вклучена во процесот на глобализацијата[3].

[2] Проширувањето на ЕУ од мај 2004 година беше поинакво од сите претходни проширувања на ЕУ. Клучните разлики се состојат во следново: а) со последното проширување ЕУ го продолжи периодот на постепено приближување и прилагодување на новите држави-членки (период што трае околу 15 години); б) многу поголем акцент е ставен на прифаќањето и целосното имплементирање на *acquis communautaire* пред пристапувањето отколку што тоа беше случај со приклучувањето, на пример, на Грција, Португалија и Шпанија; в) ЕУ посветува многу поголем интерес на домашниот институционален капацитет за имплементирање на *acquis communautaire;* г) широко се поставени условите за членство во форма на Копенхагенски критериуми усвоени 1993 година, во кои се вклучени „стабилноста на институциите кои ги гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата, постоењето на функционална пазарна економија, како и капацитет на прилагодување со натпреварувачки дух и пазарни сили на Унијата, способност да се преземат обврските од членството, вклучувајќи ги и целите на политичката, економската и монетарната унија"; д) појава на т.н. *неформални acquis* односно норми и очекувања согласно кои државите-кандидати треба да бидат мерени дека не ги исполнуваат обврските за членство кои се применија за првите 15 држави-членки на ЕУ; ѓ) мониторирање и проценка на кандидатскиот прогрес на државите од страна на ЕУ на нивниот пат на приближување кон пристапните критериуми и доверба во таа меѓусебна условеност. Ваквиот посебен пристап кон проширувањето беше резултат на загриженоста на Европската комисија и на првите 15 држави-членки во однос на последиците од приклучувањето на новите 10 односно 12 држави-членки. Оваа загриженост беше посебно фокусирана на прашањето како ќе функционираат институциите на ЕУ, особено Советот на министрите, Европскиот парламент, но и Европската комисија по проширувањето. Загриженоста се однесува и на можните тензии кои би се појавиле поради проширувањето, од една, и просперитетот на натамошното продлабочување на интеграцијата, од друга страна. Иако станува збор за различни искуства во процесот на интеграцијата и европеизацијата, новите држави-членки не создадоа претпристапна кохезивна група. Државите како што се Малта и Кипар немаа многу заедничко со останатите држави. Државите-членки од Централна и Источна Европа, вклучувајќи ги и балтичките држави, беа хетерогено групирани. Со исклучок на Полска, сите имаат средна големина на државата и значителна разлика во однос на клучните социо-економски параметри. Политичките врски меѓу државите од Централна и Источна Европа беа мошне слаби, а во одредени случаи, и тензични (односот меѓу Словачка и Унгарија). Обидите за подобрување на ваквите односи преку, на пример, формирањето на т.н. "Вишеградска група" на Република Чешка, Унгарија, Полска и Словачка имаа ограничен успех. Во оваа смисла интересно е да се спомене размислувањето на *Хелен Валас* кој го потенцираше значењето на функционалните, територијалните и интегративните врски меѓу државите од Западна Европа во разбирањето на историската траекторија на нивната европска интеграција. Токму овие врски резултираа со „создавање посебен образец на интеграција: мултирамковен, мултислоен, мултилатерален и со повеќе цели". Овој образец е различен од оној својствен за државите од Источна и Централна Европа кои имаат „сегментирана историја". Чекорот на овие држави кон Западна Европа дури сега започна да се приближува. Слабостите кои се покажуваат во интеррегионалната соработка и меѓудржавната координираност не значат дека новите држави-членки се осудени да бидат слаби "uploaders" во политичкиот процес на ЕУ, но секако значат причина за појава на одредени турбулентни и непредвидливи состојби. Хоризонталната димензија на европската интеграција се состои од серии на т.н. „специјални врски", од кои француско-германскиот сојуз можеби има најголемо значење. Проширувањето значително го зајакна мозаикот на овие посебни врски. Некои од нив се високо историски и политички обременети. Да ги спомнеме само примерите меѓу Полска и Германија, Кипар и Грција, Унгарија, Словенија и Австрија, или Малта, Италија и Обединетото Кралство. Иако овие врски имаат силен потенцијал за меѓудржавна соработка и стратешко поврзување, во одредени случаи знаат да бидат силен извор на конфликтност. Несомнено, тие промовираат натамошна билатеризација и мултилатеризација на односите меѓу државите-членки на ЕУ. Подетално види во трудот на: Dr. Phedon Nicolaides, Professor, EIPA. "Preparing for EU Membership: The Paradox of Doing What the EU Does Not Require You to Do", Eiposcope (2003/2), http://www.eipa.nl.

[3] Според изјавата на германскиот европратеник Рот, „Европа е одговор на глобализацијата. Ниту една држава-членка не може да оди сама". На оваа изјава се надоврзува и размислувањето на г-дин Карнеро, според кого, „Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ е фактор на светската стабилност. Затоа, сакаме Министер за надворешни работи и Министер за енергетика". Интересно е и размислувањето на г-дин Брок кој додава: „Државите-членки не можат да постигнат многу самостојно: да размислиме за телата како што е Светската трговска организација. Во иднина, трансатлантската заедница ќе продолжи да биде движечка сила во надворешните односи". Види: Joint Parliamentary Meeting on the Future of Europe, Working Group on the "European Union in the World and the Borders of the Union", 08/05/2006, EU Role in the World, http://www.europarl.europa.eu/news/expert/infopress_page/002-7839-128-05-19-901-...

Додека, од една страна, треба да биде горда за своите досегашни постигнувања, од друга страна, Европа треба да биде свесна дека мора да изоди уште многу долг пат за да може да потврди дека зборува со еден глас, односно да ја зацврсти позицијата на значаен субјект во светската политика.

Токму проширувањето на ЕУ е дел од тој долг пат на кој Унијата треба да ја докаже својата зрелост. Согласно обврските што ЕУ ги презеде на самитот во Солун 2003 година[4], склучените европски партнерства, согласно Стратегијата за проширувањето донесена од страна на Европската комисија од ноември 2005 година[5], согласно заклучоците на Советот на ЕУ за Западен Балкан од 20 март 2006 година[6], јасно е дека ЕУ ќе мора сериозно да ѝ се посвети на оваа задача доколку сака да биде третирана како значаен меѓународен фактор и како фактор на стабилност во регионот.

Иако ЕУ во сите овие документи не заборава да каже дека „брзината на проширувањето на ЕУ мора да го земе предвид апсорпциониот капацитет на ЕУ, и дека проширувањето е дел од големиот европски проект заснован врз заедничките принципи, политики и институции на Унијата", сепак, Унијата ќе мора да го гарантира својот капацитет паралелно со процесот на проширувањето.

## 2. Key points на Уставот на ЕУ

1. Уставот на ЕУ е резултат на компромисот меѓу федералистичките политички идеи и меѓувладините, интергавернментални политики во ЕУ, од една, и националните интереси на државите-членки, од друга страна. Се чини дека токму развојот на европската интеграција и анализите на овој прв уставен текст, особено интензивирани во наредниот период, ќе бидат основа за креирање на концепциски почист и поконзистентен текст, иако најверојатно нема до крај да биде расчистена „незавршената дилема" *(the never ending dilemma)* меѓу федерализмот и интергавернментализмот[7].

2. Со Уставот се искреира политички систем на Унијата кој во основа не е ниту битно променет ниту, пак, е радикално реформиран. Меѓутоа, некои елементи на овој систем значително ја зајакнаа сопствената позиција. На пример, вредностите на кои почива и врз кои се изградува ЕУ, политичките начела кои водат кон афирмирање на демократијата и на слободниот

---

[4] За Самитот во Солун и за другите редовни извештаи кои се однесуват на проширувањето на ЕУ, види на следниве веб-страници: http://europa.eu.int/comm/-enlargement.report_2003/index.htm; http://europa.eu.int/comm/enlargement.report_2004/index.htm; http://europa.eu.int/comm/enlargement.report_2005/index.htm.

[5] Во овој контекст види и: Commission of the European Communities, Communication from the Commission, The Western Balkans on the Road to the EU: Consolidating Stability and Raising Prosperity, Brussels, 27.1.2006, COM (2006) 27 final.

[6] Council of the European Union, Council Conclusions on Western Balkans (2719th EXTERNAL RELATIONS Council Meeting – Brussels, 20 March 2006), http://ue.eu.int/Newsroom.

[7] Уставот недвосмислено зајакнува некои од федералистичките карактеристики на ЕУ, додека новата рамнотежа меѓу федерализмот и интергавернментализмот се воспоставува во корист на федералистичките решенија. Но, тоа не значи дека интергавернментализмот, како последен бастион на националната држава и на меѓународниот поредок, е натеран на отстапки и дека е победен. Приврзаниците на ограничувањата на федералистичките амбиции можат да истакнат дека, покрај фактичкото право на вето во ограничен број случаи, сè уште клучната улога ја имаат националните држави како актери во одредувањето на темпото на интеграцијата преку сè уште доминантната улога на Европскиот совет, како и уставната обврска на ЕУ да го чува и негува националниот идентитет на државите-членки.

пазар на јавните политики, имплементирање на овие начела во механизмите на дејствување на одделните институции во системот и процесите кои се одвиваат во нив и слично. Или, накратко, со Уставот на ЕУ е:[8]

а) намален демократскиот дефицит на политичките институции на ЕУ;
б) зголемен бројот на случаи во кои се гласа со квалификувано мнозинство, при што драстично е намален бројот на случаите во кои се бара едногласно одлучување;
в) доразработен системот на соодлучување со што е зголемена улогата на парламентот како институција со демократска легитимација;
г) овозможена директна иницијатива на граѓаните и право на петиција до Европскиот парламент како и можност на законодавна иницијатива на граѓаните (иако само како теоретска можност која мора да биде операционализирана со правните прописи на Европската комисија);
д) зголемена одговорноста на сите институции и актери во политичкиот сстем на ЕУ. Воведен е системот на *check-and-balance* по примерот на политичкиот систем на САД, иако во поспецифична варијанта и на понизок степен од американскиот, бидејќи нужниот предуслов за *check-and-balance* системот претставува корективната улога на медиумите и на јавноста, кои во европскиот случај немаат моќ како онаа во националните политички системи;
ѓ) дефинирана една од клучните категории околу кои се водат бројни расправи, а тоа е принципот на супсидијарност – начелото дека одлуките се донесуваат на што е можно пониско ниво, односно поблиску до граѓаните и нивните вистински потреби, желби и барања.

## 3. Уставот на ЕУ и процесот на проширувањето

„Интеграцијата на Европа е процес сличен на возењето велосипед. Но, велосипедистот има можност да се симне од велосипедот, да се одмори и повторно да продолжи со возењето. ЕУ не смее да си го дозволи тој луксуз. Таа не смее да застане во процесот на интеграцијата“, ќе констатира Jean Monnet. Европјаните мора да се упорни „велосипедисти“. Тие ќе мора да продолжат во совладувањето на предизвиците.

Првиот чекор е направен.

ЕУ се согласи да напише уставен договор, јавно да прозборува за сопствениот правен субјективитет, да покаже со прст на своите недостатоци и да работи во интерес на нивното надминување. Европската Унија одбележа голем исчекор напред во сопствената транспарентност и покажа дека може да живее и да ги користи предизвиците во сопствена корист. Таа декларативно успеа да создаде обединувачка сила која ќе издејствува вистински реформи во заедничката политика. Така, сè почесто ЕУ се

[8] Види во текстот на: Damir Grubiša, „Europski ustav i politički sustav Europske unije“, Anali Hrvatskog politološkog društva (2004): 59. Со Уставот, ЕУ доби својство на правно лице со дефинитивно ставање на приматот на европските над националните закони.

смета за простор во кој секоја држава-членка ќе може ефикасно да ги решава прашањата на сопствениот одржлив развој, социјалната солидарност и демократијата. Самостојно, националните политики тешко дека ќе можат да обезбедат силен севкупен развој. Констатирајќи ја оваа потреба, државите-членки го отворија процесот на донесување Устав на ЕУ. Токму овој документ според мнозинството автори треба да претставува камен-темелник на идниот процес на проширувањето.

Без нова правна рамка, идното проширување на ЕУ е невозможно. Оттука, на содржината ѝ се неопходни нови меѓници кои ќе го трасираат европскиот пат под мотото обединети во разликите.

**Abstract**

The EU is facing a huge crisis which it will be difficult to overcome without concrete and more serious strategy of action. The European Constitutional Treaty is qualified *as a step forward in the process of (re)anew of the EU infrastructure.* However, in opinion of many, this Treaty is more of a judicial re-hash than a truly new constitution. It is obvious that the EU will go on functioning according to most recent of its treaties, the Treaty of Nice, until 2009. The juridical situation will be unchanged. Politically, the French and the Dutch "no" will create a salutary shock wave through Europe. The prospect will open to enact radical transformation in the foundations of the EU-upwards social harmonization, the universal right to social services, a progressive industrial policy, dissolution of NATO, etc. In this meantime period, the EU has the obligation to be concentrated on three questions: *first,* creation of so-called functional federalism, incremental progress towards political union. The most important legitimacy test for the European Union during the next decades will be whether or not it contributes to reconciliation of differences while at the same time generating strength through shared interests and future-oriented common perspectives; *second,* striving to combine social and economy concerns with global liberalization and economic efficiency and *third,* the consolidation and strengthening of the EU position in the world.

The European Union should worry about its capacity for influencing the path of global developments in the 21st century. The world might well live with a weak Europe, but Europe might not be happy to live with the consequences for itself.

The future of the Constitutional Treaty indeed remains uncertain. No one is able, at this stage, to say with certainty whether the Constitutional Treaty is "dead or alive". One thing is for sure.

The Constitution of the EU is the stone-foundation of the further enlargement process. Without a new legal framework, the enlargement process of the EU is impossible. The content is looking for a new legal frame.

# Од спречување и превенција на конфликти и иницијатива за враќање на довербата во Југоисточна Европа, до регионален Совет за соработка

Ерхард Бусек

Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, основан во 1999 година, е првата сеопфатна стратегија за спречување на конфликти од страна на меѓународната заедница, чија цел е зајакнување на напорите кои ги прават државите од Југоисточна Европа во зацврстувањето на мирот, демократијата, почитувањето на човековите права, економскиот просперитет и безбедноста. Со годините, фокусот на Пактот за стабилност се префрли од враќање на довербата помеѓу државите кои беа растргнати од цела деценија војни и повторна изградба на инфраструктурата уништена за време на војната, кон една рамка за регионална соработка во Југоисточна Европа. Уште повеќе, Пактот ја презеде улогата за поддршка во интегрирањето на овие држави во европските и евроатлантските структури, помагајќи им на државите во регионот во исполнувањето на критериумите за членство во НАТО и Европската Унија.

Денес, Пактот работи во однос на прашања кои се однесуваат на демократизацијата, економското реструктурирање, соработката и развојот, како и на безбедносни прашања. Заедно со Секретаријатот во Брисел, тој овозможува важна поврзаност помеѓу државите во Југоисточна Европа и институциите на НАТО и ЕУ. Конкретно, се работи за една потврдена рамка која го засилува едниот од критериумите за членство во ЕУ и во НАТО: *регионална соработка и добри меѓусоседски односи*.

## Зошто е неопходно да имаме регионална соработка?

Најпрвин, се работи за потреба на самата Југоисточна Европа – *поради тоа што некои работи* - борбата против организираниот криминал до зголемување на трговската размена и привлекување на инвестиции и зајакнување на подготвеноста во случај на катастрофи и превенција *може да се решат само на регионално ниво*. Еве и конкретен пример – странски инвеститор нема да биде заинтересиран да инвестира во држава која има пазар од само 2 милиони потрошувачи, туку во пазар кој има 55 милиони потрошувачи, кој во моментов се воспоставува благодарение на проширувањето на CEFTA, со што и инвестирањето во Македонија станува мошне поатрактивно. Исто

така, голем број од нашите меѓународни партнери, како што се меѓународните финансиски институции, исто така користат регионален пристап при изготвувањето на нивната програма, освен програмите кои се однесуваат на секоја земја поединечно.

Второ, *регионалната соработка истовремено е и предуслов и средство за евро-атлантска интеграција на Југоисточна Европа*. Со други зборови, ова е еден од критериумите за членство во ЕУ и НАТО, бидејќи овие две организации сакаат во своите редови да ги примат само оние држави кои покажале зрелост во односите со своите соседи, без разлика колку и да се болни сеќавањата од настаните кои неодамна се случуваа.

Сепак, *на регионалната соработка не треба да гледаме како замена за евро-атлантската интеграција*. Бидејќи регионалната соработка е основата на самата ЕУ, таа исто така претставува и услов за понатамошно интегрирање на Југоисточна Европа во ЕУ. Така што, на регионалната соработка треба да се гледа како на важна подготовка за идното членство во ЕУ и НАТО.

## Што досега има направено Пактот за стабилност?

Во изминатите години, Пактот за стабилност беше „виновникот“ за примери на фирми кои претставуваат пример за *успешни приказни* и кои целосно ја искористија предноста која им ја овозможува регионалната соработка, со краен резултат – двојно зголемување на регионалната соработка во изминатите неколку години. Сега е воспоставен и заеднички пристап во решавањето на потешките прашања, како што се борбата против организираниот криминал и корупцијата. Исто така, се разменуваат и најдобрите искуства на полето на миграциите. Договорот за енергетика создаде регионален пазар за електрична енергија кој е усогласен со стандардите на ЕУ. Четири држави ја формираат Комисијата за реката Сава која е задолжена да управува со економските и еколошките прашања поврзани со овој важен басен. Поблиска станува и соработката помеѓу пограничните локални власти во земјите од Југоисточна Европа, кои граници денес веќе речиси целосно ги чува полицијата, а не војската.

*Ова се некои примери за одредени позитивни настани кои се случија во Југоисточна Европа во изминатите 7 години.* Не постои сомневање дека регионот денес е многу позрел. Од тие причини, тој треба – и мора – да ги преземе сите работи во своите раце.

Имајќи го ова предвид, во 2005 година беше покренат процес на трансформација и насочување, со единствена цел – нова рамка за регионална соработка во Југоисточна Европа која треба да профункционира до 2008 година.

За да се има една непристрасна проценка на придонесот кој досега го оствари Пактот за стабилност, и за да се добијат разни предлози за тоа како треба да изгледа рамката за идната регионална соработка, беше основана Виша група за про-

ценка, во тесна соработка со комесарот за проширување Оли Рен, и составена од Алпо Руси од Финска, како претседавач (инаку поранешен заменик специјален координатор во 1999-2000 година), Горан Свилановиќ (поранешен министер за надоврешни работи на Србија и Црна Гора), Владимир Дробњак (главен преговарач со ЕУ од Хрватска) и Франц-Лотар Алтман (Германски институт за меѓународни и безбедносни прашања). Оваа Виша група имаше мандат да даде препораки за иднината на Пактот за стабилност, неговите приоритети и начините за зајакнување на регионалната „сопственост" на процесите кои беа започнати од Пактот за стабилност.

Финалниот извештај на Вишата група потенцираше одредени предуслови за постоење на рамка за одржлива регионална соработка во Југоисточна Европа, кои мора да се имаат предвид – силна инволвираност на државите од Југоисточна Европа и ЕУ; целосна политичка посветеност од државите во регионот и вклученост во донаторската не-ЕУ заедница за време на процесот на транзиција кон регионална „сопственост".

По мошне обемниот процес на консултации со државите од Југоисточна Европа во 2005 и 2006 година, највисокото одлучувачко тело на Пактот за стабилност – Регионалната маса во Белград во мај 2006 – донесе далекусежна одлука за трансформирање на Пактот за стабилност во една рамка која ќе биде во регионална сопственост, која ќе биде ефективна и насочена кон Југоисточна Европа. Главната задача на оваа рамка е да биде олеснувач на регионалната соработка и поддршка на европската и евро-атлантската интеграција, обезбедувајќи континуирана инволвираност на донаторската заедница со што се осигурува продолжување на она што Пактот веќе го оствари.

Беше договорено *Советот за регионална соработка* и неговиот Секретаријат да бидат фокусирани на активностите во шесте области кои државите од регионот веќе ги идентификуваа како најкорисни за сите нив: *економскиот и социјален развој; инфраструктурата; правда и внатрешни работи; безбедност и соработка* и *создавање човечки капитал* при што *парламентарната соработка* ќе биде темата која ќе ги опфати сите овие области заедно и која се поврзува со секоја од овие области.

Со Советот за регионална соработка ќе претседава *генерален секретар од регионот* кој ќе биде назначен од Процесот на соработка на Југоисточна Европа (SEECP) на пролет 2007 година и истиот одобрен од Регионалната маса, а откако ќе биде основан, и од Советот за регионална соработка. Генералниот секретар ќе управува со *Секретаријатот на Советот за регионална соработка* а ќе обезбедува и поддршка на претседавачите (во општ смисол) со SEECP. Имајќи ја предвид важноста од тесна соработка со ЕУ институциите, државите се согласија дека е потребно да постои и канцеларија за врски со седиште во Брисел.

Паралелни дискусии на неколку нивоа се одвиваа по состанокот во

Белград на Регионалната маса, со цел понатаму да се продолжи со активностите кои беа веќе договорени, т.е. новиот Совет за регионална соработка целосно да профункционира до почетокот до 2008 година.

Уште поважно, претставниците на регионот (кои се состанаа во рамките на Работната група за финансии) се состанаа под раководство на хрватското претседателство на Процесот на соработка во Југоисточна Европа (SEECP) и Пактот за стабилност постигна консензус во однос ревидираниот предлог за споделување на трошоците за да се покријат договорените годишни придонеси од регионот до Секретаријатот на Советот за регионална соработка во износ од 1 милион евра. Финансиските заложби направени за иницијалниот период од три години се базираат на поделба на државите на четири подгрупи според големината на нивните економии, и доделување на различен удел во рамките на секоја подгрупа. Овој напредок претставува мошне важен знак за политичката посветеност на државите од Југоисточна Европа кон целиот овој процес.

## Кои чекори ќе треба да се преземат во 2007 година?

За да се направи овој премин (транзиција) реален и остварлив, сè уште треба да се донесат поголем број одлуки во насока на следниот состанок на Регионалната маса на пролет 2007 година:

Најпрвин, *SEECP треба да ги дефинира своите односи со Советот за регионална соработка*. Регионалната маса во Белград донесе одлуки во однос на иднината Пактот за стабилност и предложи нововоспоставениот Совет за регионална соработка да има тесна соработка со SEECP.

Второ, *треба да се одреди финансиската шема на новиот Совет за регионална соработка и неговиот Секретаријат.* Откако владите од регионот се согласија дека финансиски ќе придонесуваат за идниот Секретаријат на Советот за регионална соработка, Европската комисија и билатералните донатори се договорија да воспостават Донаторска работна група за оваа потреба. Групата ќе работи во насока на одредување на висината на придонес од поединечни донатори (вкупната потреба за секојдневно работење на Секретаријатот на Советот за регионална соработка изнесува 2.5 до 3 милиони евра) како и развој на механизам кој ќе им овозможи на донаторите полесно да ги посветат своите финансиски средства кон работата на Советот за регионална соработка.

Трето, прашањето за тоа каде да се *наоѓа седиштето на Секретаријатот на Советот* и кој ќе биде *генерален секретар* ќе бара одлука од државите во регионот. Меѓународната заедница и понатаму им останува на располагање на државите од Југоисточна Европа, и главната задача за дефинирање на процедурите за номинација е кај овие држави и кај претседавачот со SEECP.

Четврто, ќе треба да се одреди *деталниот мандат и правната основа на Советот за регионална соработка*. Ова е мошне важно за да може Советот да постои на легални

основи и за да се овозможува користење на финансиски средства. Во оваа смисла, претставниците на донаторите и на Европската комисија ја потенцираа потребата од дефинирање на институционалните предуслови за Советот за регионална соработка и ја потенцираа својата подготвеност да се приклучат на SEECP и на Секретаријатот на Пактот за стабилност во решавањето на ова прашање. Се надеваме дека ќе биде основана работна група со посебна задача која ќе го појасни како правниот статус на Советот за регионална соработка и неговиот Секретаријат, така и формалните врски на Советот со SEECP.

## Заклучок

Сакам повторно да нагласам дека наведената постепена еволуција на Пактот за стабилност, во рамка која ќе биде во регионална „сопственост", не треба се толкува дека меѓународната заедница ја повлекува помошта која ја нуди и дека регионот го остава сам на себе. Напротив, многу од нашите меѓународни партнери ни потенцираа дека тие и понатаму ќе бидат присутни, но сакаат да видат како државите од регионот постепено го преземаат процесот – во политичка, кадровска и финансиска смисла.

Во интерес на сите нас е да обезбедиме одржливост на процесот на соработка кој започна во рамките на Пактот за стабилност и со тоа се продолжуваат неговите активности во Југоисточна Европа. Постојат два предуслови за ова да биде успешно: подобрена регионална сопственост и континуирана меѓународна поддршка во фазата на преземање и транзиција. Со други зборови, потребно ни е да имаме Совет за регионална соработка кој ќе овозможи континуирана меѓународна инволвираност и соработка, истовремено зајакнувајќи ја регионалната „сопственост". Сите ние – државите од Југоисточна Европа, SEECP (како единствена досега организација во регионална сопственост) и меѓународната заедница – мора да донесеме неопходни одлуки за ова да стане реалност, и тоа на еден транспарентен начин.

**Abstract**

Regional cooperation is one of the most important issues regionally vis-à-vis the improvement of the neighborly relations between the countries in the region, On the other hand, an intensive and substantial regional cooperation is one of the basic preconditions for every country in the region in order to fully fulfill the criteria for accessing the European Union. In this regard the Stability Pact has been a success story for the region, improving the regional cooperation in some cases twice as much, regardless of the troubled political past between certain countries of Southeast Europe. However, there are sufficient conditions that the Stability Pact is transformed and finally acquires exclusive local ownership. In this regard there are challenges that have to be met in order to successfully transform the Stability Pact, continuing and intensifying further the cooperation in the region.

# ООН – патологии, проблеми, перспективи...

Татјана Петрушевска

Мирот бездруго е моќ. Овој исказ би можел да биде сублимација само на аспект на една од основните идеи-водителки на секоја етапа од развитокот на оваа напатена, исцедена и веројатно со право, на почетокот од новото илјадалетие, од безброј причини избезумена цивилизација чија резултанта е неприкосновеното, неотуѓивото, неспорното право на народите на мир. Меѓутоа, минуваат векови пред човештвото, конечно, да покаже дека бројните претходни необидувања не беа затоа што се чинеше исклучително тешко остварлива помислата на организирано, институционално и интернационално градење на мирот како врвен продукт на секоја цивилизација од чие (не)постоење зависи (не)производството на сите други доблести кои се, всушност, и клучен знак за нејзиното распознавање, туку обратно, дека сето тоа беше тешко, имено, поради недозволливо долгорочното отсуство на сериозни обиди во споменатата насока. Се редат милениуми, а мировната идеја дури по окончувањето на Втората светска војна се соочува со релативно плодоносен контекст на силите на меѓународен план, не само како нивен механички рефлекс туку пред сè, како фактор од решавачко значење. Контекст од кој извира сознанието дека проблемот на употребата на сила не може да биде разрешен на нивото на логиката што и ја генерира нејзината примена. Контекст што подразбира барем формално-правно разрешување на традиционалниот судир меѓу правото и силата, во интерес на правото, како Цицероново покорување пред законите во корист на слободата. Врз манихејски основи се инсталира Организацијата на обединетите нации, замислена како моќна фабрика за производство меѓународна политика во услови на извонредно комплексна меѓузависност на нејзините субјекти кои трагаат по мултилатерален (колективен) пристап во техниките и методите за зачувување на светскиот мир и безбедност, односно за неговото повторно воспоставување. Се усвојува конститутивниот акт не само на Организацијата туку и на современата меѓународна заедница како целина – Повелбата на ОН. Во неа е содржана ius cogens забрана на војната како најопасен, најсеопфатен, најсуров, најбестијален и следствено, најтрагичен вид на употреба на сила.

Ете како започнува ерата на ОН. Епоха во која се остварува еден од најголемите дострели – целосна деколонизација, односно, надминување на вековната поделеност на

Земјата на цивилизација и дивјаштво. Така се воспоставува универзална меѓународна заедница. За прв пат меѓународната заедница ја сочинуваат суверено рамноправни држави, иако, се разбира, никој разумен не ја негира нивната фактичка нерамноправност. Државната сувереност сериозно се редефинира за да биде во состојба да „задоволи“ спектар од взаемно поврзани и меѓусебно условувачки концепти: човекови слободи и права, економски аспирации, внатрешни и надворешни аспекти на легитимитетот итн. Во директна врска со реченово се и промените во начинот на перципирање на категоријата „национален интерес“, која се проширува со цел да ги опфати сите домашни, транснационални, меѓународни и наднационални конвергенции. Премиерно се создава форум за артикулирање на интересите и на невладините механизми. Со тоа постепено се отвора простор за дејствување на транснационално цивилно општество со изразено чувство за „мултимедијална“ демократија, за пазарен либерализам и за сите други со нив поврзани политички, и воопшто, социјални вредности.

Во ерата на ОН се воспоставуваат широки основи на универзалниот систем за заштита на човековите слободи и права. Како никогаш претходно, силен поттик добива процесот на кодификација и прогресивен развој на меѓународното право во многу области. Меѓу другото, изграден е разгранет систем на специјализирани агенции, институции и програми со значителни надлежности во економската, социјалната и хуманитарната сфера. Тој е елементарна претпоставка на мирот сфатен не еднодимензионално - како просто отсуство на војна, туку како сеопфатен процес што облагородува и отвора простор за сестран физички, материјален, морален, духовен и интелектуален развиток на човековата личност. Мирот, како начин на комплексно патување – никогаш како дефинитивно остварена цел.

Конечно, ООН барем двојно ја надживеа сопствената претходничка – Лигата на народите. Ако ништо друго, барем за време на нејзиниот опстанок не избувна нова светска катаклизма.

Доколку продолжам со нови „за прв пат“, „ако ништо друго“ и слични афирмативни одредници, стравувам дека ќе зачекорам по нервите на раскошно распосланите мизантропи и кралици на цинизмот од калибарот на Емброуз Бирх кои со полно право ќе ми забележат дека не правам никаков продор со тоа што „мудроста“ на милиони будали ја изразувам со зборови на еден ништо попаметен лик. Дека извлекувам наравоучение – без басна. Дека го подгревам она што е смрзнато во низа одамна констатирани вистини кои, сепак, немаат капацитет да ги решаваат актуелните проблеми. Дека се губам во неизлечив, би рекла, Вилсонов идеализам, или дека можеби патам од комплекс на создавање митови, наспроти суровата реалност, како опасни дијагнози за апсолутна некритичност кон Организацијата.

А тешко дека постои простор за некритички оптимизам. Напротив, постојат многу причини за горчлив

критицизам на досегашното искуство и за скептицизам во однос на иднината. Како стартер, отсуството на едногласност на големите сили во рамките на Советот за безбедност на ОН, веќе шест децении, оневозможува воспоставување на механизмите на системот на колективна безбедност. Сè уште не е формиран Комитет на воен штаб предвиден да му бидат ставени на командување национални контингенти заради извршување на принудните мерки предвидени со глава VII од Повелбата. Во меѓувреме, неговите надлежности ги преземаат Советот за безбедност и Генералниот секретар на ООН – ни оддалеку соодветно решение. Уште повеќе, правото на вето via facti го оневозможува извршувањето на првостепената одговорност на Советот за безбедност за зачувување на светскиот мир.

Во меѓувреме, се случува само занимација како начин на унапредување на потиштеноста, како „лесни вежби за интелектуален фитнес“ преку воспоставување, exempli causa:

- релативно софистициран систем на мировни операции, вклучително и превентивно позиционирање што за прв пат се случи во првата половина од минатата деценија, токму во Република Македонија;
- дали? креативен систем на санкционирање на државите - носители на противправни акти;
- да речеме инвентивен систем од хибридни форми што вклучуваат елементи на мировни операции, санкции, добри услуги, односно, посредување, хуманитарна помош, политичка поддршка, надгледување изборни процеси, и воопшто, систем од мерки за градење доверба.

Сепак, нивната целокупност, не е доволна за да го поправи впечатокот дека ООН е „Хајд парк“ на меѓународната сцена, без никакво, или во најдобар случај, без решавачко влијание врз клучните текови на меѓународната политика. Дека е гол speaker, но мошне често, не и она што, всушност, мора да биде – ефикасен doer. Дека е арена на хипокризија во која се прокламираат едни вредности, мир, слобода, демократија, владеење на правото, а се практикуваат ним спротивните.

Овој вграден недостаток на Организацијата не е во состојба да го поправи ниту фактот на испраќање на социјализмот во „Музејот на старини“ и со него поврзаното видоизменување на меѓународната политика, иако нејзините успеси по истекот на првата половина од деведесеттите откако Студената војна веќе е завршена, на прв поглед, ветуваат многу. Окончани се Ирачко-иранската и Ирачко-кувајтската војна, советските трупи се повлекуваат од Авганистан, и на конфликтот во Сиера Леоне, се прогласува независноста на Намибија и Еритреја, се прави значителен чекор во правец на стабилизирање на ситуацијата во Кампучија итн.

Сè на сè, златно доба - вистинска ренесанса. За жал, и овој пат, веројатно како и многупати претходно, без хуманизам. Новата атмосфера во Советот за безбедност не е израз на материјална едногласност на

големите сили, туку еманација на доминантната положба на САД, во однос на европските партнери – Велика Британија и Франција, на изразито ослабнатата Русија и на прагматичните преокупации на Кина. Нема хуманизам ниту во справувањето со кризата и подоцна со војните на просторите на поранешна Југославија, со случувањата во Руанда и Сомалија, со војната во Ангола, со повеќедецениskиот проблем на Средниот Исток, со спорот меѓу Индија и Пакистан околу Кашмир итн. Нема почитување на општото меѓународно право ниту на правото на Организацијата при приемот на РМ во нејзино членство. Неподнослива индолентност на Организацијата во однос на од неа неавторизираните напади на НАТО врз СРЈ, срамна политизираност на „кенгурскиот“ - Хашкиот трибунал, основан како помошен орган на Советот за безбедност на ООН, недозволива неодговорност во однос на актуелните случувања на Блискиот Исток, несфатлива и апсолутно непотребна маргинализација на Организацијата во „војната на обединетиот свет“ против „бау-кот“ на тероризмот. Со еден збор, ООН е сведок на, па дури и учесник во сериозни повреди на серија фундаментални принципи врз кои почива современото меѓународното право, чие релативизирање, или уште полошо кршење, на долги патеки, ќе има несогледливи негативни реперкусии по човековата цивилизација in totto.

Изречениве оценки не поаѓаат од стандарди што не се поврзани со фактичката моќ на Организацијата, „моќ“ на класичен деривативен субјект на меѓународното право. Не се ни обидувам да ја оценувам од аспект на прототип на светска влада (таа тоа ниту е, ниту може да биде), ниту пак како инструмент на потполно отстранување на главниот проблем на Човештвото - заканата со сила и употребата на сила.

Наброените слабости на Организацијата се:

- прво, потврда на одамна осознаената вистина дека сите големи идеи се проследени со не помалку импонзантни грешки;
- второ, резултат од фактот дека човековата глупост како, впрочем, и широката и непрегледна Вселена се апсолутно неограничени категории и
- трето, консеквенција од низата слабости на современата меѓународна заедница.

Имено, и покрај неспорно континуираниот процес на нејзино преобразување, во основа, таа останува Вестфалски, што ќе рече, автархичен тип на заедница. Следствено, и понатаму државите се нејзините оригинерни субјекти - основниот градежен материјал. Државите го сочинуваат нејзиниот скелет, но државите го исполнуваат и просторот меѓу коските. Иако, многу држави се свесни за сопствената слабост на внатрешен и за нивната повредливост на меѓународен план, иако, во принцип, не ја негираат ниту извонредно нараснатата меѓузависнот по најразлични линии, ниту процесот на глобализација, сепак, тие сè уште се носители на моќта да прават војни. Особено

некои од нив. Особено воено и политички најмоќните од нив. Логично, иако не и оправдано, овие и вакви актери не ѝ приоѓаат на Организацијата единствено, или првенствено низ призмата на величествените принципи мир, право, правда. Државите, дури и значително изменети во сопствените функции, дури и кога несомнено им посветуваат некакво внимание на вака апстрактно поставените вредности, сепак, првенствено се раководени од сопствените/себичните аспирации, потреби и интереси. Следствено, токму тие се клучниот спиритус мовенс непосредно - во обликувањето на нивните активности во Организацијата и посредно - во дејствувањето на самата Организација како посебен субјект. За жал, не Организацијата како нов квалитет, туку нејзините членки, пред сѐ големите сили, се тие кои ја физиономираат и современата меѓународна политика.

И што сега? Дали да ги прифатиме наброените факти во согласност со максимата „ако сакаш да живееш во мир – молчи", без дополнително кревање прашина. Бидејќи таквото однесување е политички коректно, бидејќи нашиот глас дури и кога нѐ има не стигнува далеку? Но, дали на таков начин не сме го допреле крајот на историјата (не во Хантингтонова смисла, се разбира)? И дали таквиот крај смее да биде врвниот дострел на оваа цивилизација? Конечно, дали потврдниот одговор на овие прашања не ја укинува потребата и од меѓународно право и од правници кои него ќе го создаваат, ќе го применуваат и ќе го толкуваат? Дали сме сигурни дека со таквиот став не ги поткопуваме темелите на процесот на демократизација на меѓународната заедница, кој несомнено е дека почна, меѓутоа не сме сигурни дека нема да заврши со нова апокалипса? Зошто само правото, процедурата и институциите се каква-таква гаранција за демократија, а сите тие во континуитет се поттурнуваат настрана. Наместо тоа се нуди концептот на дезидеологизација и оној на човекови права. Се разбира, на строго принципиелно рамниште, ниту на едниот, ниту на другиот не би имало што да им се забележи, освен фактот дека процесот на дезидеологизација се третира како увертира во нови идеологизации, а бројни настапувања во име на едни човекови права подразбираат кршење и поништување на други исто такви права, како и на бројни други докажани вредности. Идејата за човекови права се подредува на интересите на носителите на моќ во меѓународните односи. При оценката на состојбата со човековите права, како неприкосновен арбитар се појавуваат само најмоќните, не и репрезентативниот дел од меѓународната заедница, заборавајќи при тоа дека на чисто морално рамниште, заштитнички на човековите права во светот очигледно не се држави што, ниту потпишале ниту ратификувале, или во најдобар случај, тоа го направиле долго по стапувањето во сила на клучни меѓународни документи од сферата на човековите права. Дотолку повеќе доколку таквите држави се носители на унилатерал-

ни активности во име на човековите права по пат на газење на правото и преку примена на најгруба сила кон лица кои не се во војничка униформа – кон различни особено вулнерабилни категории – деца, жени, изнемоштени. Само блиц илустрација: во Ирак, за три години паднаа 100.000 цивилни жртви, бројка што секојдневно застрашувачки расте само поради фактот на припадност кон сунитското или шиитското религиозно ткиво во граѓанска војна претходно иницирана како меѓународен судир врз основа на лажно тврдење за поседување оружје за масовно уништување; во Авганистан во период од две години паднаа 10.000 цивили во услови на катадневен пораст на бројот на самоубиствени напади; во појасот Газа 1,5 милион Палестинци се заложници на израелската офанзива; сѐ уште се свежи и бројните жртвите на летните случувања меѓу Израел и Либан. Кон сите овие настани ООН се однесува како кон елементарна непогода - чека невремето да помине. Борејќи се со чудовишни лица и ивенти како и самата да се трансформира во чудовиште што со неподнослива леснотија толерира нешта што никако не би смееле да бидат поднесувани.

Крвавите настани, од една и неефикасноста на ООН, од друга страна, ја потенцираат потребата од постојано нагласување на следниве непобитни факти:

- прво, точно е дека легитимитетот на ООН извира од оној на државите-членки, па кризата во легитимитетот на Организацијата, не може да не биде резултат од кризата на државниот легитимитет;
- второ, не помалку значаен е и фактот дека во процесот на хранење на легитимитетот на Организацијата државите имаат обврска да чекорат многу подалеку од ограничувањата на секоја одделна држава-членка;
- трето, факт е дека политиките - како супстанца, колективно усогласени преку механизмите во рамките на ОН - како процедура, не само што ги намалуваат разнебитувачките ефекти на разликите преддестинирани да дејствуваат и да останат заедно, туку и објективно имаат далеку поголема шанса за успех;
- четврто, вистина е дека мултилатералната дипломатија е сложена, компликувана, макотрпна, долготрајна, исцрпувачка и скапа активност, но не помала вистина е дека еднострано преземаните активности се и опасни и разорувачки за меѓународно-правниот поредок во кој Организацијата, во политичкиот свет игра само како модерна верзија на Лигата на народите и
- конечно и никако најмалку важно, не смее да се пренебрегнува фактот дека и за многу помалку важни прашања, а особено кога е во прашање меѓународниот мир и безбедност, не постои исклучива одговорност само на Организацијата, обратно, во сите случаи на ангажирање на меѓувладини механизми во транснационални предизвици и сите други социјални актери, не сфатени симплифицирано до степен на

вулгарност (ја разбирате во нашиот контекст веќе, за жал, потсмешлива варијанта на невладин сектор), туку со значење на цивилно општество во неговата севкупност што ја покрива целината на трипартитниот модел – јавни актери – приватен (претприемачки) сектор – непрофитен сектор, мораат коректно и посветено да си го исполнуваат својот дел од обврските.

**Abstract**

The author elaborates on the genesis of the UN and all of the contributions that the organization has made in the efforts for world peace and setting standards for human rights. She depicts the creative and innovative methods for conflict management and conflict resolution, set up by the UN. But also reflects on the failures of the organization in dealing with the conflict situation in the Middle East, and analysis the reasons for it.

# Урхо Калева Кеконен – чуварот и обновувачот на финскиот идентитет во полето на затегнатоста помеѓу западната интеграција и источното партнерство

Тина Фарни

Урхо Калева Кеконен (1900–1986) од 1956 год. до 1981 год. беше претседател на Финска. Полицаецот, израснат во рурални околности, кој студираше правни науки во Хелсинки и своите политички погледи ги објавуваше под псевдоними во различни весници и списанија, беше кандидат за премиер на Земјоделската партија во четири влади. Неговата омиленост кај народот растеше, додека конкуренцијата и опозицијата кон поттикнувачот, кој дејствуваше сè поавтократски, се намалуваше. Со еден акт за баланс помеѓу интеграцијата во Западна Европа и специјалниот статус спрема Советскиот Сојуз, тој успеа по Втората светска војна да ја одржи стабилна и неутрална Финска, која дури во 1917 год. се оддели од Русија. Од широката јавност доби признание за ваквата способност, како и за умешноста да се справи со најразличните луѓе од различни социјални слоеви и свесно да го прави тоа. Критиката, пак, беше упатена пред сè кон неговата надворешна политика која ја водеше сосем независно од парламентот, неговото постепено мешање во внатрешната политика, неговите методи за извршување на власта кои не изгледаа многу демократски, при кои се потпираше на една широко развиена мрежа врски, а понекогаш се закануваше и неговата гордост, која знаеше да се издигне и до уништивост и култот на личноста, кој настана во текот на неговиот долг мандат. Зенитот на својата кариера Кеконен го достигна со иницијативата за Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КБСЕ) и функцијата домаќин на оваа конференција на почетокот на седумдесеттите години во Хелсинки, која успешно ја донесе Финска во видеокругот на една широка светска јавност.[1]

## Големиот сосед во Исток

Уште во 19-тиот век финската интелигенција разви доктрина за преживување наспроти Русија.

[1] Сп. Olli Rehn: Paaskivi-Seuran Urho-Kaleva-luento 5.9.2005. “Иницирањето и изведувањето на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа беше едно од најзначајните достигнувања на финската неутрална политика (...) Големо достигнување и воведување во настаните од почетокот на 1990-тите, по што како САД така и СССР дури по детални преговори беа подготвени да учествуваат во предложената форма. Вредно е да се напомене дека со параграфите за човекови права на објаватата на КБСЕ граѓанските движења во Источна Европа можеа да придонесуваат за демократијата и човековите права. Иако одредбите на КБСЕ не беа обврзувачки, сепак, нивното политичко и морално влијание, коешто се оттргнуваше од поделбата на светот, беше одредувачко (...) КБСЕ беше првиот одлучувачки час на финската европска политика.“.

Финците секогаш ја нагласуваа својата лојалност спрема Царот, истовремено барајќи можност да го зајакнат својот национален и политички статус до еден значителен степен. Можност, која и ја добиваа во голема мера. Политиката спрема Советскиот Сојуз, Јухо Кусти Паасикиви, кој од 1946 до 1956 год. беше претседател на Финска, директно ја наследи традиционалната политика на Финска во однос на Русија. Високата воена надменост на Советскиот Сојуз беше еден од фактите на кои Паасикиви ја градеше својата политика – тој политиката ја водеше како „уметност на можното“. А ваквата линија во политиката продолжи да ја практикува и претседателот Кеконен: Не само што треба да се спроведе волјата на Советскиот Сојуз туку активно да се осигура и неговата доверба во овој процес. Кеконен можеше да ја убеди својата партија, Земјоделската унија, во тоа дека треба да ја поддржува пријателска политика кон СССР. И на тој начин се поткопа монополот заснован на добри односи со Советскиот Сојуз на финските комунисти. Оваа прагматска политика според нејзините главни протагонисти беше наречена „Линија Паасикиви-Кеконен“.

Основата на новата финска надворешна политика по Втората светска војна беше договорот за пријателство, соработка и меѓусебна поддршка со Советскиот Сојуз, склучен во 1948 год. Овој договор ја разликуваше Финска од другите европски држави, кои имаа неутрална политика и, пред сѐ, имаше политичко значење, иако се базираше на неговата милитарна содржина. Тој ја регулираше ситуацијата доколку некоја држава ѝ се закани со напад или ја нападне Финска: беше утврдено дека Финска својата територија мора да ја штити од нападите на „Германија и нејзините сојузници“ и дека во случај на напад ќе побара поддршка од Советскиот Сојуз. Со тоа договорот, од практична перспектива, не беше значаен во мирнодопски времиња, неутралноста на Финска би била загрозена само во случај на закана од војна. И иако ова никогаш не беше јасно изразено, договорот ја штитеше Финска и од напад од Советскиот Сојуз. Договорот за пријателство беше дел од финската надворешна политика за време на Студената војна и основата за стабилните односи со Советскиот Сојуз, ама не служеше како основа за целосната финска надворешна политика. Во преамбулата стоеше дека Финска се стреми да остане надвор од конфликтите на суперсилите.

Кеконен, прво како премиер, а подоцна и како претседател, на основа на меѓусебното разбирање и добрите трговски врски почна да воспоставува добри односи со Советскиот Сојуз. Трговијата со Советскиот Сојуз за развојот на Финска беше од пресудно значење: Отприлика дваесет проценти од извозот на земјата, пред сѐ готови производи, одеа во Советскиот Сојуз, додека оттаму во прва линија беа увезувани суровини. Долго време Финска беше најважниот трговски партнер на Советскиот Сојуз (сѐ

додека во новата источна политика оваа улога не ја презема Западна Германија).[2]

Во 60-тите и 70-тите во меѓународни рамки почна да се зборува за „финизација“, со што се мислеше на силно насочената политика на Финска кон Советскиот Сојуз. Во Финска, фактички, не се донесуваше ниедна надворешно- или внатрешнополитичка одлука без да се разгледаат можните реакции од страна на Советскиот Сојуз.[3] При јавното изразување мислење Финска избегнуваше да ја критикува политиката на Советскиот Сојуз. И покрај тоа, западните политичари не беа во право за „финизацијата“, кога поаѓаа од тоа дека односите помеѓу двете држави почиваат врз стравот од големиот сосед или врз наивноста на Финска. Ама се работеше токму за спротивно: Во текот на една нова политичка култура, политичките и економските елити ја беа отфрлиле недовербата спрема соседната супер-сила. Тоа резултираше со апсурдната ситуација, дека Комунистичката партија на Финска беше во полоша позиција отколку другите партии, поради директната поврзаност со Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, која се сомневаше во лојалноста на мнозинството фински комунисти. Во меѓувреме, политичарите од десното крило, од кои не се ни очекуваше некаква политичка лојалност, имаа изградени добри партнерски врски на основа на меѓусебната доверба.

Она што Западот го восприемаше како „финизација“, во смисла на политичко страдање од соседството со комунистичката суперсила, честопати потекнуваше од политичките кругови на самите Финци. Кеконен, кого вистина го подржуваше поголемиот дел од населението, знаеше од своите политички способности за тактизирање и својата популарност да направи присилно средство за донесувањето внатрешнополитички одлуки.

## Тактичарот Кеконен

Според финскиот Устав, на претседателот на државата му припаѓа целосната моќ, доколку тој го сака тоа. Кеконен го користеше тоа сеопфатно.[4] Откако во 1950 год. изгуби во претседателската трка против Паасикиви, тој го назначи за премиер. Во 1956 год. ги доби претседателските избори со мнозинство од само два избирачки гласа. Со умешно тактизирање се покажа

[2] Дотолку поголеми беа рефлексиите, кога во текот на Перестројката Финска го загуби ексклузивното трговско партнерство и мораше да се докаже во меѓународната конкуренција. Ваквиот развој потоа ја доведе и до најголемата економска криза во земјата во втората половина на XX век.

[3] Ова беше и последица на една дипломатска криза од крајот на 50-тите години, кога Советскиот Сојуз ја прекина целата трговија со Финска и го повлече својот амбасадор од Хелсинки.

[4] Сп. Andrea Gawrich: Finnland – Musterknabe in der EU? Во: Aus Politik und Zeitgeschichte, B4 47/2004: 16: “Финска долго време беше пример за реткиот тип системи во Европа на полупретседателски владејачки систем со силно консензуални црти. По објавувањето на новиот Устав во 2000 год. тој стана парламентарен владејачки систем, каков што веќе повеќекратно беше раширен во Западна Европа. (...) До 2000 год. во Финска важеше Уставот од 1919 год., кој не претставуваше некаков единствен текст, туку се состоеше од различни закони од уставен ранг.“. И ibid., стр. 18: “Според Уставот претседателот ја претставува и највисоката извршна власт, иако егзекутивата ја извршува заедно со владата“. Во практика, сепак, искористувањето на претседателските компетентности силно се менуваше. Како некој вид domaine reserveé во надлежност на претседателот беше и водењето на надворешната политика. Оваа соодветствуваше на политичката нервоза за време на Студената војна, во која се сметаше дека водењето на надворешната политика би можело прилично да помогне и беше консенс. Таа дури и за мандатот на претседателот Урхо Кеконен (1956–1981) важеше како помалку претседателски ориентирана отколку францускиот систем.

како многу успешен политичар, поради што во седумдесеттите години го подржуваа сите поголеми политички партии, почнувајќи од конзервативните до комунистичките. Во 1973 год. неговото претседателствување продолжи со измена во законот, која мораше да се изгласа во Парламентот. Анкетите покажаа дека мнозинството од населението стоеше зад својот претседател. Тој успеа, со својата личност – како и со своите лични врски – така да се рече, себеси да се направи неопходен. Кеконен сакаше да ја динамизира надворешната политика. Неговите иницијативи, како нордиската зона ослободена од нуклеарно оружје и организирањето на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа, го забрзаа заземањето место на Финска како неутрална држава помеѓу фронтовите во Студената војна. Истражувањето во советските архиви покажа дека овие иницијативи Кеконен ги подготвувал во соработка со претставници на Советскиот Сојуз. Дотаму одеше осигурувањето на Кеконен во однос на Советскиот Сојуз, меѓутоа дотаму одеше и советската пресретливост. Ова сознание е парадигматско за „финскиот парадокс“, и претставува едно од основните стојалишта на политиката на Кеконен: колку односите на Финска со Советскиот Сојуз беа подобри, толку поголема беше слободата во развојот на нејзините односи со Западот. Градењето доверба врз основа на односите со Советскиот Сојуз, познат по својата недоверливост, беше изненадувачки успешна. По можноста за изгладување две кризи на надворешната политика со лични преговори на Кеконен со Хрушчов, Претседателот, за кого не постоеше некоја вистинска алтернатива, стана гарант за финската надворешна политика.

Кеконен беше познат и по својата добро развиена мрежа врски. Тој ги негуваше познанствата со своите компањони за лов, риболов или скијање, ги одржуваше контактите со поранешните колеги, од чии кругови за време на студиите влезе во политиката. Кариерата ја градеше со доверливи луѓе од сите партии. Освен тоа, во својата резиденција често канеше млади интелектуалци и уметници. Овие собири беа познати под името „детски прослави“. Како домаќин на таквите поводи Кеконен можеше да си создаде јасна слика за тоа какви струења преовладуваа. Кон светот на уметноста и културата Кеконен беше поврзан и преку сопругата Силви, која беше писателка и која по венчавката и враќањето од професионалниот живот водеше мал литературен кружок.

Па така, во Кеконен, полн визии, се огледуваше самата карактеристика на финската политика, политика на многустраност и сукцесивност.[5] Неговото рурално потекло, неговите залагања за татковината, како и со ангажманот како спортист (Кеконен во 1924 год. беше првак во скок во височина) и неговите приземјени занимања во сло-

[5] Сп. ibid., стр. 16: "Во Финска традиционално постојат повеќепартиски коалиции. Па, така, владата во деведесеттите години беше составена од конзервативци, социјалдемократи, комунисти и зелени (за прв пат во Европа), така што не можеше да стане збор за некакво структурирање на партискиот систем на „лев“ и „десен“ како што беше случај во другите демократии.“.

бодно време – ловот, риболовот, скокот во далечина – го направија „народен човек“. Ама тој, истовремено, беше и урбан интелектуалец, кој за време на своето студирање во Хелсинки, а особено со соработката во студентските организации, стана вистински политички активен – но не како регионален политичар. Новинарска дејност, која ја следеше од својата младост до крајот на животот, зборува за неговата способност за текстуално изразување и рефлексија. И, на крајот, како политичар кого го поддржуваа речиси сите политичари, кој успеа да изгради однос на доверба со Советскиот Сојуз, без да ја изгуби доверливоста спрема Западот, Кеконен стои – во секој случај, не дека нема работи за критика – како парадигма за успешен обид за интеграција во различните системи, а без притоа да мора да се изгуби сопствениот идентитет.

## Рефлексии врз современата политика

И ден-денес, од стојалиште на Финска, како и порано, негувањето добри односи со Русија се смета за природно. Тие денес можат да бидат многу помногулики и попродуктивни отколку што тоа беше случај во времето на Советскиот Сојуз. На Финска ѝ е потребен источен сосед кој ќе биде демократски, стабилен и пријателски. За тоа Финска може да придонесе како преку својата политика така и преку политиката на ЕУ. Стабилноста, која Кеконен беше во состојба да ја гарантира за Финска, пред сè за време на Студената војна, до ден-денес останува нешто од исклучително значење. Пристапот во ЕУ значеше приклучување кон една динамичка стабилност преку учеството во големиот процес во европска интеграција.

Од пристапот во ЕУ во 1995 год. се промени и поимот за неутралност. Во дефиницијата на последните влади, надворешната и безбедносна политика на Финска се темели на принципот на избегнување за воено стапување во сојузи и на веродостојна национална одбрана – при што тоа, пред сè, значи нечленување во НАТО. Воопшто и целосно сè уште постојат многу аспекти од некогашната надворешна политика на Финска, и Финска се обидува поактивно да ја восприеми поранешната улога помеѓу Истокот и Западот, која денес е пренесена на едно пошироко поле на влијанија. Пример за ова се поранешниот претседател Марти Ахтисари, кој како специјален пратеник на ОН денес е активен на Косово, и комесарот за проширување на ЕУ, Оли Рен. Вториот, умесно, накусо го изнесе значењето на Кеконен за актуелната надворешна политика на Финска: „Политиката на Кеконен беше одредувачка за денешната европолитика на Финска. Тоа значи да се биде присутен и во тешките времиња на европската интеграција. Кон тоа припаѓа и стремежот да се создаде меѓудржавна организација која би ги оневозможила хегемонистичките стремежи на големите сили. Тоа би значело укинување на стремежот за поставување граничници во Европа, и обезбедување сигурност со отворање на вратите. Денес во евро-

политиката на Финска спаѓа и тенденцијата да се биде на еден од предните фронтови за продлабочувањето на политичката соработка, како и за постепеното и обмислено проширување на Унијата.“.[6]

[6] Olli Rehn: Paasikivi-Seuran Urho-Kaleva-Kekkonen-luento 05.09.2005: стр. 11.

**Abstract**

Urho Kaleva Kekkonen was President of Finland for 25 years during which he shaped Finnish Cold War foreign policy. He managed to keep Finland stable and independent by keeping the balance between Western integration and a special status vis-à-vis the Soviet Union. Establishing a relation of trust with Soviet officials and earning the support of a majority of the Finnish population as well as all main political parties, he became nearly irreplaceable for Finnish politics. An excellent tactician, urban intellectual and people's man at the same time, he developed a rather autocratic style of leadership. By initiating and hosting the Conference on Security and Co-operation in Europe, Kekkonen brought Finland to the focus of an international audience. His achievements can be considered a crucial prerequisite for the country's today foreign policy.

**Библиографија:**

Gawrich, Andrea. „Finnland – Musterknabe in der EU?." Aus Politik und Zeitgeschichte B47 (2004): 16–21.

Rehn, Olli. Paasikivi-Seuran Urho-Kaleva-Kekkonen-luento 5.9.2005.

Törnudd, Klaus. "Finnish Neutrality Policy During the Cold War." (Virtual Finland, 2005) http://virtual.finland.fi (20. November 2006)

Vihavainen, Timo. "Finland's Relations with the Soviet Union 1944 – 1991." (Virtual Finland, 2005) http://virtual.finland.fi (20. November 2006)

# „Политички теории – антика“: Светомир Шкариќ и Ѓорге Иванов

Ненад Марковиќ

*Светомир Шкариќ и Ѓорге Иванов, „Политички теории – антика“, Отсек за политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2006 година*




Книгата „Политички теории – антика“ од авторите проф. д-р Светомир Шкариќ и проф. д-р Ѓорге Иванов конечно излезе од печат во првата половина на 2006 година. Подготвувано во еден подолг временски период, а во издание на отсекот за политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“, делото кое се бави со, веројатно, мисловно најбогатиот период на човековата филозофска и политичка мисла, се фаќа во костец со една сериозна и, пред сè, екстензивна научна обработка на период кој опфаќа повеќе од дваесет векови на човековата политичка и филозофска историја. Методолошки и хронолошки поделена на пет поглавја, книгата претставува истовремено и историографска читанка, зборник на најважните автори на политичката мисла од Кина до Египет и античка Грција, но и учебник наменет не само за студентите од отсекот политички науки туку и за секој оној кој е заинтересиран да се запознае со една дамнешна, но сè уште жива и креативна материја каква што е античкиот свет.

По иницијалниот контакт со делото „Политички теории – антика“, првиот впечаток не се сведува само на амбициозноста на темата која делото ја обработува, ниту на длабочината на филозофско-политиколошките дебати дадени низ специфична историска призма; она што е помаркантно е фактот што дела на македонски јазик со ваква академска и историографска содржина навистина ретко имаме прилика да сретнеме во научната јавност. Имајќи го предвид оскудниот (барем квантитативно) обем на издавање сериозни и научно издржани книги на мајчин јазик во земјава, впеча-

токот дека човек се среќава со книга која претставува храбар обид да се објасни едно од извориштата на модерната европска цивилизација е надополнет со чувството на ретка прилика која му се пружа на читателот, тематски, дидактички и академски.

Хронолошкиот пристап во објаснувањето на античкиот свет, структурално претставен преку четири различни (географски но и филозофски) подрачја, има своја методолошка претходница во првиот дел на оваа книга, кој се бави со објаснување на основните поими, пристапи и периоди на политичката мисла. Со цел да се запази строгиот академски стандард на секое сериозно дело да му претходи методолошко појаснување, првиот дел се однесува токму на основните категории и класификации во политичката теорија, круцијални за добивање појасна слика на она што следи. Утилитарноста на овој дел не е само да ги запознае читателите (а, пред сè, помладата академска публика) со методолошките основи на политичките теории, туку има и цел на општата јавност да ѝ даде сеопфатна слика за фундаменталните дебати преку кои политичката теорија ја доживува својата актуализација. Почнувајќи од предметот и методот на политичките теории, па завршувајќи со периодизацијата на политичката мисла, првата глава дава увид во историските, филозофските и антрополошките основи на политичката теорија, како научна дисциплина, но и како дел од системот на политичката наука чии прапочетоци и процут се објаснети во следните четири поглавја на книгата.

Изворот на политичката и државотворна мисла не би можел да се замисли ако неговите почетоци тематски не се лоцираат во старите цивилизации на Египет и древниот Исток. Ова е токму и тематскиот квантум кој го опфаќа второто поглавје на книгата, во кое се поместени историскиот развиток, најмаркантните автори и филозофските фундаменти на петте големи древни цивилизации: египетската, месопотамската, индиската, кинеската и еврејската. Токму Египет е првата цивилизација преку која може да се проследи специфичната државна структура која ги создала не само грандиозните пирамиди и блескавиот културолошки образец туку и првите облици на социјалната стратификација, иницијалните облици на монотеистичкиот систем, па дури и самиот зародиш на индустриското општество. Од друга страна, месопотамската цивилизација, како една од најразвиените на Блискиот Исток, нуди можност за запознавање со една култура која почива на богата традиција на политичка и јуристичка практика, стара преку дваесет и пет века. Египет и Месопотамија се, секако, лулката на цивилизацијата во овој дел од светот, како што Кина и Индија претставуваат лулка на филозофијата на Далечниот Исток. Токму Индија и Кина, како предмет на интерес на авторите, даваат една комплетна слика за древните цивилизации, пред сè поради нивната филозофска тежина претставена преку главните религиозно-филозофски движења, почнувајќи од конфучијанизмот и таоизмот, па завршувајќи со будизмот и големиот Ганди. Еврејството, пак, специфично е рефлектирано на начин на кој се дава еден темелен приказ на развитокот на оваа цивилизација,

светите списи на Евреите но и нивниот веројатно најголем мислител – Моше Бен Мајмон.

Како логично следство на вториот дел, во третиот дел на книгата следува веројатно најгравидната дебата во која е поместена политичката и филозофска мисла на античка Грција. Поделена во две поголеми тематски целини, грчката култура е објаснета преку своите политички, културолошки и феноменолошки постулати, сплотени во она што е старогрчки идеал за заедницата, видена преку призмата на паидеиа како интегративен поим и сведок за пиететот на оваа култура. Политичките уредувања на Спарта и Атина, обработени во две посебни методолошки единици од авторите, даваат, пак, увид во шареноликоста на политичките обрасци и пристапи во полисите како своевидни клетки на хеленскиот свет во тоа време.

Вториот дел на третото поглавје, целосно посветено на античка Грција, ги опфаќа круцијалните автори во политичката мисла на древниот хеленски свет, кои придонеле за животворнота дебата и чиишто влијание и референтност, се чини, не престануваат да постојат низ епохите на развојот на политичката мисла. Почнувајќи од Херодот, како што и самите автори велат, симболот на „изгревот на политичката мисла“, па преку веројатно најлуцидниот филозоф во историјата – Сократ и неговите верни следбеници Платон и Аристотел, авторите своите завршни разгледи ги даваат низ делата на Демостен и Епикур, како предвесници на крајот на една филозофски пребогата ера. Помеѓу овие антички големци поместени се и не помалку важните Тукидид и Ксенофон, клучни за историјата, релевантни за политиката но важни и како сведоци и хронолози на едно време во кое се напишани *Државата* и *Законите* на Платон, *Политиката* на Аристотел, и во кој е осведочен зборот на Сократ, кој, зачудувачки, без да напише ниту едно дело, веројатно кажал повеќе од сите нив.

Она што е веројатно една од темите кои предизвикуваат позитивна реакција при читањето на делото, е пионерскиот обид на авторите Шкариќ и Иванов да ја објаснат и доловат политичката мисла во цивилизацијата која можеби најмногу ги засегнува луѓето од овие простори – античка Македонија. Поместена во претпоследниот, четврти дел на книгата, античка Македонија за прв пат е посебно обработена од аспект на својата политичка и државна организација, но и од аспект на една провокативна, инспиративна дебата за современите консеквенци на интерпретацијата на изворите на оваа некогаш голема сила. Држејќи научна и лична дистанца од било какви политикантски интерпретации на оваа глава на делото, авторите даваат целосен приказ на почетоците, зенитот, но и пропаѓањето на античка Македонија, преку династијата на Аргеадите, неповторливите Филип Втори и Александар Велики Македонски, па сè до Дијадосите како нивни наследници, со кои и замира големото дело на уште поголемите војсководци на моќната империја. Токму затоа, поради раритетот но и степенот на објективност во интерпретацијата на она што е неизбежно политичко наследство на овие простори, ова поглавје на „Политички теории – антика“ го задржува

вниманието на секој кој смета дека оваа дебата треба и понатаму да се развива.

Конечно, едно дело кое се бави со проблематиката на античките цивилизации и нивниот политички развој и влијание, не може а да не ја опфати и последната во низата на овие цивилизации – стариот Рим. Структурирано по примерот на античка Грција, и последниот, петти дел на книгата „Политички теории – антика“ има свое генерално објаснување на политичкото уредување на античкиот Рим, на римското граѓанство како „политички идеал“, но и на римскиот Форум како симбол на политичката комуникација. Ова е сосема доволен вовед за авторите кои следат во вториот дел, кои се избрани на тој начин да ги рефлектираат сите развојни етапи во римската политичка мисла. Иако првиот од овие автори е латинизиран Грк, Полибиј е логичен почеток на римската политичка мисла, како мост помеѓу грчкиот и римскиот свет, кои секако не се сретнале само преку вкрстените мечови и копја туку и преку размената на идеи и филозофии. Цицерон, големиот оратор и гладијатор, е секако неизоставен, како поради својата реч така и поради својата политичка ориентација, секогаш базирана на силата на законите. И сосема на крај, како големо финале на книгата, сместени се големите хуманисти и космополити Сенека и Марк Аврелиј, кои рефлектираат со аурата на антрополошки оптимизам и ги шират хоризонтите за љубителите на антиката, но и за оние кои се спремни да се заљубат во неа.

Делото „Политички теории – антика“ на проф. Шкариќ и проф. Иванов претставува првенче во смисла на специфичната политиколошка призма низ која се разработува античкиот период. Како секое првенче, оваа книга беше долго очекувана како дидактички, но и како академски материјал. Иако периодот на нејзиното издавање се пролонгираше поради честите интервенции на авторите во текстот и ревизиите од стручните соработници, сметам дека нејзината финална верзија не разочара никого а воодушеви многумина. Во таа смисла, најреално е да се каже дека авторите треба полека веќе да размислуваат за второ, проширено издание.

**Abstract**

“Political Theories – Antiquity” is the latest book of the authors Prof. Svetomir Skaric and Prof. Gjorge Ivanov. Being one of the rare efforts to deconstruct the antique period from a political science point of view, it represents a significant effort, both academically and didactically. The book is divided in five chapters where the first chapter deals with basic categories, divisions, periodization and approaches to political theory. The remaining four chapters include four big eras of political theory such as: ancient civilizations (Egypt, China, India, Mesopotamia and Israel), Greece, Rome but also ancient Macedonia as a separate and specific subject.

# Нов Устав во регионот на Југоисточна Европа

## Се раѓа ли нова зора во уставноста на Србија?

Дејан Павловиќ

Усвојувањето на нов устав го зацврстува правниот поредок на државата. Фундаменталните прашања како што се нацијата, надлежностите, интеракциите (односите) помеѓу институциите како и гарантирањето на човековите права – сите овие нешта се составен дел на овој највисок правен акт. Секако дека уставот претставува и многу повеќе од највисок правен акт. Тој исто така содржи и политички, социолошки и филозофски аспект. Усвојувањето на уставот е свето нешто, почеток на ново поглавје во државноста, и најчесто има значително влијание врз регионот и на меѓународно поле. Целта на овој текст е да го појасни амбиентот од кој произлезе новиот Устав на Србија, да ги претстави неговата структура и содржината, и да даде коментар на некои негови контроверзни одредби. За да се направи проценка на новиот Устав, освен неговата содржина, исто така е важно да се земе предвид и процесот на неговото донесување, особено во денешната ера на демократски општества. Во таа смисла, јас ќе дадам кратко објаснување на главните карактеристики на процесот како целина, вклучувајќи ги тука јавните дебати и кампањите. И конечно, правниот акт треба да се проценува врз основа на степенот на неговата примена и имплементација. Секако дека ова е прашањето на кое ќе можеме да дадеме соодветен одговор само откако ќе помине одреден временски период.

Српскиот Устав беше усвоен во еден мошне сложен амбиент. Земјите во транзиција се соочуваат со големи проблеми, и Србија не беше исклучок во таа смисла. Критичарите на процесот на изготвување на уставниот текст ја потенцираа недоволно демократската процедура за време на пишувањето на уставниот текст и пред усвојувањето на Уставот во Парламентот. Недоволната транспарентност и слабите јавни дебати во оваа фаза на процесот претставуваа „провокација“ за голем број академски луѓе и експерти, а исто така имаше и некои примедби на предложените правни решенија.

Големи беа дискусиите околу тоа дали имаше или немаше јавна дебата за време на уставниот процес. Владата направи сè што може за да објасни дека имаше неколку години дебата и изготвување на десетици предлози од разни политички партии, невладини организации, поединци, и тие беа финализирани во вид на два главни текстови кои произлегоа од кабинетите на Премиерот и на Претседателот на државата. Од друга страна, бројни невладини организации, експерти и медиуми тврдеа дека предложениот уставен предлог никогаш не бил ставен на дискусија и дека беше „чуван во тајност“ сè до денот на неговото гласање во Парламентот. Очигледно беше дека најголем дел од парламентарците кои гласаа за предлогот не беа во можност да покажат дека се запознати со содржината на предлогот, и многумина ниту се обидоа да го скријат фактот дека воопшто не им беше дадена можност да се запознаат со него пред да се случи гласањето.

Од друга страна, главниот аргумент на оние кои се во полза на новиот Устав се заснова на неопходноста од негово донесување, решавајќи со тоа одредени системски недостатоци на претходниот правен поредок и воведување модерни правни решенија. Во основа, и двете страни имаат одредена основа за своите тврдења. Ефектот од остварениот политички консензус беше уставен предлог подобар од претходниот, но со очигледно потфрлање во процесот на неговото донесување – грешки кои можеме да ги припишеме на недоволно созреаната транзициона демократија.

Усвојувањето на новиот Устав исто така се однесува и на сегашниот процес на преговори околу Косово. Меѓународно признат факт е дека предложениот Устав испрати порака до населението во Србија, на Косово и до меѓународната заедница дека независноста на Косово не претставува прифатливо решение за српскиот народ и за неговите политички претставници.

Српскиот Устав усвоен во 1990 година беше еден од најригидните устави на светот. Неговите одредби за измени/амандмани на Уставот бараа одобрение од најмалку две третини од вкупниот број пратеници во Парламентот, по што требаше да следи и позитивен одговор од 50% плус 1 од вкупниот број лица со право на глас. Бидејќи Републичката изборна комисија одреди дека вкупниот број лица со право на глас изнесува 6.637.911, неопходниот минимум беше 3.318.957.

Српското Национално собрание едногласно го усвои уставниот предлог (242 од вкупно 250 пратеници беа присутни и гласаа), и граѓаните исто така се искажаа на 28 и 29 октомври 2006 година на гласачките места. Со вкупно 3.521.724 потврдни гласови, беа исполнети сите барања за усвојување на новиот Устав.

Новиот Устав на Србија беше објавен на *Митровден,* т.е. на 8 ноември, мошне важен датум во српската традиција и претставува 12-ти по ред Устав во историјата на развојот на српската уставност од 1835 година.[1]

Во процесот на усвојување на уставот имаше голем број контроверзни прашања кои се однесуваа на дисконтинуитетот од Уставот од 1990 година (т.н. Устав на Милошевиќ), самиот процес на усвојување (недоволната јавна дебата), пораката која ѝ ја испрати на меѓународната заедница и на граѓаните, и за неговата содржина.

Вреди да се напомене дека после политичките промени во Србија во 2000-тата година, се постигна значителен консензус помеѓу политичките субјекти за усвојување на нов устав. Уставот во 1990 година беше донесен од еднопартиски Парламент како инструмент на Владата создаден со *mala fides (лоша волја)* и злоупотребуван повеќе пати при политичките судири со опозицијата. Уставот содржеше неколку застарени одредби, како што е општествената сопственост, кои претставуваа пречка за економски и политички развој во Србија. Вреди да се напомене дека Уставот од 1990 година никогаш не беше усогласен со сојузниот Устав од 1992 година, со што тој дури и формално беше незаконски/неуставен.

### Преамбула

Уставната теорија ја предвидува улогата на преамбулата како воведен, ненормативен текст кој го објаснува амбиентот во кој уставниот творец ги изготвува одредбите на Уставот, неговите клучни цели и причината.

Фокалната точка на Уставот на Србија (2006) е, без сомнение, Косово и Метохија. Истовремено со моментот на усвојување, постои рационален и легитимен сомнеж да се запрашаме дали Уставот беше цел или само инструмент во процесот на преговори за она што се случува на југот. Секако дека е тешко да се изложат аргументи против неопходноста од донесување нов Устав, како потреба за трасирање на патот на модерна Србија, но, сепак, времето на неговото донесување става одредена сенка врз целокупниот процес.

Освен Преамбулата, Уставот се состои и од 206 членови поделени во 10 поглавја: Принципи, Човекови и малцински права, Економија и јавни финансии, Надлежности на Република Србија, Поделбата на власта, Уставниот суд, Територијалната организација, Уставноста и законитоста, Одредби за изменување и Преодни одредби.

---

[1] Сите претходни устави беа: *Сретењскиот* (1835), *Турскиот устав* (1838), *Намесничкиот* (1869), Уставот од 1888, *Октроираниот* (1901), Уставот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците – *Видовденски* (1921), *Октроираниот септемвриски* (1931), Уставот на Народна Република Србија (1947), Уставот на Социјалистичка Република Србија (1963), Уставот на Социјалистичка Република Србија (1974) и Уставот на Социјалистичка Република Србија (1990).

**Главни принципи**

Уставот ја дефинира Србија како држава на српскиот народ и на другите граѓани кои живеат таму, воспоставена на владеењето на правото и социјалната правда, принципите на граѓанската демократија, човековите и малцински права и слободи, како и нивната поврзаност со европските принципи и вредности.

Главната цел на овие принципи беше да се направи поделба помеѓу српскиот народ и *останатите*. Како одговор на ова решение, можеме да кажеме дека има голем број неконтроверзни устави кои го применуваат сличниот пристап.[2]

Уставот декларира дека суверенитетот им припаѓа на граѓаните кои него го извршуваат преку референдум, иницијативи и избрани претставници.

Владеењето на правото се посочува како незаменлив столб на Уставот, базиран на неотуѓивите човекови права, слободни и директни избори, уставни гаранции за човекови и малцински права, поделбата на власта, независното судство како и органи на власта кои се ограничени со правото и Уставот.

Постојат три степени на власт – законодавна, извршна и судска, врз основа на системот на проверка и рамнотежа (checks and balances).

Српскиот Устав не се разликува од неодамна усвоените устави во регионот во однос на територијата – таа е неделива.

Се воведуваат ново знаме, грб и химна (*„Боже правде“)*. Официјален јазик е српскиот и неговото кирилично писмо, додека употребата на останатите јазици и писма се регулира со закон. Ваквото решение предизвика одредени турбуленции во неодамнешната историја (60 години). Латиницата редовно се користеше заедно и еднакво со кирилицата. Потенцирањето на кириличното писмо во официјална употреба е насочено кон создавање на покомпактна национална националистичка целина.

Србија е секуларна држава, додека црквите и религиозните заедници се одвоени од државата. Ниту една религија не може да се воспостави како задолжителна државна религија.

**Национални малцинства**

Република Србија ги заштитува малцинските права, гарантирајќи посебна заштита на националните малцинства за да се обезбеди целосна еднаквост и заштита на нивниот идентитет.

Било кој вид дискриминација е најстрого забранет, вклучувајќи и учество во јавни работи и делувањето на официјалните лица.

Претставниците на националните малцинства имаат право да воспостават свои сопствени национални совети за да ги вршат своите права како дел од самоуправата во полето на културата, образованието, информирањето и официјалната употреба на јазикот.

**Човекови и малцински права**

Уставот гарантира дека наброените права имаат директно влијание и истите не може да се намалат на пониско ниво. Исто така, загарантирана е и еднаквоста пред законот.

Секој има право на еднаква заштита пред законот, и се забранува дискриминација по било која основа, особено врз основа на раса, пол, национална или социјална припадност, раѓање, верска основа, политички убедувања, богатство, култура, јазик, возраст или индивидуалност.

Списокот и квалитетот на човековите права е во согласност со меѓународните стандарди, додека единствено сè уште постојат дискусии во однос на правата на луѓето кои имаат поинаква сексуална ориентација.

[2] Види, на пример, Главниот закон на Германија и користењето на изразот „германскиот народ“.

**Економија**

Економијата во Србија се базира на пазарното стопанство, на отворен и слободен пазар, слободно претприемништво и еднаквост на приватната и другите видови сопственост.

Во однос на заштитата на потрошувачите, Уставот нуди модерни решенија. Исто така се гарантираат приватната, заедничката и јавната сопственост, додека постоечката општествена сопственост ќе биде трансформирана во приватна.

**Децентрализација**

Јавната сопственост се манифестира во вид државна сопственост, сопственост на автономните провинции и сопственост на локалната власт.

Причината зошто се воведува одредба за јавна сопственост во поглавејто кое се однесува на децентрализацијата, лежи во тоа што Србија се соочи со проблеми при процесот на децентрализација и тоа е во директна врска со уставните одредби. Од 1996 година, српската локална власт не е сопственик на онаа сопственост која таа ја користи во вршењето на нивните надлежности. Сопственик, според законот, е централната власт. За да се реши оваа аномалија, која претставуваше пречка за ефективна децентрализација со негативно влијание врз стапката на инвестиции (најмногу поради сопственоста врз градежното земјиште), беа воведени неколку иницијативи за соодветни законски реформи, но притоа српската Влада секогаш го потенцираше Уставот како пречка за вакви реформи.

Автономни провинции се Војводина и Косово и Метохија. Уставот предвидува дека статусот на Косово и Метохија ќе биде регулиран со Уставниот закон. Може да се воведуваат нови автономни провинции и да се укинуваат постоечките, единствено преку процедура на уставни амандмани и со задолжителен референдум. Провинцијата Војводина има овластувања да ги штити човековите права, да управува со сопственоста на нејзината територија и да има свој сопствен буџет. Дадена е и уставна гаранција дека буџетот на Војводина не може да биде помал од 7% од буџетот на Србија. Од друга страна, политичарите во Србија постигнаа компромис за недавање на Војводина елементи на државност.

**Јавни финансии**

Ново решение во оваа смисла е воспоставувањето на Државно тело за ревизија – највисоко ревизорско тело кое ја врши ревизијата на целата јавна сопственост, а кое е под надзор, и му одговара, на Парламентот.

**Институции**

Парламентот на Србија сè уште се состои од 250 членови со мандат од 4 години. Околу ова прашање имаше големи дискусии и критичарите го поставуваа прашањето дали е рационално да се има толкав голем број пратеници кои се само товар на државниот Буџет.

Претседателот сè уште се избира на директни избори со мандат од 5 години. Ова беше една од најоспоруваните прашања помеѓу двете политички партии кои учествуваа во развивањето на сега донесениот Устав – Демократската партија (која се залагаше за директен избор на Претседателот) и Демократската партија на Србија (која се залагаше за индиректен избор на Претседателот од страна на Парламентот).

Политичарите мошне водеа сметка во однос на содржината на претседателската заклетва која сега содржи и „зачувување на суверенитетот и територијалниот интегритет, вклучувајќи го и Косово". Радикалната партија посочи дека оваа одредба претставува нивен успех и врз основа на тоа организираше референдумска кампања за позитивен исход.

**Вооружени сили**

Уставот ги дефинира надлежностите, ангажманот на вооружените сили во странство како и контролата врз вооружените сили. Воените дејствија се зависни од Уставот и од принципите на меѓународното право. Исто така, постои и пропишана обврска за демократска и цивилна контрола врз армијата. Шеф и врховен командант на Армијата е Претседателот на Републиката.

**Судство**

Врховен суд во Србија претставува Врховниот касационен суд, судиите и судовите се независни како и Канцеларијата на обвинителот.

Судијата на почетокот го избира Парламентот со мандат од 3 години, а потоа Високиот судски совет го/ја избира доживотно.

Една од главните уставни контроверзи кои се однесуваат на судството се одредбите дека сите судии треба да поминат низ процес на повторен избор, што може да се смета како потенцијален обид за лустрација, особено имајќи предвид дека Парламентот е задолжен за истото. Со ова, процесот би можел да зависи од политичките договарања помеѓу партиите во Парламентот, со што на целиот процес би му се нанела штета.

Новиот институт кој го овозможува Уставот со потенцијално големо влијание е *уставната жалба* против акти или дејствија на државните органи и официјални лица.

Уставниот суд се состои од 15 судии со мандат од 9 години.

Заштитувачот на граѓанските права претставува нов институт кој се воведува со Уставот и кој има обврска да ги штити граѓанските права и да ја контролира работата на јавната администрација. Тој му одговара на Парламентот.

**Позицијата на меѓународниот во внатрешниот правен поредок**

Ратификуваните меѓународни договори и општи правила на меѓународното право претставуваат составен дел од внатрешниот правен поредок, но истите не можат да бидат во спротивност со Уставот, што важи и за домашните закони кои исто така не смеат да бидат во спротивност со ратификуваните меѓународни договори и со општите правила на меѓународното право. Ова решение на еден начин претставува чекор назад во споредба со одредбите од Уставната повелба на Србија и Црна Гора која ја признаваше супремацијата на меѓународното право. Таквиот пристап го засилува гарантирањето на човековите права кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори и соодветното меѓународно право, овозможувајќи притоа директен ефект. Претпоставеното теоретско, а веројатно и можно практично, решение на проблемот од Уставот од 2006-тата е дека Уставниот суд на Србија е овластен да ги проценува од правен аспект ратификуваните меѓународни договори.

**Уставни измени / процедура за менување**

Иако можеби на почетокот ќе звучи цинично, голем број аналитичари се согласуваат дека еден од највисоките квалитети на новиот Устав е фактот дека сега истиот е многу помалку ригиден и дека е многу поверојатно тој да биде менуван секогаш кога ќе се укаже потреба од тоа.

**Кампањи за референдуми**

Спроведувањето на кампањи за референдуми може да се смета за еднострано, при што сите политички партии застапени во Парламентот за залагаа за „За“,

Владата употреби значителни ресурси како и сопствениот авторитет во насока на усвојувањето на Уставот како *conditio sine qua non* (*услов без кој не се може)* во однос на просперитетот на Србија, истовремено потенцирајќи дека неусвојувањето би предизвикало огромна штета во преговорите за Косово и знак за недоволна кохерентност на српските политичари. Во неа учествуваа и бројни јавни личности, вклучувајќи тука и голема инволвираност на претставници на Црквата, Академијата на науки и други признати институции. Гласањето се одвиваше два дена и до последен момент не се знаеше дали ќе се постигне доволна излезеност и гласање. Медиумите беа двострани и ги повикуваа гласачите да излезат сè до последните часови пред затворањето на гласачките места. Резултатите покажаа дека повеќе од 45% од гласачите манифестираа големо ниво на недоверба во политичарите. Слично на француските и холандските гласачи, кога се гласаше за ратификувањето на Уставот на ЕУ, гласачите се фокусираа повеќе на проблемите отколку на содржината на самиот предлог. Се покажа дека довербата кај луѓето е мошне слаба.

**Заклучок**

Усвојувањето на Уставот и понатаму останува мошне позитивна работа. Неодамнешниот „развод“ со Црна Гора ја остави Србија во една незавршена позиција. На Србија ѝ беше потребен овој Устав за да го освежи својот „измешан“ правен поредок, да ги прегрупира своите потенцијали и да продолжи со демократските реформи и напорите за ЕУ интеграција кои започнаа по настаните во октомври 2000-тата година.

Демократијата во Србија сè уште претставува кревка билка која бара негување. Афирмативната кампања за усвојување на новиот Устав во голема мера се злоупотребуваше од политичките партии кои со тоа сакаа да започнат предвремени кампањи за парламентарните избори под маската на кампања за референдум. Фактот дека, обединети, парламентарните партии речиси не успеаја да ја поминат долната граница од 50% е доказ за одреден политички нихилизам и претстојните јануарски избори може да претставуваат уште една пресвртница во транзициските напори на Србија. Србија сè уште не е свесно граѓанско општество кои би се покажало како пресудно во донесувањето одлуки за иднината.

Клучни зборови: *Република Србија, Устав, референдум, човекови права, судство*

## Abstract

When the Republic Election Commission declared on October 30th 2006 that 51, 4% of total number of eligible voters in Serbia voted for the adoption of a new Constitution, Serbian constitutionality got new shape. For comprehensive assessment of new Constitution’s strengths and weaknesses wise analyst should wait for its effects. At this point it could be evaluated only on the ground of it provisions on the paper and the process from which it emerged. By introducing several modern constitutional solutions and remedying some grave omissions of its predecessor the Constitution earned some pluses, but the adoption process suffered from democratic deficit, and proved that Serbia still has to do much in building modern democratic society.

# За авторите

**Хајнц-Јирген Акст,** роден 1946 г., од 1995 г. професор по политички науки со главен акцент на Политика на Европа и Европска интеграција на Универзитетот Дуизбург – Есен; од 1998 год. ја води „Катедрата Жан Моне“ по Европско право; заменик претседател на Заедницата за Југоисточна Европа. Од 2005 г. водител на истражувачкиот проект „Решавање на конфликтот со европеизација? Грција и нејзините соседи Македонија и Турција“. Бројни публикации на тема европската интеграција, проширување на ЕУ, грчко-турските односи, членството на Кипар во ЕУ, конфликтите на Балканот, европска регионална и структурна политика.
Контакт:
heinz-juergen.axt@uni.due.de

**Ерхард Бусек** е специјален координатор на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. 1991-1995 г. вицепремиер на Австрија и претседател на Австриската народна Партија. Работел на разни позиции, вклучувајќи ја онаа на генерален секретар на Австриската федерација за трговија и стокова размена; генерален секретар на Австриска Народна Партија; заменик градоначалник на Виена; министер за наука и истражување и министер за образование.

**Анастас Вангели**, роден 1987г. Втора година на Политички студии на Правниот факултет „Јустинијан I“ – Скопје. Автор на повеќе содржини објавени на Интернет; колумнист на „Неделно време“ во периодот јануари-јуни 2006 г. Соработник на весникот „Нова Македонија“. Практикант во Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество – Скопје. Дел од основачкиот тим на New Media Center – Скопје.

**Симон Виганд,** дипломиран социолог, роден 1977. Студии по социологија со политички науки и географија на Универзитетот Дуизбург – Есен; од 2005 год. научен соработник на тамошниот Институт за политички науки. Од 2006 год. соработник на истражувачкиот проект „Решавање на конфликтот со европеизација? Грција и нејзините соседи Македонија и Турција“.
Контакт: simon.wiegand@uni-due.de

**Иванка Додовска,** дипломиран политиколог. Постдипломски студии на Правниот факултет во Скопје, од областа на државно-правната историја на Македонија (од антика до денес); ангажирана како демонстратор на Правниот факултет во Скопје, отсек Политички студии на предметот Современа европска и македонска историја (19–20 век).

**Тања Каракамишева** е доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на научната област Уставно право и политички систем. Докторирала на Правниот факултет во Љубљана, Република Словенија во 2002 година на тема: „Развојот на изборните системи во некогашните социјалистички држави со посебен осврт на Република Македонија“ под менторство на редовниот професор по уставно право, д-р Цирил Рибичич. Како визитинг-професор е ангажирана и на Интердисциплинарните студии по јавна администрација во Битола на предметите уставно право и политички систем. Има напишано и објавено бројни научни и стручни трудови, статии и мислења во домашни и странски публикации, како и учествувано на бројни семинари и конференции. Автор е на четири книги, а коавтор е на неколку факултетски и учебници за средно образование.

**Симонида Кацарска** е магистер по Европска политика, Универзитет Сасекс, Велика Британија.

**Улрих Клепман**, роден е во 1968 г., дипломиран економист, официјален претставник на фондацијата „Конрад Аденауер“ во Република Македонија.

**Ненад Марковиќ,** роден е во 1979 г., проект-менаџер и истражувач во Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество. Магистер по демократија и човекови права во рамките на Европската регионална магистерска програма – демократија и човекови права во Југоисточна Европа во организација на Универзитетот во Болоња и Универзитетот во Сараево.

**Васко Наумовски**, магистер по европски студии на Рајнскиот универзитет Фридрих Вилхелмс во Бон, СР Германија, магистер по меѓународно право и докторант на меѓународно право на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, асистент на Факултетот за меѓународни односи на Универзитетот Њујорк во Скопје.

**Дејан Павловиќ** е роден во Трстеник, Србија, во 1977 г. Магистрирал на Правниот факултет во Белград и поседува ЛЛМ по компаративно уставно право од ЦЕУ Будимпешта. Во моментов работи како асистент на Факултетот за политички науки на Белградскиот универзитет и работи на својата докторска дисертација која се однесува на хиерархијата на нормите. Наскоро ќе започне да предава административно право и правна култура. Вклучен е во процесот на фискална и функционална децентрализација на Србија и има организирано неколку регионални конференции во однос на овие реформски области. Главни полиња на негов интерес се правната теорија, уставното право, децентрализацијата, јавната политика, и повторен ученик во OSI Academic Fellowship Program.

**Ана Пејчинова**, родена 1973 г., докторирала на Карловиот универзитет во Прага во 2002 г. на Катедрата за општа и компаративна

книжевност, Филозофски факултет. Во 2004–2005 г. работи како офицер на Обединетите нации на изборите во Авганистан и Ирак. Во 2006 г. магистрира со почести на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, на катедрата за политичка наука. Досега има објавено повеќе книжевни и научни дела, на англиски и македонски јазик.
Веб страница: http://www.volny.cz/apejcinova/

**Татјана Петрушевска** е вонреден професор на Правниот факултет од областа на меѓународните односи и ЕУ. Дел од нејзината докторска дисертација е надворешната политика на ЕУ. Била член на политичкиот тим за преговори околу Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и ЕЗ.

**Иво Санадер** е премиер на Хрватска. Роден 1953 г. во Сплит, завршил Компаративна книжевност и романски јазици на Универзитетот Инсбрук во Австрија. Беше назначен за премиер по победата на неговата партија, Хрватска демократска заедница (ХДЗ), на општите избори во 2003-та г.. Работел како уредник. 1991 г. станал директор на Народниот театар во Сплит. Во 1992–1993 г. Министер за наука и технологија, 1993–1995 заменик-министер за надворешни работи, од 1995 г. шеф на кабинетот на Фрањо Туѓман, кој го назначи за генерален секретар на Националниот совет за одбрана и безбедност и за член на Претседателскиот совет. Во 1998 г. избран за претседател на ХДЗ.

**Тина Фарни,** родена 1976 г. во Берн, Швајцарија. Магистер по славистика на Универзитетот Базел. Во моментов работи во фондацијата „Конрад Аденауер".

**Борко Ханџиски**, роден во 1979 г., работи како Економски советник во Делегацијата на Европската комисија во Скопје. Завршил Економски факултет во Скопје во 2001 година, а во 2003 година се стекнал со титула магистер по Бизнис администрација од Универзитетот Пердју (Purdue University). Претходно Борко Ханџиски работел во Народна банка на Република Македонија и во Канцеларијата на Светска банка во Скопје.

**Ана Чупеска**, родена 1981 година, постдипломец на меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, демонстратор по предметот политичка социологија, координатор за прва година на политички студии и координатор на проектот „Поинаку за политиката".

**Оливер Шварц,** дипломиран социолог, роден 1976 г. Студии по политички науки, европско право и психологија на Универзитетот Дуизбург – Есен, од 2004 год. научен соработник на тамошниот Институт за политички науки. Од 2005 год. соработник на истражувачкиот проект „Решавање на конфликтот со европеизација? Грција и нејзините соседи Македонија и Турција". Во процес на изготовка на докторската дисертација на тема „Проширувањето како 'над-инструмент'? Кон европеизацијата на Западен Балкан".
Контакт: oliver.schwarz@uni-due.de